УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ

Филозофски факултет

Последипломски студии на Институт за педагогија

# Образовната телевизија и методската организација на наставата во прво одделение

Магистерски труд

Кандидат:
Весна Митаноска

Ментор:
Проф. д-р. Снежана Адамческа

Скопје, 2010 година

## *Содржина*


Вовед во истражувањето........................................................................ 5

I. Теоретски основи на проблемот........................................................... 8

1. Основни тенденции во третманот на личноста на детето – ученик........... 8

1.1. Право на образование кај детето........................................................ 12

2. Медиумска писменост........................................................................ 14

2.1. Развој на медиумите и нивното влијание врз детето............................ 16

3. Дефинирање на поимите – медиум, образовен медиум и образовна телевизија.................................................................................................. 20

3.1. Медиум............................................................................................. 20

3.2. Образовен медиум............................................................................. 22

3.3. Образовна телевизија......................................................................... 23

4. Образовната телевизија и нејзината методска поставеност во наставата 25

4.1. Образовната телевизија во наставата.................................................. 26

4.1.1. Образовната телевизија во процесот на учење.................................. 26

4.1.2. Како телевизијата го промовира учењето.......................................... 28

4.1.3. Како наставниците можат да ја користат телевизијата...................... 29

4.1.4. Како можат телевизиските куќи да ги подржат наставниците............ 30

4.1.5. Краток преглед на историјата на телевизиските истражувања........... 31

5. Влијанието на телевизијата врз детскиот развој...................................... 38

5.1. Телевизијата и слободното време...................................................... 40

6. Телевизиски образовни емисии............................................................. 43

6.1. Емисии наменети за ученици.............................................................. 43

7. Анимација........................................................................................... 45

7.1. Поим за анимација............................................................................. 45

7.1.1. Видови анимација........................................................................... 45

7.2. Цртани – анимирани филмови............................................................ 48

7.2.1. Структура и карактеристики на еден цртан филм............................... 50

7.3. Како се прави анимиран филм............................................................ 51

7.4. Цртаните филмови не се штетни.......................................................... 54

7.4.1. Детската фантазија трпи се........................................................ 57
7.5. Анимираниот филм во наставата........................................................ 60
7.6. Улогата на наставникот во примената на цртаниот филм..................... 62
8. Интегративна настава........................................................ 64
8.1. Дефинирање на појавата, развој и примена........................................ 64
8.1.1. Дефинирање на поимот интегрирана настава и причините за нејзината појава........................................................ 64
8.2. Организација на просторот во интегрираната настава........................ 68
8.2.1. Карактеристики на училишниот простор во одделенска настава...... 68
8.2.2. Дефинирање на поимот развој........................................................ 70
8.2.3. Когнитивно – развојните карактеристики на шестгодишни деца....... 73
II. Методологија на истражување........................................................ 76
1. Предмет, цел и карактер на истражувањето........................................ 76
1.1. Предмет на истражување........................................................ 76
1.2. Цел на истражувањето........................................................ 78
1.3. Карактер на истражувањето........................................................ 78
2. Задачи на истражувањето........................................................ 79
3. Истражувачки прашања........................................................ 80
4. Варијабли на истражувањето........................................................ 81
5. Методолошки приод........................................................ 82
5.1. Методи, техники и инструменти на истражување................................ 82
6. Популација и примерок........................................................ 84
7. Анализа и интерпретација на податоците........................................ 85
8. Организација и тек на истражувањето........................................ 86
III Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето.................... 87
1. Анализа на годишниот – глобален план за прво одделение во деветгодишно образование во учебната 2009/10 година – Скопје.............. 87
1.1. Заклучни согледувања........................................................ 96
2. Анализа на податоците добиени од опсервацијата на воспитно – образовниот процес во паралелката I-3 деветгодишно образование – основно училиште „Петар Поп Арсов“ , Скопје........................................ 99

2.1. Заклучни согледувања........................................................................ 136
3. Анализи и интерпретација на податоците добиени од полуструктуираното интервју........................................................................ 138
3.2. Заклучни согледувања........................................................................ 142
IV. Користена литература........................................................................ 144
ПРИЛОЗИ........................................................................ 146

# Вовед

Брзиот развој на науката и техниката, компјутеризација на голем број дејности од научен интерес, мултимедијалниот приказ на настаните и личностите се важен фактор на сите општествени појави и процеси. Се она што се случува во општеството како глобален систем има влијание и врз компонентите на тој систем. Еден од тие компоненти е воспитно – образовниот систем каде што воспитанието и образованието како историски променливи општествени категории се менуваат во зависност од промените во општествениот систем.

Како што вели др. Ј. Ѓорѓевиќ: *Научна техничката револуција*[1] – *претставува најзначаен општествено – историски – процес во втората половина на нашиот век и се состои од три суштествени елементи: производство, наука и образование.* Од ова се констатира дека образованието треба да ги образува процесите, промените кои се случуваат во производството, технологијата и науката, но да претставува и активен фактор, фактор на прогресивните промени, кои пак ќе влијаат врз забрзувањето на научно технолошката револуција.

Но факт е дека образованието и неговото подрачје, секогаш се развивало поспоро, па се доаѓа до противречност меѓу научно – технолошката револуција и образованието. Сите сознанија што доаѓаат со голема брзина, тешко е да се усвојат, па потребно е многуте информации, кои ги нуди научно – техничкиот развој, селективно да се усвојуваат во воспитно – образовниот систем. Но како тоа да се направи? Одговорот го наоѓаме во примена на современа образовна технологија, која потекнува од вртоглавиот раст на науката и техниката.

Од анализа на современата образовна технологија се покажува дека таа нуди такви можности, да може во најголема можна мера да го стимулира природниот тек на наставниот процес, ги користи

[1] Ѓорѓевиќ, Ј. (1988), *Утицај - научно - техничке револуције на промене у школи и на улога наставника*, Педагошка стварност, Нови Сад ,стр.60

индивидуалните и самостојните начини и облици на учење и може да создаде такво интелектуално опкружување во кое секој ученик може да напредува во онаа мера во која му овозможуваат неговите способности, интереси и знаења. Нејзината основна улога, цел и оправданост во примената се состои во тоа да ја зголеми ефикасноста на наставниот процес, а од тука се подразбира и зголемување на квалитетот, но и квантитетот на учењето кај учениците, зголемување на можностите за делување на наставниците врз учениците во образовна и воспитна смисла и намалување на времето за учење за да би се постигнале поставените образовни цели.

Токму од сите карактеристики што ги нуди современата образовна технологија, произлегува и иницијалната мотивација за темата на овој магистерски труд. Медиумите (особено електронските медиуми) како извор на знаења, како дел од образовната технологија, предизвикуваат голем интерес за нивно проучување и детално анализирање. Тие се јавуваат како преработувачи и доставувачи на информациите се со цел информацијата да ја направат лесно прифатлива за онаа популација на луѓе за која е наменета.

Во разработката на трудот, кој има теориско-емпириски карактер, се задржуваме на теоретската обработка на: електронските медиуми, образовната телевизија, на анимираниот филм-како електронски медиу-како современо наставно средство, со анализа на неговиот воспитно-образовен потенцијал, функција и влијанието што го има на методската организација во наставата, со што се овозможува интензивирање и осовременување на истата. Ова истражување има потреба да се спроведе, бидејќи ќе даде увид во новиот пристап на работа, со помош на анимираниот филм, како извор на знаењата и како нова стратегија во реализација на воспитно – образовните цели. Сметам дека има потреба повеќе да се нагласи функцијата на анимираните содржини во одделенска настава, особено при интегративното планирање на истата, бидејќи доволно не е истражувана, како појава. Оваа новина почнува да заживува во практиката и последиците од неа се добивање на квалитетно

образование. Со помош на оваа новина, се создава нова средина за учење, заснована на взаемна почит и демократски принципи, се овозможува тимска работа помеѓу наставниците и учениците и се создава правилен развој на детето од сите аспекти на развојот.

Во првиот дел од магистерскиот труд, се разработени теоретските основи на проблемот, се дефинирани неговите основните поими и значења. Во вториот дел е преставена методологијата на истражувањето, по што следи извештајот за текот и резултатите од спроведеното емпириско истражување. Во истражувањето беше применета студијата на случај за добивање на изворни информации, по однос на методската поставеност на анимираниот филм. Извршена е анализа на наставата, со целосна интерпретација на резултатите. Дадени се и заклучни согледувања, прилози од наставни ливчиња, ликовни творби од учениците, протокол за набљудување и на крајот од трудот следи користената литература.

Се надеваме дека со овој магистерски труд, ќе направиме еден мал чекор, во намерата, одделенските наставници, да ги користат анимираните содржини во наставата и тие да постанат дел од една современа училницата, каде учат и живеат, првооделенчиња.

# I. Теоретски основи на проблемот

## 1. Основни тенденции во третманот на личноста на детето

*„Гледајте го растежот на децата со отворени очи, зошто за иднината ни се потребни здрави, образовани генерации, со нагласени морално, етички вредности на личноста“*[2].

Се согласуваме со тоа дека детето треба да го гледаме со отворени очи, затоа што ако не го гледаме, тоа ќе го напушти вистинскиот пат, патот кој води кон иднината, растот, развојот, кон негово изградување како личност.

На 20 ноември, 2009 година, глобалната заедница ја славеше 20-годишнината од донесувањето на *Конвенцијата за правата на детето.* Најшироко ратификуваниот меѓународен договор за човекови права во историјата, 54-те одредби на Конвенцијата и нејзините Опциони протоколи, ги артикулира севкупните граѓански, политички, културни, социјални и економски права на сите деца врз основа на четири клучни принципи: недискриминација, дејства преземани во најдобар интерес на детето, правото на живот, опстанок и развој и почитување на гледиштата на детето во согласност со неговата возраст и зрелост. Овие принципи се патоказ на дејствата на сите чинители, вклучувајќи ги и децата, во остварување на нивните права на опстанок, развој, заштита и учество.

Потпишана од секоја земја во светот, а тековно ратификувана како закон во сите земји, освен две, Конвенцијата и нејзините принципи се вкоренети во националните и локалните законодавства.

Севкупното значење на Конвенцијата во значителна мерка ги надминува нејзините законодавни импликации, како и директните дејства за поддршка на правата на детето што ги негува[3]. Договорот помогна да се измени и ставот кон детството, дефинирајќи ги минималните стандарди за

---

[2] *„Декларација од меѓународниот конгрес за детски права“*, Скопје, 9-14 Мај, 2003

[3] *Милица Панова, Заштита на децата во Република Македонија, стр. 3*

третман, нега, развој, заштита и учество на кои има право секој поединец на возраст под 18 години. Членовите на договорот засилуваат едно заедничко разбирање меѓу општествата дека за да се остварат правата на децата нужно треба да се заштити детството како период различен и одвоен од зрелото доба, да се дефинира времето во кое децата можат да растат, учат, да си играат и да се развиваат.

Исконска цел на постоењето на човекот, неговата сегашност и иднината се поврзани со децата, суштества кои го осмислуваат и обновуваат животот. Го започнуваат животот на овој свет голи, единствени со прекрасната убавина и совршеност на сопствената голотија. Оригинален начин да се зачекори во животот, во непознатото и во иднината. Само младоста може да ја разубави иднината.

Пораката на малиот Бушавко од заштитниот знак на ПДАС „Меѓаши" од Скопје, има исто значење, а таа гласи: *„Ние сме иднината"*

А, иднината во Република Македонија судбински е поврзана со животот, здравјето и развојот на околу 600 илјади граѓани до 18 години старост кои имаат статус на дете и ја претставуваат младоста на оваа држава, најубавиот дел од општеството, нашата радост, среќа, обнова и иднина.

Тивка едноставност за значаен дел од нашата суштина, за постоењето на една земја со впечатлива историја, култура, уметност и жилавост во опстојувањето на просторот низ вековите и во исто време таква незаинтересираност и негрижа, како што никогаш повеќе не се покажало за своето единствено и трајно богатство - децата.

Човекот создавал вредности, стекнувал имот и богатство, го губел или не, односно го оставал по себе, меѓутоа децата биле секогаш негови, огледало на неговото постоење и неговата иднина.

Здравото потомство е богатството на секого, па и на оваа држава. Некаде во желбите и приоритетите на секој поединец се загуби дел од нас во себичноста да се проживее подобро, да се постигне повеќе во професионалниот развој, да се биде богат и славен. Заборавивме на нашите најмлади и нивните вистински потреби во развојот, на нашите

гранки и млади ластари. Почнуваме да наликуваме на старо дрво на кое му се гледаат повеќе корењата, отколку лисјата на гранките.

Каде грешиме?

Грешките во развојот на младите генерации оставаат трајни последици врз развојот на нашата иднина. Дали направивме сè што треба во системот на заштита на правата за децата, во обезбедувањето на нивниот развој, или пак само направивме неколку чекори и застанавме, дали нè сакаат и почитуваат, ќе останат ли со нас или ќе заминат, како што се изјаснуваат, ќе живеат ли со нас и ќе го делат ова мало парче земја без да размислуваат дека некаде таму е подобро за нив?

Со секое заминување на некое дете по патот во невратот, одлетува и дел од нашата младост во неврат, таму каде што сонцето не ја грее нивната душа, ама и нашата.

Ова аналитичко согледување на состојбите во градењето на заштитата на децата нема за цел да одговори на широкиот дијапазон прашања поврзани со заштитата на децата, туку да поттикне расправа и да придонесе во изборот на соодветни решенија и мерки за збогатување на животот на децата.

Детето - ученик секојдневно го привлекува нашето внимание, тоа е во нашите мисли, го следиме, гледаме фотографии, слушаме, читаме за него. Тоа несомнено е така уште од многу одамна, поимот, *дете* да биде тема на размислување, полемики, разговори, договори. Вниманието кон него било насочено од различни аспекти, во однос на развојот: психологијата, педагогијата, учењето, воспитанието, образованието.

Детето-ученик и денес го привлекува нашето внимание со мошне интересни, актуелни, обемни или потесни прашања. Прашања кои бараат од нас посветеност, работа, истражувања за нештата да бидат подобри. Тогаш треба да бидеме свесни дека ние секогаш живееме во времето во кое живееме, а не во некое друго време и токму сегашноста треба да ни биде насока, поттик, предизвик за да можеме работата да ја извршуваме сега, но и во иднина.

*Денешното училиште е место каде што детето живее. Промените што сега доаѓаат во нашето воспитување значат поместување на тежиштата. Тоа е промена, револуција слична на онаа на Коперник, кога астрономското седиште се поместува од земјата кон сонцето. Во овој случај детето станува сонце околу кое се движат воспитните средства, тоа е средиште околу кое тие се организираат (училиштето и општеството 1899)*[4].

Врз основа на овој став се доаѓа до сознание за природата на слободата кај учениците. Ученикот ја покажува индивидуалноста преку отсуство на надворешното наметнување на правилата на однесување, па таа индивидуалност му овозможува да учествува во такви активности во кои ќе ја изразува својата креативност. Детето во училиштето е центар на сите случувања и тоа ја дава смислата на воспитно – образовниот процес. Слободата му дава можност за физичка активност, бидејќи целиот процес на истражување во наставата е неспоив со ограничување на движењата. Само тогаш кога детето ќе го ставиме во центарот на воспитно – образовниот процес, тогаш тоа ќе знае како да живее и како учењето да го поврзе со патеките на животот. Тоа е суштество кое не е создадено само да слуша, гледа туку напротив, треба да му се создадат услови во кои ќе делува и ќе ги следи своите инстикти, интереси и мотиви. Активноста е основна особина на детската личност. Таа е дел од детската природа, па затоа треба таа активноста да се искористи, само со помош на организиран училишен живот кој е близок до нив. Денес детето е центар на сите случувања, па затоа треба да се искористи оваа положба и целиот нивен воспитно – образовниот потенцијал.

[4] Миовска - Спасева, С. (2005), *Прагматистичка педагогија и основното образование*, Скопје, Селектор, стр. 65

## 1.1. Право на образование кај детето

Единствениот фактор кој има непроценливо значење за развојот на личноста на детето е образованието. Тоа има влијание и врз животот на општеството, бидејќи образованите луѓе се клучот за поубав и почовечки живот во него, клучот за економски, социјален и културен развој. Бидејќи живееме во време на нова технологија, напредок, иднина која ветува, треба малку или воопшто да не зборуваме за сиромаштијата. Но фактите говорат нешто друго, таа се уште постои и е присутна. Од тие причини сите држави во светот прават напори да направат чекор кон намалување на сиромаштијата, чекор кон образованието, образование достапно за сите. Државите знаат дека образованието не значи право само за себе, туку врз основа на тоа може да ги има и ужива другите права. Вниманието и понатаму е насочено кон потребата од основно образование.

Светската конференција за општо образование, одржана во Јомтиен во Талјанд, 1990 година, го дефинира основното образование како: есенционално средство за учење (како што се писменост, усмено изразување, собирање и решавање на задачи) и основни содржини за учење (како што е знаењето, вештините, вредностите), кои се потребни на луѓето за преживување и за потполн развој на нивните способности за достоинствен живот и работа, за потполно учествување во развојот, за подобрување на квалитетот на животот и за донесување правилни одлуки.

Десет години подоцна, оваа дефиниција и целите поврзани со неа, уште се важен и постојан предизвик на светската заедница, иако многу од ветувањата од Јомтиен, се неисполнети и се уште не им се гледа решение.

И во деценијата после Јомтиен, успехот на глобалните конференции и извештаи за социјалниот развој, дале нова сила во убедувањето дека се присутни процесите на учење, неопходни за постојан човечки развој. Ова пред се, се однесува на Светскиот самит за деца во Копенхаген, Пекинг, Каиро и Хамбург.

Тргнувајќи од меѓународните документи ќе го споменеме Планот на делување од 2000, Дакар, во кој се наведува целта, да се спроведе,

оспособи и даде овластување на потребите на основното образование се до 2015 година. Планот се темели на едно едноставно тврдење дека „*политиката на основното образование претставува камен темелник на човековиот развој и мора да биде широко подржана со правилно, одговорно управувани средства* “[5].

Во контекст на овој иден план се наведуваат неколку точки кои се однесуваат на основното образование, но и на нештата кои се посредно или непосредно поврзани. Ќе се задржиме на некои од нив во кои се вели дека.

- Треба да бидеме свесни за важноста на основното образование, вклучувајќи го и правото на едукација како дел од човековиот развој во сите сектори,
- Висока свест за превземените обврски на власта и државното водство во општествената заедница околу препознавањето на потребата за осносно образование за сите, деца, млади и возрасни,
- Отстранување на сите видови на дискриминација,

Новите истражувања и иницијативи за развој можат да упатуваат до општествата, како непрекинато да ги прифаќаат, збогатуваат и надгледуваат системите на основното образование.

Во една од поважните оперативни цели во Планот на делување се вели... „ *Основното образование е дел од политиката за искоренување на структуралната сиромаштија. Универзален, слободен пристап, сигурно и благотворно окружување во стекнување на основните знаења и можност на основното образование, за сите деца на училишна возраст, вклучувајќи ги најсиромашните и најзапоставените*“[6].

Тоа значи дека како задача се поставува и упатува до сите држави праведен пристап во основното образование и негово довршување за сите до 2015 година.

---

[5] *План деловања Дакара*, Образовање за све, Дакар 2000, стр. 8
[6] *План деловања Дакара*, Образовање за све, Дакар 2000, стр 20

## 2. Медиумска писменост

*„Ние мораме да избегаме од размислувањето што медиумот им прави на луѓето и да го замениме, со тоа што луѓето прават со медиумот (James Halloran)".*

Поимот *медиумска писменост* е дефиниран на Конференцијата за медиумска писменост, 1992 година (National Leadreship Conference on Media Literacy, 1992) како *„способност на пристап, анализа, оценување и емитување на некоја порака со посредство на медиум".* Дефиницијата е насочена на концептот за медиумска писменост која тргнува од *медиумот како позитивен извор на информации и забава, а преку која треба да се усвојат многу различни знаења и вештини*[7].

Развиените општества не им дозволуваат на поединците, самостојно да се грижат, сами да се снаоѓаат и да ги стекнуваат тие знаења, туку ги потикнуваат различните општествени стратегии за медиумско описменување, следејќи ги позитивните меѓународни препораки и примери. UNESCO, уште од седумдесетите години го започнал прашањето околу медиумското образование. Идејата ја основале на важноста која медиумите ја имаат во животот на поединците и семејствата, па побарале да на меѓународно ниво се соберат, научници кои би ги истражувале начините како медиумите да се употребат во образовните системи во сите развиени, па и помалку развиени држави. Со потпишувањето на декларацијата за медиумското воспитание од 1982 год., до денес, концептот до некаде се менува, но остана на онаа основна идеја – комуникациски правила кои произлегуваат од основните човекови права што се заверени во документите на меѓународната заедница, понапред наречена *„Повелба за обединетите народи за човековите права" – 1945* и *„Европската конвенција за заштита на човековите права и темелна слобода" – 1950 год.* Конвенцијата на UN за правата на детето од 1989 год., бара во медиумската политика како и образовната и културната, да се посвети

[7] Nada Zgrabljik, Rotar 2005, *Medijska pismenost I civilno drustvo*, Media Centar, Sarajevo, str 1.

нужно внимание во медиумските и комуникациските права на детето. Во член 13, во конвенцијата се бараат правата на децата на учество во медиумите, право безограничување да ја изразуваат идејата, со посредство на медиумите во нејзините различни форми – писмена, усмена, уметничка форма или на било кој друг начин, како и правото на заштита во неговата приватност. *Наспроти строгото дефинирање на етичките права на децата, медиумите во секојдневието ги кршат, па е прашање колкава е етиката на медиумите, особено во новинарството*[8]*, затоа се бара од владите на сите држави, да ја препознаат важноста на медиумот во животот на децата, во нивниот правилен психички, физички и општествен развој и поради тоа да создадат закони така да медиумите да бидат, извор на корисни содржини, корисен партнер во воспитувањето на децата.“* Од искажаното се потврдува фактот дека медиумската писменост е мултимедијална, таа бара развивање на когнитивните, етичките, естетските и филозофските вештини и знаења, за да медиумските кориснинници, би имале поголем надзор над медиумите и поголемо знаење за начелата, преку кои медиумите делуваат.

Современата технологија постојано бара нови можности во медиумската индустрија и бара постојано нови потреби за поголеми вештини кај медиумските корисници. Не само комјутерите, туку и останатите медиуми- телевизиските приемници и новата дивиди технологија, дигиталните фотоапарати и камери, сателитски програми и друго, бараат одредено знаење за технологијата и начинот на користење што значи постојано медиумско описменување. *Интерактивната телевизија и интернет радиото, поевтините и побрзи верзии на своите предци- радио и телевизија, донесуваат нови предизвици и се прилагодени на новите потреби на корисникот, но бараат и нови знаења за нивно користење*[9].

Медиумската писменост значи разбирање на специфичен симболичен начин на поедини медиуми. Тоа се „нови јазици“, кои делуваат

---

[8] Nada Zgrabljik Rotar 2005, *Medijska pismenost I civilno drustvo*, Media Centar, Sarajevo str 5.

[9] *http//:radio.about.com/library*

во составот на националните јазици- филм, радио, телевизија, а нивната граматика ни е непозната. Секој од нив, ја кодира реалноста на различен начин, секој во себе крие единствена метафизика. Тие јазици ја комбинираат уметноста и музиката, јазикот и гестикулациите, реториката и бојата, преферирајќи ја симултаноста на визуелната и звучната слика. Поради тоа медиумската писменост мора да ја вклучи и естетската димензија, потоа учењето за „ говорот и реториката" како составен дел на медиумската содржина, порака и култура.

Медиумите не се штетни ниту корисни, но можат да бидат и едно и друго. Иако јавноста најчесто се занимава со опасната и штетната страна на медиумите, претераното насилство, стереотипите, итн., тие можат да бидат и корисен извор на забава и информации. Двата начина влијаат на опшествената социјализација и обликување на идентитетот на децата и возрасните.

Сите држави во своите медиумски, културни и образовни политики, се должни да ја почитуваат *Конвенцијата на UN за правата на децата*. Исто така државите се повикуваат, да ги почитуваат меѓународните декларации и препораки, кои се темелат на истражувањата во медиумите и медиумското влијание.

## 2.1. Развој на медиумите и нивното влијание врз детето

Дваесеттиот век е век на феноменален раст и развој на нови видови на медиуми. Во почетокот на дваесеттиот век, филмот, радиото, весниците, биле медиумски форми во кои децата имале пристап, иако ограничен. Од почетокот на 1940 година, па до крајот на 20-век, детските медиуми се прошириле на телевизијата, на снимената музика, видеокасетите, електронските игри, интерактивните компјутерски софтвери, како и на интернетот. Верзиите за медиумите, како стриповите и детските списанија, исто така, се прошириле во текот на овој период, иако не во истата забрзана стапка како визуелно -електронските медиуми.

Комерцијалната телевизија дебитирала во 1941 година и иницирала нова ера на медиумско влијание. Еден од првите документирани примери за ефектот на рекламирањето во медиумот, било воведување, во 1952 година, на телевизиските реклами за г-дин Potato Head, играчка произведена од фирмата Hasbro. Бруто продажбите биле повеќе од 4 милиони евра, во првата година, од телевизиското рекламирање.

Образовната програма, првенствено понудена во јавните телевизиски станици, била следната патека на телевизиското влијание врз децата. Во пошироката дискусија водена околу влијанието на медиумите врз децата, образовната програма била избрана како прв значаен извор на најзначајните и долготрајните позитивни ефекти во развојот кај детето.

*Пионер во образовната програма, била детската телевизиска работилница, основана во 1968 година од страна на Joan Ganz Cooney, Lloud Morrisett и др.*[10] Програмата произведена од страна на детската телевизиска работилница била иновативна и добро примена од страна на јавноста, а станала модел и за другите образовни програми како во медиумите и во училиштата.

Во текот на 1980-тите и 1990-тите години, невиден раст се случил во областа на компјутерската технологија, што резултирало со зголемување на достапноста на компјутерите кај децата во своите домови и во училиштата. Подобрениот пристап кај децата, резултирал во проширеното влијание на медиумите врз децата, со нови интерактивни елементи кои претходно не биле видени во медиумите.

Во текот на овој ист период, медиумите навлегле во трансформација, која се карактеризирала и со зголемена употреба на насилно однесување. Оваа промена била очигледна во филмовите, телевизиските програми, музичките стихови, видео-игрите, цртаните филмови и списанијата. Имало и негодување од родителите и засегнатите возрасни кои се противеле на изложеноста на децата на содржини кои не се за нивна возраст. Во обид да се известат возрасните кои вршат надгледување на изложеноста на децата

[10] http://education.stateuniversity.com/pages/2212/Media-Influence-on-Children.html

од медиумите, се формираат категории за рангирање на медиумските содржини. Категориите се користат за етикетирање на филмовите, ТВ програмите, музиката и јазикот. Иако служат за информирање на јавноста, прашање е до кој степен децата се навистина погодени од нивната имплементација.

Постојат две важни прашања, кои мораат да бидат вклучени во дискусијата за медиумите и нивното влијание врз децата, особено кај оние од помалата возраст. Првиот фактор, е наречен *медиумска писменост*-упатен, од страна на Рене Хобс[11]. Хобс тврди дека:

*Само затоа што нашите деца можат да ги користат медиумите и технологијата не значи дека децата се ефективни во критичната анализа и оценка на медиумските пораки.* Со ова се укажува дека децата треба да имаат вештини во врска со она што го гледаат, слушаат и читаат. Често тоа се нарекува медиумска писменост и овој поим вклучува способност критички да се анализираат медиумските пораки и способноста да се користат различни видови на комуникациска технологија за самоизразување и комуникација.

Второто прашање се однесува на факторот што може да влијае врз учениците кои се под влијание на медиумите, а тоа е родителскиот надзор, во медиумската изложеност на децата. Американското министерство за образование и Канцеларијата за образовни истражувања објавила во 1994 година дека: *Родителско набљудување е клучен фактор, бидејќи истражувањето покажува дека зголемувањето на надзорот од родителите е важен исто како и намалувањето на насилството во медиумите.* Учениците може да добијат негативни вредности и однесувања на модели и од многу други искуства, како и од телевизиските програми, па родителското водство е потребно за да се помогне од овие влијанија и да ја развие способноста, децата сами да донесуваат свои одлуки,

Важен дел во развојот на медиумската писменост е и развојот на вештината кај детето која може да се зголеми преку родителските совети, а таа вештина е способноста на детето да прави разлика меѓу реалноста и

[11] http://school.newsweek.com/pages/extra_media_literacy.htm

фантазијата во медиумиските пораки. Децата не се во можност да направат разлика без помош на возрасните што резултира со збунета перцепција на фантазијата или реалноста. Но, со соодветна возрасна насоченост, тие можат да научат да критикуваат она што тие го видиле и да можат да прават разлика во изборот на медиумите.

# 3. Дефинирање на поимите - медиум, образовен медиум и образовна телевизија

## 3.1. Медиум

Поимот медиум, е поширок од поимот „медиуми на масовната комуникација“ .Тој може да се дефинира во неколку значења. Различно се толкува во зависност од научното подрачје или општествено подрачје. Во комуникациска гледна точка, медиумот е во основа техничко или физичко средство за претварање на пораките во сигнал, кој што може да се испрати преку канал.

John Fiske (Џон Фиск,1995), прави разлика помеѓу презентерски медиум (глас, лице, тело), кој е ограничен овде и сега, затоа што медиумот е сам по себе комуникатор; репрезентациски медиум (книга, слика, фотографија), кој се користи со културните и естетските конвенции за создавање на комуникациски дела; механички медиум (телефон, радио, телевизија), кој се однесува како презентерски, така и како репрезентаторски медиум, а категориите се изведуваат на основа на меѓусебните разлики.

Biti, (Бити, 1997), слично на тоа смета дека поимот може да се дефинира на барем 4 начини[12]:

1. Во *философска смисла* кога медиумот означува комуникација: аудио, визуелни, допирни т.е. нивниот меѓусебен однос (интермедијалност),
2. Во *физичка смисла* кога медиумот значи материја со помош на која се изразува некоја нова порака: камен, боја, тон, јазик,
3. Во *технолошко значење*, во кој медиумот означува средство за посредување помеѓу знаковното производство и потрошувачката,
4. *Социолошка смисла*, во која медиумот е разбран, како институциско-организациска рамка на комуникација, па се говори за, господарство, политика, наука, развој...

[12] Nada Zgrabljik Rotar 2005, *Medijska pismenost I civilno drustvo*, Media Centar, Sarajevo str 3.

Научниците, од било кој аспект, да го дефинираат поимот медиум, секогаш нагласуваат дека тој е средство за комуникација. Потребно е да го најдеме неговото изворно значење за нештата да станат појасни и поприфатливи за разбирање.

Поимот медиум доаѓа од латинскиот збор *медиус,* што значи средина, па означува средина или збир на настани во кои нешто се случува; тоа е личноста која може да биде посредник, помеѓу нешто и некој; тој е материја, носител на енергија било во конкретен работен процес или во духовна смисла, т.е. средство за масовна комуникација. Комуникациските науки и медиумската писменост, како дел од таа наука, го истражуваат поимот медиум и неговото значење во составот на масовното комуницирање. Така, Janowitz (Јановиц, 1968) масовната комуникација ја дефинирал како *поим кои ги опфаќа институциите, (радио, телевизија, филм) и техниките со помош на кои специјализираните стручнаци ги користат технолошките средства за дисеминација на симболичката содржина кон широко распространетиот аудиториум*[13]. Оваа опфатеност ја нудат масовните медиуми кои се друштвени институции, кои непристрасно, моментално и јавно посредуваат со големи, хетерогени и различни содржински информации. Тие се форум на јавниот збор во општеството, како посредници помеѓу власта и јавноста, како исправно би се формирало јавното мислење меѓу граѓаните. Масовната комуникација ја интересираат изворите и примателите, функцијата и целите, каналите и кодовите, сите тие како последици на комуникацијата и при тоа земајќи во обзир дека секој медиум реалноста ја кодира на друг начин и во таа смисла има влијание до изедначувачки степен на содржината на комуникациската порака. Медиумот не е само плико во кое се носи писмо, туку е сам по себе дел од тоа писмо, вели Carpenter (Карпентер, 1991), парафразирајќи ја познатата McLuhanova теза „медиумот е порака“! Во секој медиум за масовна комуникација, содржани се и други медиуми (презентаторски-медиум, глас, говор – или репрезентациски медиум, слика, содржани во

[13] www.interact.uoregon.edu/medialit/mlr/readings/articles/glossary

механичките медиуми – радио, телевизија). Медимите се разликуваат во моќта на искажувањето, но и во влијанието врз публиката.

Терминот медиум може да се анализира и *од психолошко – педагошко, социолошко, лингвистичко, сениолошко, логичко, информациско, антрополошко, кибернетичко и техничко гледиште, со што се укажува на сложеноста на неговата содржина и разновидност на значењата*[14]. Во педагогијата со помош на него се означуваат разни видови на педагошки и информациони делувања како на пример; медиско воспитување, медиско истражување, медиска педагогија, дидактика на медиумите, и други термини. Терминот медиум опфаќа широко поле на примена и се користи во различни контексти. Така постои медиска: дидактика, учење, теорија, анализа, критика, пракса, психологија, социологија, политика и др. Тој може да се користи како именка и како придавка и да опфаќа широка област на човекови делувања од едностави комуницирања во *четири очи,* до комуницирање со луѓето од целиот свет, со разновидна техника и уреди.

Бројот за дефиниции за медиумот е голем и повеќето се зависни од начинот на размислувањата кај различните автори. Поимот може да се толкува како средство за учење, средство за контрола, идеолошко средство, производ, средство за самостојно учење, посредник. Медиумот може да се толкува како помошно средство кое се користи за пренос и трансформација на информацијата, од предавателите до приемниците.

### 3.2. Образовен медиум

Многу средства често се наведуваат како образовни медиуми. Проблемот настанува како да се обидеме да знаеме дали некое средство е наставен медиум или не е. Поради тоа потребно е да ги пронајдеме основните карактеристики на овој поим и да утврдиме што треба едно

[14] Даниловиќ. М., 1996, Савремена образовна технологија, увод у теориске основе, Институт за педагошка истраживања, Београд, стр.20.

средство за да постане образовен медиум. Сметаме дека тоа е така кога ги исполнува следниве услови:

- *ако неговата примарна употреба се однесува на образовниот процес и се користи за наставни потреби во учењето.*

- *ако се користи за да помогне на целовкупниот образовен процес*[15].

Сметаме дека ниеден медиум сам по себе не може да ја носи ознаката образовен медиум, доколку за неговото користење и примена не се обезбедат соодветни методи, постапки и организација за работа, соодветен образовен софтвер кој со него ќе може да се презентира образовната содржина. Медиум може да се нарече било кое средство кое се користи за трансформација на информацијата меѓу личностите. Меѓутоа самата употреба не го чини едно средство, наставен медиум, бидејќи секое средство може да се користи и за други потреби. Средствата постануваат медиуми само тогаш кога се поврзува со луѓето, наставниците, режисерите, глумците, новинарите и сите други автори кои создаваат содржина која се емитува преку него.

Образовен потенцијал носат и други видови телевизиски програми, а не само тие кои ја носат придавката *образовни* во својата определба. Тоа се емисии од општествениот живот, научни програми, документарни емисии, разни културни манифестации, како и сериски и играни филмови со корисна порака.

## 3.3. Образовна телевизија

Пред да се премине на дефинирање на образовната телевизија, треба да се изнесе лексичката дефиниција за телевизијата. Телевизијата претставува гледање на далечина. Во физичка смисла *телевизијата е пренесување и доставување на слика на далечина со помош на*

[15] Даниловиќ. М., 1996, Савремена образовна технологија, увод у теориске основе, Институт за педагошка истраживања, Београд стр.23

*електромагнетни бранови*[16]. Вака дефинирана, телевизијата повеќе укажува на нејзините технички можности. И во Гудовиот Педагошкиот Речник стои дека *Телевизијата е пренесување и примање, со помош на електомагнетни бранови, подвижни видови слики и звуци кои ги создаваат тие слики или ги следат*[17].

Напредок во дефинирањето во педагошка смисла имаме кај познатиот полски теоричар за филмот Флеминг кој вели дека;

*-телевизијата ја приближува стварноста која е недостапна во процесот на учење;*

*-телевизијата буди интерес за предметите на сознанието;*

*-телевизијата ги развива способностите за перцепирање, активноаст и мислење;*

Лесно може да се заклучи дека во оваа дефиниција, образовната телевизија се третира како наставно стредство. Тоа е сосема оправдано, но определбата не би требало овде да заврши. Образовната телевизија претставува и еден вид комуникациски систем. Тоа обезбедува еден вид на комуницирање во наставата и се карактеризира со сите компоненти почнувајќи од планирањето , изборот на содржини, реализацијата, па се до вреднувањето на наставата. Благодарение на поврзувањето на телевизијата со компјутерскиот систем, овозможено е и добивање на повратна информација од страна на учениците, со тоа комуникацијата која постои во одделението, при користењето на образовната телевизија добива вистинско значење.

Од сето кажано може да се заклучи дека образовната телевизија нуди можности за образование и самообразование, институционално, како наставно средство или како комуникативен систем.

[16] М. Вујаклија, 1980, Лексикон страних речи и израза, Просвета, Београд, стр.900
[17] Д-р Ј. Ѓорѓевиќ, 1968, *Телевизија у васпитању и образовању*, Београд, стр. 27

## 4. Образовната телевизија и нејзината методска поставеност во наставата

Како терминолошка определба во педагошките речници и енциклопедии отсуствува соодветна дефинираност. Тука ќе се задржиме само на основните определби што го чинат овој поим. Под методска поставеност се подразбира;

*-интегрирање на образовната телевизиска програма во наставните содржини;*

*-можностите и начините на кои се врши тоа интегрирање;*

Кога говориме за методската поставеност на образовната телевизија во наставата, мислиме за нејзината застапеност;

-во одделните наставни предмети;

-во одделните делови од часот;

- во одделните етапи на наставата;

-интегрирано во сите наставни подрачја;

Со ваквата методска поставеност на телевизијата, се изменува и организацијата на наставата, но и улогата на наставникот во истата. Кога зборуваме за примена, мислиме на тоа ***кога*** таа се применува, во ***која*** етапа од наставата, ***колку*** често се применува во наставата, ***како што*** се применува-(извор на знаења или за повторување,) ***каде,*** во кое наставно подрачје и ***зошто*** таа се применува.

Кога говориме за примена, може да мислиме и на примена на телевизијата, во интегрираната настава, која е актуелна со својата целовитост, особено во нејзината застапеност, во одделенска настава при основните училишта, каде улогата на образовната телевизија е голема. Нејзината методска поставеност во интегрираната настава се однесува на таква настава, која има специфични катактеристики: поинаква организација и структура од традиционалната настава; можност за реализацијата на интегрираните цели, содржини, активности и примена на интерактивен пристап во работењето. Но образовната телевизија, може да се снајде во

овие поинакви услови, доволно е само добро да се примени и заживее, што се разбира бара стручност во работењето од страна на наставникот. Тој треба правилно, методски да ја постави, да ја поврзе со правилно избраните методи, форми на работа, со правилно одбраните активности за учениците и преку евалуацијата на ефектите. Доколку наставникот, така постапува, неизбежни се реализираните цели и задачи, но и добрите резултати во наставата.

## 4.1. Образовната телевизија во наставата

### *4.1.1. Образовната телевизија во процесот на учење*

Дали следењето на телевизиските емисии претставува процес на учење е прашање кое се наметнува секогаш кога се сака да се воспостави правилен однос на релацијата образовна телевизиска содржина и гледач во улогата на личноста што усвојува нови знаења.

Процесот на учење е долг и тежок и тој е процес кој вклучува многу психолошки компоненти и процеси кај самата личност што учи. Но со образовната телевизија тој процес се интензивира и се забрзува. *Процесот на учење со помош на образовната телевизија бара да се научи како да гледаме и како да слушаме, што е прва феза за визуелното учење. Овој процес на учење е краток, но доста интезивен и плоден. Процесот на усвојување на нови знаења преку телевизијата е активност на гледање на динамични слики кои имаат своја логичка поврзаност*[18]. Оваа констатација на авторот ја прифаќаме како факт кој е докажан во богатите психолошки и педагошки истражувања. Со следењето на образовните содржини настанува перцепирање кое пак е основа за понатамошна анализа, синтеза, споредување, заклучување, односно еден комплетен мисловен процес кој се одвива кај самиот гледач. Тој континуитет обезбедува кај гледачот да дојде до одредено сознание, став, однос кон

[18] С. Адамческа, 1983 год, Образовната телевизија и незината ефикасност во наставата по запознавање на природата во основното училиште, Скопје, стр. 34

новото. Поради тоа преку процесот на гледање на телевизиските содржини, треба да се открие колку е ученикот оспособен да ја чита сликата што претставува процес на формирање на посебна когнитивна структура, кај оној што се образува со помош на телевизијата.

Учениците, денес, растат опкружени со телевизијата и видео презентациите. Визуелните медиуми претставуваат основна компонента при работењето во училницата, па тоа е причината и повеќето од наставниците да вклучуваат некаква форма на видео празентации за време на нивните предавања. Со постоењето на опсежни, дигитални медиуми и порастот во употребата на видеото според возраста, постои голема веројатност дека видеопрезентациите ќе прераснат во уште еден потенцијален дел од училишните ресурси. Училишните ресурси денес, мора да се поткрепени со истражувања, па од нив и е донесен Декретот „No Child Left Behind Act of 2001", документ кој налага, институционалните ресурси да демонстрираат докази на ефективност. Како резултат на тоа, научно базирано истражување е позначајно во образованието од било кога досега. Овој преглед што сега ќе го прикажеме, се фокусира на *клучните прашања кои се однесуваат на влијанието на телевизијата врз учењето и дава примери кои произлегуваат од последните телевизиски истражувања со кои се демонстрира позитивниот ефект на телевизијата врз постигнувањата на ученикот.*[19]

Што се случува од гледна точка на учењето, кога ние гледаме ТВ? Одговорот на ова прашање го наоѓаме во овие истражувања, наведени во веб сајтот, кои велат дека една од најочигледните карактеристики на телевизијата е нејзиниот визуелен аспект. Луѓето интуитивно ја разбираат моќта на сликите кои го пренесуваат значењето, како што може да се види во старата поговорка која вели дека една слика е илјадници збора. Телевизијата секако, нуди информации во повеќе форми: не само преку слики, но и преку движења, звуци и по потреба и преку текст. Истражувањето понатаму покажало дека повеќекратните траки на аудио и

[19] www.cpb.org/stations/reports/tvgoestoschool/tvgoestoschool.html

визуелните информации даваат силни образовни придобивки, бидејќи секој предходен извор го надополнува следниот.

Набљудувањето како активен процес, можеби најдобро се разбира како интерактивно искуство помеѓу гледачот и медиумот. Како надополнување на одговорот на прашањето што гледаат на екранот, гледачите ги покажале нивните сопствени искуства и очекувања на нивното гледање. Оттука, истражувањата покажуваат дека мислењето кое учениците го имаат за телевизијата влијае врз нивните можности да учат од неа. Во контекст на простото гледање без посебен напор, учењето е површно и краткотрајно, но кога гледањето е со некаква цел, тогаш станува збор за подлабоко и пософистицирано учење.

### *4.1.2. Како Телевизијата го промовира учењето*

Сите сме слушнале за поговорката: „Ако видиш ќе поверуваш." Истражувањето, исто така покажува дека, *ако се види и ќе се помни*. Луѓето генерално се сеќаваат на двојно повеќе податоци доколку ги видат или слушнат. Сепак, телевизијата комбинира звук и приказ на сликата и тоа е силно надополнување на учењето. Понатамошната поддршка на придобивките од учењето со телевизиската „измешаната порака" може да се најде во теоријата на повеќекратните сваќања. Различните модели на телевизијата, обезбедуваат повеќекратни навлегувања во содржината и со тоа овозможуваат поголемо прилагодување кон различните интелектуални групи на ученици.

При испитувањето, во голем дел од истражувањето, неколку митови за телевизијата и учењето, се разоткриваат. Ова истражување[20], *обезбедува јасни докази дека типот на содржината кој го гледаат децата може да биде поверодостоен приказ на нивниот иден академски успех одколку времето кое го трошат гледајќи телевизија.* Значи гледањето на едукативна телевизија од страна на децата покажува дека во

[20] Televizion, goes to school, (2003-2004),The impact of Video on Student Learning in Formal Education, Center for Children and Technology, New York, стр2

голема мера го поддржува здобиеното и долготрајното учење, додека пречестото гледање други видови на програми може да се поврзе со недостаток на академско достигнување. Понатаму, откриен е и позитивниот однос помеѓу гледањето на образовна телевизија во детството и когнитивните постигнувања и на предшколското и на унивезитетското ниво.

*4.1.3. Како можат наставниците да ги користат телевизијата и видео-презентациите за да ги промовираат достигнувањата на учениците?*

Наставниците се мошне креативни кога ја употребуваат телевизијата во училницата и тоа придонесува да се зголеми, значително, учењето од страна на учениците. Според образовните анкети и истражувања, образовната телевизија[21]:

- Го зајакнува познавањето на прочитаниот и предадениот материјал;
- Помага во развојот на општите познавања меѓу учениците;
- Го зголемува процесот на разбирање и дискусијата;
- Обезбедува поголеми можности за учење на различни начини;
- Ја зголемува мотивацијата и ентузијазмот кај учениците;
- Ја промовира ефективноста кај наставниците;

*Како може наставниците да ја зголемат вредноста на учењето преку Телевизијата?* Одговорот на ова прашање е преку нивна ангажираност во подготовката на најголемиот дел од гледањата во училницата со:

- Предходно планирање во кое ќе се земат во предвид инструкционалните цели;
- Подготовка со предходно прегледување на програмата;

[21] Televizion, goes to school, (2003-2004),The impact of Video on Student Learning in Formal Education, Center for Children and Technology, New York, стр 3

- Одредување на формата и должината на видео-презентацијата;
- Поставување на јасни очекувања за учениците;
- Охрабрување на учениците да земат активно учество преку дискусија;
- Одредувањето на содржината пред гледањето;
- Правење пауза за време на програмата со цел да се поставaт клучните прашања и да се означат приоритетните теми;
- Промовирање на размислувањето низ дискусија по гледањето и задавање задачи;
- Поврзување на активностите после гледањето, со повторување или преку реални искуства;

*4.1.4. Како може телевизиските куќи да ги поддржат наставниците додека користат Телевизија во училницата?*

На наставниците кои се многу зафатени денес, добредојдена им е помошта која што може да ја добијат. Телевизиските куќи може да обезбедат учење преку телевизија со тоа што ќе ја направат програмската шема да биде пофлексибилна, да опфаќа поголем дел од основниот наставен план и повеќе да биде поддржана од дополнителниот материјал за учење и со помошните средства. За да се постигне најголем успех во учењето на ученикот, телевизиските куќи може да обезбедат високо професионален развој на наставниците, низ програми за наставниците за ефективна интеграција на мултимедијата во училницата.

*Земајќи ја во предвид предноста на компјутерите и интернетот, каква е иднината на Телевизијата во училницата?* Што ќе се случува со телевизијата во училницата во иднина? Училниците, секако постојано се доопремуваат со новите технолошки достигнувања како што се компјутерите, интернетот, ДВД плеери и мноштво на други дигитални технологии кои постојано влегуваат во училишта ширум земјата. Дали

употребата на видеопрезентациите ќе се напушти поради овие посовремени средства? Доказите навестуваат дека телевизијата и видеопрезентациите се далеку да бидат истиснати, туку напротив се повеќе стануваат основен дел од учењето во училницата.

Како што покажува долгата историја на истражувања, едукативната вредност на визуелните средства е позитивна и значајна. Додека форматот, каналите на испорака и опциите на меморирање, може да се менуваат, видеото, сега и во иднина ќе претставува ефективна, често употребувана, основна алатка во нашите училници, ширум државата.

Денес децата се импресионирани од медиумите. Според неодамнешниот извештај на Фондацијата на семејството Каисер[22], децата под шест годишна возраст во просек поминуваат два часа дневно пред екраните, двојно повеќе од времето кое го поминуваат кога некој им чита или кога тие читаат (Ридеоут, 2003). Околу 25% од децата на оваа возраст се веќе активни корисници на компјутери, додека истиот процент на деца во домот имаат телевизор, видео, или видеоигри во својата спална соба. Бидејќи и самите растеле пред телевизор, нивните родители веруваат во едукативната вредност која ја добиваат нивните деца преку интеракцијата со медиумите, па 78% тврдат дека нивните деца го формираат социјалното однесување од гледање (Ридеоут, 2003). Како што забележа уште еден истражувач *„...поради сеприсутноста на телевизијата во секој дел од детскиот живот, медиумите прераснаа во главни социјализатори и едукатори на децата“* (Калверт, 2001).

Овие резултати од истражувањата ја поддржуваат општата констатација дека *телевизијата е веќе битен и често употребуван инструкционален ресурс.*[23]

[22] Televizion, goes to school, (2003-2004),The impact of Video on Student Learning in Formal Education, Center for Children and Technology, New York, стр. 5

[23] Низ овој Извештај ние ги користиме термините „телевизија“ и „видео“ интерно заменливи како што образовниот кадар често прави мала или воопшто не прави разлика меѓу нив

### *4.1.5. Краток преглед на историјата на ТВ истражувања*

Како што забележа еден истражувач, историски, секој нов медиум за масовна комуникација, опфаќа период, за време на неколку години од неговото воведување, кога е претставен како закана за младите луѓе кои најмногу го употребуваат.

Стриповите, радиото, филмовите, телефонот и секако телевизијата во свое време биле прикажани како „расипнички вредности," „губење време" и „причина за намалување на вистинските вредности, моралот, само-дисциплината, учењето и социјализирањето" меѓу децата, се вели во истражувањето.(Андерсон, 2001).

Истражувањата во литературата кои се однесуваат на ширењето на телевизијата во изминатите 50 години, ја покажуваат работата на илјадници истражувања и на необјавените илјадници исечоци. Воопшто не се вреднува тоа што и самиот медиум значително се променил низ тој временски период. Првите години на истражувањата кои се однесувале на телевизијата биле окарактеризирани со она што некој би можел да го нарече „реактивна теорија на набљудување," т.е *поим со кој пасивниот гледач привлечен од подвижните слики, бил во суштина црниот екран на кој се вршел преносот* (Вин, 1977). Со тек на време, оваа теорија е заменета со истражувањето кое го отсикува гледачот во една поактивна улога (Андерсон, 1983). Според оваа „когнитивно активна теорија, гледачите не биле само *вреќи кои пасивно абсорбираат некаква или целосната содржина која ја гледаат на екранот; место тоа тие активно го применуваат нивното искуство во разбирањето на тоа што го гледаат.* Од оваа страна литературата произлегува прилично целосен преглед на тоа како гледачите ја доживуваат телевизијата.

*Што се случува, кога гледаме телевизија, од едукативна гледна точка?* Една од најочигледните карактеристики на телевизијата е нејзиниот визуелен аспект. Луѓето интуитивно ја разбираат моќта на сликите кои имаат значење, како што може да се види во старата изрека дека една слика содржи илјада зборови. Истражувањата во изминатите две декади го

покажаа она што ние интуитивно го знаеме: нашиот мозок ги прима сликите на поинаков начин во споредба со печатениот текст. Зборовите се процесуираат во неокортексот каде се наоѓаат повисоките мисловни способности на мозокот. Сликите сепак, се обработуваат во *лимбичниот систем, рапидно и предизвикуваат инстинкти, емоции, и импулси (Бергсма, 2002).* Бидејќи мозокот е програмиран да запомни искуства кои содржат емоционална компонента, телевизијата има *моќно својство да пренесе искуства низ емоциите кои ги предизвикуваат сликите* (Нобле, 1983).

Телевизијата, се разбира, нуди информации во различни форми: слики, движења, звук и по потреба, текст. *Изобилството на овие форми на информации се од полза за учениците, со тоа што им даваат можност „...да учат со помош на вербални и визуелни средства, за да ги согледаат вистинските објекти и реалните сцени, да ги види овие секвенци во движење и да ги видат перспективите кои е тешко или невозможно да се видат во реалниот живот.“* (Ветзел, 1994). Раните стравувања дека овие повеќекратно може да ги преоптоварат капацитетите на гледачот да разбере што гледа, се чини дека се неосновани и сега поголемиот број на истражувачи се сложуваат дека „...кога се претставени заедно; секој извор обезбедува дополнителни информации,“ така што се зголемуваат шансите за разбирање на прикажаното.

Гледањето телевизија изгледа како едноставна активност, но всушност опфаќа прилично комплициран мисловен процес. Како и секој друг комуникациски медиум, содржината на телевизиската понуда се состои од симболи, во форма на дискретни единици на информации. Како образовани луѓе, нашата когнитивна задача е да ги декодираме овие симболи. Но со емитувањето на телевизијата, симболите стануваат пократкотрајни, побрзо преносливи одколку што се со статичните медиуми како што се книгите или сликите. Сепак, телевизијата нуди “прозорец на когнитивно ангажирање.“ Степенот на отвореност на тој прозорец е условен од *квалитетот на меѓусебната интеракција помеѓу гледачот и визуелниот медиум* (Козма, 1991). Телевизиските гледачи генерално имаат

помала контрола врз протокот на информации, одколку оние што ги има кај постатичните медиуми, нивната способност да се „присетат“ или да се навратат на деловите кои што можеби не ги разбрале првиот пат е поограничено одколку можностите кај статичните медиуми. Додека видеата и другите плејбек технологии го намалија влијанието на овој фактор, сепак во училишното опкружување, видеото сеуште е најзастапено средство за емитување.

Бидејќи гледачите имаат ограничена контрола врз протокот на информации, разбирањето е важно во поврзувањето со нивните способности да останат ангажирани од страна на медиумот.

Според тоа истражувачите, посветиле огромно внимание на областа на вниманието, односно на тоа како и зошто гледачите остануваат на иста корелација со протокот на содржини на екранот. И бидејќи телевизијата се темели на *два сензорни канали, разбирањето исто така зависи на способноста на гледачот истовремено да ги прима и аудио и визуелните траки* (Андерсон, 1983). *Со прилагодување на брзината, на редоследот и на релативниот приоритет на двата информациски канали и манипулирањето со формалните карактеристики, видео процедурите можат да влијаат на вниманието на гледачот и поради тоа можат да влијаат врз потенцијалот за учење на програмот* (Андерсон/Лорч, 1983; Хјустон/ Врајт, 1983).

Што носат гледачите во себе за време на нивните гледања? Како што кажавме предходно, гледањето претставува активен процес, можеби најдобар кога се гледа какво е интерактивно искуство помеѓу гледачот и медиумот, одколку како процес во кој предходното е „апсорбирано“ од подоцнежното. Како надополнување на реакциите од она што го гледаат на екранот, гледачите го носат сопственото искуство и очекувања за нивното гледање. Андерсон и Лорч (1983), *помеѓу другото, покажуваат дека постои „... прогресивен напредок на набљудуваното однесување, кое го одразува сваќањето на светот од страна на децата.*“ Сепак со тек на време, децата учат да гледаат телевизија, и за возврат учат од неа.

Додека некои современи сваќања го прикажуваат гледањето телевизија како пасивна активност, истражувањата всушност покажуваат дека младите гледачи имаат интерактивен однос со телевизијата, не постојано, но за возврат тие често го насочуваат нивното внимание на екранот и на алтернативните активности со брзина од 100-200 пати на саат (Козма, 1991). Нивното внимание се успорува кога содржината е или премногу предвидлива (прелесна) или претставува преголем предизвик. Сепак, разбиливоста на содржината е клучен фактор во учењето. Сваќањето многу често се појавува кога содржината е поставена „токму како што треба", т.е, *на средното ниво на тежина кое рефлектира сваќање какво што може да се очекува од младиот гледач да знае за светот* (Хоустон, 1983; Колинс, 1983; Крул, 1983).

Намерата на гледачот, исто така, е клучна за разбирањето. Учениците ја согледуваат телевизијата како „полесен" медиум наспроти книгите. Во едно истражување, група на ученици, била земена како примерок, составена од шестоодделенци и поделена на два дела, една половина била задолжена да гледа едукативни телевизиски програми, а другата половина била задолжена да чита слична тема, само во печатена форма. Оние кои спаѓаат во групата на телевизиски гледачи вложувале помал напор во извршување на задачата. Интересно, сепак, двете групи постигнаа исти резултати на тестирањето, на кое се барало да се присетат на детали од приказната, но читателите беа во можност да извлечат повеќе заклучоци базирани на приказната. Козма (1991) наведува и други истражувања (Крендл/ Ваткинс, 1983) во кои што истражувачите, на група од петтодделенци им кажале да гледаат програма поради образовна цел која одговора на содржината во подлабоки нивоа на разбирање, наспроти слична група на која не и биле посочени овие инструкции.

Овие истражувања индицираат дека мислењето што го имаат учениците за телевизијата има влијание врз нивните способности да научат нешто од тоа што го гледаат. Во контекст на случајно гледање без вложување напор, ќе даде резултат во површно краткотрајно учење, но кога гледањето е со поставена цел, тогаш резултира со подлабоко и

пософистицирано учење. Понатаму, истражувањето предлага образовниот кадар да влијае врз начините на кој децата ја процесираат телевизијата за да можат поефикасно да стекнат нови информации .

*Како телевизијата го промовира учењето на децата? „По 40 години, колективните докази дека филмовите и телевизијата можат да го олеснат учењето се од огромно значење. Овие докази се достапни за сите форми на емитување, филмови, ИТВ (инструкционалана телевизија), ЕТВ (едукациска телевизија) и масовно медиуми.“ Селс, издание,1996*

Сите сме ја слушнале поговорката: „Види и ќе поверуваш.“ Истражувањата покажуваат дека ако се види и ќе се запомни, исто така. Маршал (2001) ги наведува заклучоците на Виман и на Миерхенри (1969), кои откриле дека „...луѓето генерално ќе се сеќаваат на:

10% од она што го прочитале,

20% од она што го слушнале,

30% од она што го виделе,

50% од она што го го виделе и слушнале.“

Телевизиските комбинации на звук и на слика се покажа како силна помош при учењето. Преглед на истражувањето од Ветзел, (1994), покажува дека со *додавањето на звукот на статичните слики, резултира во подобро учење одколку само просто додавање на движења.* Комбинирањето на звукот и на статичните или подвижните слики дава поголеми ефекти од процесот на придвижување на статичните слики. Телевизијата претставува комбинација од повеќе системи на симболи- т.е, микс на говорниот јазик, текстот, статичните слики и подвижните слики- дава поголеми едукативни придобивки кои ги добиваме од медиумите кои се потпираат примарно на системот на симболи.

Понатамошна поддршка на едукативните придобивки кои ги добиваме од „мешаните пораки“ на телевизијата може да се најдат во една од најцитираните теории на учење од овој век, а тоа е онаа теорија на

повеќекратни разбирања[24]. *Хауард Гарднер, Професор на Харвард кој ја разви оваа теорија, откри дека децата (како и возрасните) имаат различни ментални модели со различна јачина и предности (Гарднер, 1993). Овие когнитивни модели, или „разбирања" ги одредуваат формите со кои индивидуалците разбираат и ги обработуваат информациите.*

*"Учениците се под влијание на медиумите - тие учат преку набљудување, имитираат и создаваат свое однесување"*[25]. Оваа дефиниција укажува на фактот дека денес влијанието на медиумите е предмет на зголемен интерес меѓу родителите, наставниците и здравствените работници. Значењето на ова прашање станува очигледно. Медиумското влијание врз учениците постојано се зголемува и повеќето софистицирани типови на медиуми, стануваат се подостапни за оваа популација.

Корисни ефекти од медиумот, врз учениците, вкучуваат: подготвеност за учење, образовно збогатување, можности да учествуваат во дискусиите на социјалните прашања, изложеност на уметност преку музика, игра и забава. Штетните ефекти може да резултираат со зголемување на насилно однесување, изложеност на суптилни содржини, промоција на нереален свет, презентација на лоши здравствени навики, како и изложеност на убедливо рекламирање кое е насочено кон децата.

[24] Gardner, H. (1993). Multiple intelligence: The theory in practice. New York: Basic books

[25] www.apa.org/pubinfo/violence.html

## 5. Влијание на телевизијата врз детскиот развој

Според истражувањата на стручнаците за влијанието на телевизијата врз развојот на детето, до 18 година, просечно, детето ќе помине поголем дел од својот живот, гледајќи телевизија, него во било која друга поединечна активност, исклучок е спиењето. Таа вчудоневидена слика го исклучува времето поминато во гледањето на видеото и филмовите во кината. Во подрачјето на градската средина, една од три семејства гледа постојано телевизија и ги става во позадина повеќето други активности. Видовите на телевизиските прикажувања, кои децата ги гледаат, може многу различно да влијаат. Докажано е дека децата кои гледаат детски образовни емисии, подобро читаат и имаат развиени јазични вештини. Стручнаците, исто така, активно расправаат за негативните последици од гледањето на насилство. Испитувањата покажале дека тинеџерското насилство кај деветнаесетгодишници е поголемо доколку тие почесто гледаат телевизиско насилство и тоа во временски период од осум години. Истражувачите забележале насилство во 85 % од филмовите кои секојдневно се прикажуваат на телевизија. Тие тоа насилство го нарекле ,, психичко штетно,, и ги извоиле цртаните и детски програми кои често ,,нереално го прикажуваат насилството без последици или казни. *Американската докторска комора го обвинува насилството на екраните како делумно одговорно за големи пораст во малолетничкото насилство (126%), помеѓу 1976 и 1992 година*[26]. Таа смета исто така дека телевизијата го осиромашува чуството на поврзаност. Децата кои гледаат телевизија, помалку веруваат на другите луѓе и помалку учествуваат во организирање на детски активности надвор од домот. Отуѓувањето не е последен ризик кој произлегува од гледањето телевизија на ниво на просек од 4 часа дневно. Постои скриена врска меѓу исхраната, дебелината, седечките навики и гледање телевизија. Телевизиските зависници не се викаат ,,кауч-компири,, без причина. Детските кинестетички способности се

[26] www.RoditeljPortal.com

дел од неговата интелегенција, а физичката пасивност настаната од гледањето на телевизија, сигурно е погубна за вежбањето на кинестетичката интелегенгија, а да не го спомнуваме телото. Дури и нејзините најдобри емисии даваат мала ментална активност, со намалена мештовитост и ја гушат активната мисла.

Истражувачите J.L I D.G.Singer s Univerziteta Yale (Универзитетот Јеил), испитувале како телевизијата влијае на спонтаната и креативната игра кај децата од раната училишна возраст. На три групи на деца им се покажувале, во текот на трите недели, најдобрите емисии од телевизиската мрежа. Тие образовни програми кои биле со најмала активна фантазија, кај децата, постигнале благ степен на креативна игра, но ја потиснале креативната игра кај сите деца, кои ја имале од почетокот, а тоа е нивната природна жива иманигација. Истражувачите забележале сличен пример на потиснување на креативноста кај учениците од четврто и петто одделение, посебно кога гледале програма која содржи фантастика или насилство. Едно семејство се загрижило, гледајќи ги своите деца, од две и пет години и нивното следење на телевизија, кога помалото дете еден ден се разбудило и веднаш се прашало ,,можам ли да го гледам Barneya? Така родителите, на месец дена го исклучиле телевизорот да видат што ќе се случи. Родителите биле толку импресионирани, на зголемената креативност кај своите девојчиња, зголемена независност и волја да работат куќни работи, така што иcлучувањето на телевизијата останало трајно. Дозволувале само повремено некој програм или земале видео ленти како домашни активности за викендот. Таа мајка во еден весник „Parents“ напишала ,,,*телевизијата не е ни сосема добра ни сосема лоша. Не мора да ја убиете, само припитомите ја.* Од гледиште на збогатување на детскиот развој, кај телевизијата всушност се работи за следното: Како што се препорачува нашите дневни намирници да вклучуваат само мали количини на шеќер, масти, месо и млечни производи како дополнителна исхрана од овошје, вода, зеленчук и житарици, ние ја гледаме телевизијата како зачин,,, кој во мали количини треба да се додаде за здрава исхрана, ментално и физички активни способности. Мала пасивна забава нема да му наштети на детето и

може да го намали стресот, но најтипичните основци кои гледаат телевизија секоја вечер и секоја сабота со саати без прекин, добиваат ментален еквивалент со исхраната, исхрана, презаситена со шеќери и масти, која го гуши мозокот и тежнее кон гојазност и апатија. Четири часа дневно поминати во пасивна разонода се четири часа кои не се посветени на активност: тоа е едноставна пресметка.

Овие истражувања укажуваат на преземање конкретни мерки од страна на наставниците, родителите и другите фактори, поврзани со овој проблем. Истражувачите се согласуваат на активноста-гледање на телевизија, од страна на децата, но тоа да биде во одредена количина и сообразна на нивната возраст, во граници на дозволеното, бидејќи телото на детето е преодредено за многу физички активности, потребни за раст и развој, па ајде да им го дозволиме тоа право.

## 5.1. Телевизијата и слободното време

Детето во просек гледа телевизија малку повеќе од 4 часа на ден. Врвот на поминато време во гледање телевизиски емисии го достигнуваат учениците на 12 годишна возраст, а најголем пад има во текот на адолесценцијата кога се гледа помалку од три часа дневно. Учениците гледаат телевизија секој ден, а само 10% од нивните гледања се во саботите и неделите наутро. Истражувањата, покажуваат дека учениците додека гледаат телевизија, играат, јадат, зборуваат, пишуваат домашна задача и сл.

Учениците и возрасните гледаат заедно телевизија и тогаш возрасните се креатори на она што ќе го видат на телевизија. Во голем број семејства има директни правила во употребата на телевизорот, па така на учениците од помалите одделенија, може да не им биде дозволено да гледаат телевизија, додека не завршат важни задачи, како домашна задача или некое задолжение или пак да постават услов телевизорот да биде исклучен во одредено време. Кога родителите поставуваат правила кај

помладите ученици, тие се однесуваат на правилата, кога, временски, може нешто да се види, а пак кај постарите, имаат правила за тоа што тие можат да гледаат. Но, денес кога родителите подолго време не се присутни во домот, децата се сами на себе препуштени и тие сами одлучуваат кои телевизиски содржини ќе ги конзумираат. Овој проблем се почесто е присутен во домовите и станува проблем кој се повеќе ги интересира педагозите, психолозите и други стручни лица.

*Процесот на медијација е термин кој се однесува на улогата на социјална интеракција во однос на употребата на телевизорот во домот и на потенцијалното влијание на телевизијата во рамките на семејството*[27]. Па така медијацијата може да биде директна и намерна кога родителите коментираат за некои специфични програмски содржини, а другата медијација може да биде индиректна или ненамерна и таа се однесува на прашања, генерирани од медиумските содржини. Интеракцијата со родителите се зголемува за време на гледањето телевизиски содржини и тогаш родителските коментари за ученикот се важност и потреба упатена кон нив.

Во денешните услови на живеење, телевизијата го пополнува слободното време на луѓето. Таа го привлекува вниманието на децата уште од најмала возраст. Колкав дел од слободното време децата ќе поминат покрај телевизорот, зависи од многу фактори. Некои истражувања велат дека децата и младината кои се социјално лошо прилагодени, седат повеќе време покрај телевизор за разлика од оние кои се социјално прилагодливи. Исто така и должината на времето, искористено за следење на образовните програми, зависи и од семејната атмосфера. Децата до десет години се поврзани со навиките на родителите во користењето на мас- медиумите. Ако родителот поминува поголем дел од времето пред телевизорот, се претпоставува дека и децата ќе се однесуваат на ист начин. Неконтролирана употреба на телевизијата може негативно да делува врз младата личност. Па затоа потребно е родителите и наставниците правилно да го насочат кон употреба на овој медиум. Најважно е детето да

[27] http://www.museum.tv/archives/etv/C/htmlC/childrenand/childrenand.htm

научи да ги избегнува оние телевизиски содржини кои се кич. Корисно е детето селективно да ги одбира образовните содржини и да се обиде да не ја користи телевизијата како механизам за бегство од реалните проблеми, бидејќи во тој случај се појавува интровентен тип на ученик.

# 6. Телевизиски образовни емисии

## 6.1. Емисии наменети за ученици

Во зависност од кој критериум се поаѓа при определувањето на видовите емисии наменети за учениците, имаме повеќе поделби на истите[28]

а) Во зависност од нивната функција во наставата;

- Телевизиски емисии кои имаат за цел да ги информираат учениците за поими, факти , појави,

- Телевизиски емисии преку кои се обработува наставна единица или серии и емисии кои обработуваат една наставна тема,

- Телевизиски емисии кои имаат за цел да заокружат една наставна единица или наставна тема.

б) Во зависност од тоа кое наставно подрачје преставува суштинска основа на структурата на телевизиската емисија;

- Од областа на природа и општество,
- Од областа на мајчин јазик и книжевност,
- Од областа на музичко и ликовно образование,
- Од странските јазици,
- Од физичко образование,
- Од областа на математиката,

в) Во зависност од тоа дали во телевизиската емисија приоритет има визуелната компонента или пак вербалната компонента, тогаш поделбата е во зависност од акцентот што се става.

Во наставниот план и програма по македонски јазик во наставното подрачје *медиумска култура*, телевизиските емисии се делат на:

- телевизиска серија или филм за деца,
- телевизиски анимирани емисии,
- телевизиски реклами,

[28] Н. Филиповиќ, 1966 год.,*Наставна телевизија,* Списание живот и школа, Осиек, бр.1-2

- музички детски серии,

Без оглед од кој критериум ќе биде извршена поделбата, најважно е телевизиската емисија да биде јасно дефинирана, со јасна цел, сообразена со менталните можности на популацијата за која е наменета.

# 7. Анимација

## 7.1. Поим за анимација

За потребите на ова педагошко истражување, вршиме анализа на анимираниот филм за деца, неговата методска поставеност во наставата и ги проценуваме неговите воспитно- образовни функции. Ваквата определба бара и теоретска обработка на поимот анимација и анимиран филм, за подобро согледување на истите.

*Анимација е континуирано прикажување на секвенца од слики од 2-Д и 3-Д уметнички дела или модел позиции со цел да се создаде илузија на движење, односно тоа е брзо прикажување на низа на цртежи со објекти кои се разликуваат по некои детали со што се добива престава дека објектите се движат*[29]. Вака најчесто се давани дефиниции за овој поим и сметаме дека доволно го опишува, прикажувајќи ги основните карактеристики на процесот. Со дефинирањето, се мисли на анимацијата како оптичка илузија на движењето, поради феноменот на постоењето на визијата и можат да бидат создадени и демонстрирани во голем број на начини.

### *7.1.1. Видови анимација*

Најчест метод на презентирање на анимација е како видео или филмска програма, иако неколку други форми на презентирање на анимација, исто така постојат:[30]

- *анимација,* главен извор на акција во мултимедиумските презентации;
- *цел мултимедиски проект* во вид на анимација, презентации кои не бараат интеракција со корисниците;

---

[29] Nataša Hoič Božič, 2003- 2004, *Radni materijali za kolegij Multimedijski sustavi*, str. 5

[30] Isto, str. 8.

- *помалку анимација,* како дел од проектот- привидна внимателност на корисникот;
- *едноставно анимирање на текстот и објектите,*
- *како прикажување на природните облици;*

Постојат два вида на анимации при нивната изработка. Основни видови на анимација се:

- *2-д анимација-најчест вид на користена анимација општо(кај цртаните филмови) и кај компјутерите,*
- *3-д анимација-освен ширина и висина на објектите им се додава и длабочина. Потешка е за изработување и користење и се црта модел на објектот, потоа објектот се сместува врз некоја позадина,*

Било која анимација се прифаќа за работа, од страна на аниматорот, важно е истиот при работењето да ги применува принципите за процесот на анимација. Имаме два начина на правење на анимации.

**- ТВ видео анимација,** која што се состои од снимање на 24 слики во секунда. Овој вид на анимација е постар вид и првите цртани се правени на овој начин. За да имаме една секунда од анимација, потребно е да се нацртаат 24 различни слики, кои потоа се пуштаат едно по друго, со одредена брзина, така да човечкото око и неговата тромост гледа илузија на одредено движење.

**- Комјутерската анимација,** која денес нашироко се користи, доволно е да се нацртаат два цртежа, почетен и краен и да му се зададе задача, компјутерот да создаде анимација, односно од првиот цртеж полека да премине во другиот цртеж. Овој вид на анимација многу ја олеснува работата на аниматорот и поради тоа ретко кој денес се одлучува да прави анимација на првиот начин.

Било кој вид на анимирање да се користи имаме повеќе видови на техники на анимација:

**- Анимација по патека** ( објектот се движи по одредена патека но притоа не се менува неговиот облик, туку се менува неговата положба).

- **Анимација со различни фрејмови,** (анимација во која објектот се движи и се менува неговиот облик) на пример, Дизниевите цртани филмови.

- **Анимација со преобразување** (ова е анимација кога една слика без движење се претвора во друга сосема различна слика), се користи само со компјутер и е позната како „morphing техника“.

Не постои единствен човек кој може да се смета за "креаторот" на уметноста на анимиран филм, но има неколку луѓе кои работеле на неколку проекти кои би можеле да се сметаат за различни типови на анимација насекаде во исто време.

Georges Méliès[31] бил творец на филмови со специјални ефекти, тој бил воопшто еден од првите луѓе кои користеле анимација. Тој открил една техника, која била случајно откриена, во моментот кога сакал да го сопре снимањето со камерата за да смени нешто во сцената, па пак да продолжи со снимањето на филмот. Оваа идеја била подоцна позната како стоп-движење анимација. Méliès ја откри оваа техника случајно, кога неговата камера паднала на сред снимање кога случајно во тој момент, поминувал автобус кој бил снимен како се движи до пола кадар. Кога тој пак ја фиксирал камерата и почнал да снима во тој момент поминувал автомобил и бил снимен од местото каде што прекинало снимањето на автобусот. Потоа крајниот резултат бил првата анимација снимена со камера т.е. на снимениот материјал се гледа трансформација на автобус во автомобил. Ова било само еден голем придонес за анимацијата во раните години.

Emil Cohl[32] започнал со цртање на цртежи и создал еден филм во 1908 година наречен Fantasmagorie. Филмот претежно се состоел од фигури кои што се движеле и правел трансформации на објекти како на пример, шишето вино го преобразува во цвет. Секој фрејм од филмот бил цртан како цртеж на лист, потоа сликан со фотоапарат и ставен на негатив. Ова го прави тој да биде познат како творец на традиционалната анимација.

[31] http://en.wikipedia.org/wiki/Animation
[32] http://en.wikipedia.org/wiki/Animation

Производството на кратки анимирани филмови, обично се нарекуваат "цртани филмови" и стануваат сопствена индустрија во текот на 1910-ите години.

**Cell традиционалната анимација** како процес станал застарен во почетокот на 21 век. Денешните аниматори, нивните цртежи ги прават директно на компјутер. Разни софтверски програми се користат за боја на цртежи и симулираат камера движење и ефекти. Завршниот дел е анимиран излез кон една од неколкуте медиуми, вклучувајќи ги традиционалните 35 mm филмови и новите медиуми, како што се дигиталните видеа.

Примери на традиционалната анимација се анимираните филмови: Pinokio (САД, 1940), Animal Farm (Велика Британија, 1954), а Akira (Japan, 1988). Анимирани филмови што беа произведени со помош на компјутерска технологија се Lion king (САД, 1994) Sen да Chihiro no Kamikakushi (Spirited Away) (јапонија, 2001), Treasure Planet (САД, 2002) и Les Triplettes de Belleville (2003 ).

Комплетната анимација се однесува на процесот на производство на високо - квалитетни традиционално анимирани филмови, кои редовно користат детални цртежи и веродостојно движење. Целосно анимираните филмови можат да се направат во различни стилови, од реално дизајнирани дела како што се оние во продукција на Walt Disney студиото и на имагинарно нацртани филмови како оние кои се во продукција на студиото Ворнер Брос.

## 7.2. Цртани - анимирани филмови

Цртан-филм, (хумористичен цртеж), или карикатура, подразбира смешен или сатиричен цртеж кој обично бил објавуван во весник, списание. Зборот се користи за да се опишат три специфични видови на цртежи. Тоа се „*политички цртежи во главните дневни или неделни весници, сликовни коментари во весник или списание и се однесуваат на актуелните политички или социјални прашања; цртеж- колона на некоја тема, често*

*на предната страница од весникот и еден виц кој се потпира на неговиот ефект врз социјалниот смешен коментар“.*[33] Пред воведувањето на поимот "цртан филм" во модерна смисла на зборот, во 19 век, хумористичните и сатиричните цртежи биле насловени како карикатури. Денес зборот "карикатура" се користи главно за искривени портрети што го нагласуваат поединецот. Покрај овие класични форми, терминот "цртан филм" исто така се применува за стрипови, телевизија и филм анимација, графички романи, хумористично рекламирање и хумористични книги.

Поимот *цртан филм* има неколку значења, базирани на неколку различни форми на ликовна уметност и илустрација. Кога ќе се спомне зборот *цртан филм*, веднаш се мисли на илустрација која е исполнета со хумористични елементи. Цртаните, највеќе се гледаат од страна на младата популација. Тие за нив се забавни, хумористични и возбудливи. Психолошки е докажано дека гледањето цртани филмови помага и е доста потребно во развитокот на децата. Но денес се помалку се произведуваат цртани филмови кои немаат насилство во себе. *Во сегашно време цртаните од типот на Пепелашка, Снежана, Аладин се исчезнати. Со ова се подразбира дека цртаните со слична структура на приказната повеќе не постојат, но и цртаните со слична или иста анимација и илустрација исто така повеќе не постојат или подобро речено повеќе не се произведуваат.*[34]

Но, како и да е, сите цртани без разлика на анимацијата и структурата на приказната треба да ги имаат елементите кои го прават секој цртан филм убав, а тоа се: љубовта, пријателството, чесноста, правдата и вечната борба против доброто и злото. Луѓето кои ги произведуваат цртаните се викаат илустратори и аниматори. Во сегашно време, цртани филмови произведуваат и многу големи и успешни продуцентски куќи и сега цртаните се повеќе учествуваат во доделувањето на доста престижни холивудски награди.

---

[33] www.ccgb.org.uk/Pages/historu_of_the_cartoon.html

[34] http://en.wikipedia.org/wiki/Cartoon

Цртаните сега се произведуваат и како серијали. Јапонците користат посебна техника *аниме* со која прават цртани серијали кои се едни од најпознатите и едни од најдолгите. Овие јапонски цртани филмови, се препознаваат по интересните илустрации како на пример: ликовите имаат доста големи очи, чудни коси, доста долги и со многу „шпицови", чудни бои на косите, секогаш прават чудни гримаси кога станува збор за смешна случка итн. Но без разлика овие цртани имаат постигнато голем успех низ целиот свет, а и во Македонија. Се повеќе серијали се произведуваат насекаде низ светот, а најпознати од нив се: *Дигимон, Покемон, Драгенбол* и др. Покрај јапонските цртани кои се доста познати, постојат и американски цртани кои се исто така многу познати. Моментално и цртанот *Винкс* кој е од Италија е многу познат и до ден денес еден од најгледаните.

*Стрипови адаптирани во цртани*,- има многу цртани кои се базирани на стрипови. Познатите *Супермен, Бетмен, Спајдермен* и други, се всушност стрипови. Бидејќи порано немало толку развиена технологија или пак имало, но била скапа за употреба, се произведувале стрипови од кои најпознати се горе наведените. По многу години успех, овие стрипови кои најверќе се за суперхерои, адаптирани се во цртани филмови и во серијали и во обични цртани. Дури и од големиот успех, снимени се и филмови, па и серии како што е *Смолвил*. Познатите "*Срекниот Лук* и *Тинтин*" се исто така стрипови, но овојпат француски. Сите знаеме дека стрип јунаците најверќе потекнуваат од САД, но еве Лук е доста познат, а е од Франција. Постојат, што е многу ретко и цртани кои произлегуваат од филмови. Исто така, ако некој цртан филм добие голем успех се прави и видео игра по него.

### *7.2.1. Структура и карактеристики на еден цртан филм*

Најпознато за цртаните е тоа што повеќето од нив се со магија. Најпрвин скоро во сите цртани без разлика од каде се, главниот лик протагонистот, секогаш располага со следниве особини: чесност, добрина, правденост итн. За разлика од останатите ликови, протагонистот секогаш

сака правда и никогаш не се лути и не љубомори на другите ликови што всушност создава еден вид идеална личност. Но ваквите ликови и оваа структура на цртан, највеќе ја има во цртаните филмови, наменети за помалите деца, на пример за деца од две до пет години, кои имаат моќ и фантазија да веруваат во добрината, па таквата создадена идеална слика за јунаците, овозможува правилен раст и развој, кај овие деца. Најзначајна карактеристика е што секогаш доброто го победува лошото и од тука се тргнува, при создавањето на анимацијата.

### 7.3. Како се прави анимиран филм

Цртаниот филм се работи на повеќе листови за да ликовите се прикажат во движење и во различни положби. Потребно е да се изгради и книга на снимањето. Тоа е макотрпна работа, бидејќи треба да се има трпение за да се нацрта се она што е потребно за филмот. Дури тогаш може да почне да се снима. Како што вели аниматорот Igor Puhač, *за колажот на филмот мора од листовите да се изрежат деловите од ликовите или предметите, па тогаш внимателно да се снимаат движењата кои пак мора посебно да се наместат. Тоа е долг, траен и помалку досаден процес.*[35] Како што вели авторот, во кукленииот филм се врши анимација на ликовите, а над камерата куклариte со помош на раката и прстите, ги помрднуваат куклите кои се приврзани со конците од стапот. Само еден крив потег и снимањето се повторува. Затоа снимањето на еденкуклен филм е тешко и бара многу трпение.

На прв поглед се чини дека компјутерскиот филм е најлесен начин на работа, но и во компјутерот мора да се внесат многу работи потребни за филм. Тоа може да потрае повеќе од два месеци.

Како се создава анимиран филм, ни се прикажува преку создавањето на филмот „The Kidnapping“, чиј аниматор стекнал успешна слава преку овој анимиран филм.

[35] www.os-druga-ck.skole.hr/upload/os-druga.../razlicak2006-16-17str

Тој вели дека најпрво се развива приказната како стрип приказна. Потоа како што се развива приказната, нови слики се додаваат во стрипот. Кога веќе цртежите се закачени на таблата, лесно е да се направат повеќе алтернативи на приказната.



Потоа позадините се цртаат на картон со темперна, акрилна или маслена боја. Позадините се предел во кој карактерите се движат и тие често се прават како огромни панорами, дури и поголеми од форматот на сликата. Камерата ги следи карактерите како се мрдаат пред позадината. Ова позадина е сликана во форма за движење на вертикална камера.



Пред да се почне со цртањето на финалниот цртан филм, дијалозите се снимаат на лента и потоа се пренесуваат на магнетниот филм. Потоа се анализира со читач на звук и се синхронизира звукот со сликата така што се дели на повеќе редови односно секој звук да биде поврзан со еден фрејм од филмот. Музиката и звучните ефекти обично не се снимаат, додека не се заврчи целиот филм тс. Се прикачуваат кога ќе се заврчи со снимањето на филмот.

Потоа се почнува со вистинската работа. Секоја секунда од завршениот филм е составена од 24 фрејми, која бара од 12 до 24 цртежи, која бројка зависи од брзината на движењето, тс., побрзо движење бара повеќе цртежи во секунда, а поспора анимација може да биде направена со помалку цртежи.



Разликата помеѓу два успешни фрејма може да биде скоро неприметна, како на пример, рака да се мрдне е само еден милиметар. Анимираните филмови најпрво се ставаат на црно-бел филм, за да се провери префинетоста на движењето, (ова се вика молив-тест).





За да можат анимираните карактери да се вклопат со позадината, цртежите на карактерите обично се копираат на проѕирни материјали (целулоза или пластика) кои се викаат келии. Процесот се одвива така што контурите на оргиналниот цртеж се поминуваат со индиго масло, потоа се става фолијата над цртежот за да се отпечатат контурите на фолијата. Потоа фолијата се бои како боенка.

Снимањето на филмот се одвива на „анимационо подножје“. Понекогаш сликата е поделена во неколку нивоа одделени помеѓу себе на 30 сантиметри, односно предниот, средниот дел и позадината се на различни нивоа за да може да се воспостави тродимензионален ефект.

За да се направи осум минутен цртан филм, вели аниматорот[36] потребно е:

7000 листови хартија;

7000 листови проѕирна фолија;

150 листа картони;

60 различни вида пенкала,

50 моливи

5 гуми

20 четки за боење;

10 литри боја;

2.5 дл. Индиго боја;

1200 метри црно-бел филм и

240 метри колор филм и

Се разбира многу инспирација.



## 7.4. Цртаните филмови не се штетни

Иако многу родители се плашат дека гледањето на цртани филмови во кои има насилни сцени може да има штетно влијание врз децата,

[36] www.saunalahti.fi/~animato/cartoon/cartoon.html

психолозите истакнуваат дека цртаните филмови се всушност креативни и ги преставуваат оние за кои се предвидени, а тоа се децата. Програмската шема на телевизијата ги следи креативните потенцијали на сите цртани филмови, така што, практично, нема такви цртани филмови кои не се специјално наменети само за деца. Секое дете може да се определи за средства за изразување на емоциите и однесувањата, чија главна цел се да ги опушти децата и да им овозможи да се идентификуваат со ликовите. *Специјалистот по Медицинска психологија во една детска болница во Нови Сад, Дајана Јанков, вели дека денес, децата гледаат различни цртани филмови, вклучувајќи цртан филм кој што нему му одговара, од друга страна, таа и психолозите предупредуваат на тоа дека лоши последици кон децата, во вид на агресивност или асоцијално однесување, несоница, нервоза, може да се јават доколку детето, предолго гледа цртани филмови или телевизиски програми, ако нема омилен свој цртан филм, или не ја разбира неговата содржина.* [37]

Иако е тешко да се дефинира границата кога и колку децата може да гледаат цртани филмови, со оглед на зафатеноста на родителите и времето кое го поминуваат со децата, некои препораки сепак постојат.

- Младите деца не се способни во потполност да ги разберат содржините. Затоа децата до три години можат да гледаат цртани филмови до петнаесет минути дневно. Од третата до петата година, доколку ја разбираат содржината на цртаниот филм и ги пратат оние кои им се омилени, може да гледаат и до еден час дневно. Над петата година, секое задржување на детето пред екранот повеќе од два часа е штетно- вели психологот Дајана Јанков.

Машките деца повеќе сакаат да гледаат цртани филмови во кои има сцени со уништување и борби, како "Transformers" и "Нинџа Желки" , затоа што тоа оди со машкиот пол и им овозможува да се опуштат и да се идентификуваат. Но, децата при тоа немаат свест за тоа дека во цртаниот филм некој е вистински убиен, туку имаат чуство дека тука е спроведена

[37] www.RoditeljPortal.com

некаква моќ. Почуствителните или помалите деца, избираат она што е на ниво на некоја сензација, боја, сипатично...

Постои разлика помеѓу цртани филмови кои што сакаат да ги гледаат машките деца и кои ги сакаат девојчињата, иако денес таа разлика е се помала. Изборот на цртани филмови зависи и од развојот на личноста. Многу цртани филмови, со задоволство ги гледаат девојчињата и момчињата, особено доколку во нив е прикажана борба на едната група со другата- наведува психологот.

Денешните деца порано созреваат. Околностите кои го пратат нивното растење, се различни од тие кои го прателе развојот на нивните родители. Многу мајки и татковци ,*забораваат како се чуствувале кога биле деца, што ги радувало, а што ги правело тажни,* вели психологот. Поради тоа се случува во денешните цртани филмови да видат потенцијална опасност кон своите деца, преувеличувајќи ги цртаните филмови од нивното детство. Меѓутоа, агресивни теми или моменти имало и во постарите цртани филмови, токму како во денешните. Генералната разлика помеѓу цртаните некогаш и сега е тоа што сега агресивноста е повеќе пати зголемена, што од прилика значи дека секој се бори за себе и дека не се бираат средства за да се дојде до посакуваната цел. Меѓутоа, светот на децата е различен од светот на возрасните. Лошото или злото кое е прикажано во цртаниот филм не е она зло кое што постои во светот на возрасните.

Анимираните филмови постојат за децата да се ослободат од внатрешната енергија која ја поседуваат. Тие служат и за идентификација со различни јунаци, преставувајќи влез во светот на реалноста, било преку слушањето, чуствувањето или преку интелектуалното дело. Интересно е дека денешните деца најчесто немаат свој омилен јунак, како што тоа некогаш било случај. Порано еден дел од детската популација била за мачката Том, а друг за глувчето Џери, зависно од степенот на агресивност и улогата што ја имале во нивниот живот. Денес децата неможат така да бираат, туку им е потребно да го согледаат секој лик, да изрегираат она што за нив е симатично и додека го гледаат цртанот добро да ја разликуваат

надворешната сензација и тоа што е во нив. Најважно е родителите да им посветат време на своите деца, да го пратат развојот на нивната личност и да разговараат со нив за цртаните кои ги обожаваат. За децата е најштетно ако премногу често се препуштени сами на себе, со вештачки стимулатор како телевизијата. Сензацијата која детето ја чуствува, гледајќи ги анимираните филмови, доколку предолго го прави тоа, го анимираат од внатре и потоа детето тешко се исклучува од тоа. Смалените контакти и комуникација со родителите и другарчињата, можат да ги смалат неговите интелектуални и емотивни капацитети. Затоа родителите, некогаш треба да изгледаат и цртан филм со детето и да поразговараат што му се допаднало. Всушност симпатично е кога возрасна особа сака да го направи тоа, иако тоа може да значи дека му недостасува одговорност во некои сегменти од животот, па следува заклучок, секако, дека кај таа возрасна особа е задржано детето во себе и во секојдневниот живот.

### *7.4.1. Детската фантазија трпи се*

*Мики Маус* нема ни мајка ни татко, *Пепелашка и Снежана* имаат зли маќеи, Ивица и Марица, нивните родители ги оставаат во шума, а Паја Патак, живее со сестрите. Овие најпозитивни Дизниеви јунаци, немаат семејство и имаат многу непријатели. Ако на ова ја додадеме палетата на новокомпонирани хистерични ликови, како *Дигимон, Покемон* и секакви лоши јунаци, вистинско прашање е каква порака им праќаме на децата, низ бајките, играчките и цртаните. *Низ вратата на детската фантазија влегуваат сите вредности и ставови за животот, но како што стручнаците нагласуваат, нив ги отвораат и затвораат првенствено родителите.*[38]

*Ужасно е, огромно е влијанието на медиумите врз децата,- вели Зорица Томиќ, социолог во културата.* Телевизијата не личи на онаа каква што била во шеесетите и седумдесетите години на 20- век.

[38] WWW.RoditeljPortal.com

Глобалистичкиот модел довел до тоа сите содржини да се стандаризираат. Живееме во апсолутно телевизиско време, а влијанието на медиумите е стопати поголемо отколку пред дваесет години. Агресивноста постана модус на операторите, присутна во сите нивоа на однесувањето-од односот на луѓето едни према други, па натаму. Таа навлезе и во спортот, па така денес наместо желба да го победиме противникот, имаме желба да го уништиме.

Правото на појакиот, како што вели Томиќ, постана универзална логика, а тоа се отсликува и во содржините наменети за деца. Живееме во насилно време, па тоа е пресликано и во цртаните филмови и во видео игрите. Секаде недвосмислено и без никакво влијание, владее законот на појакиот. Животот на глушецот е непрекината борба со мачката, се останато и покрај раскажувањето за толеранцијата и рамноправноста, тоа е фантазија, која ни ги замачкува очите.

Постојат две основно причини поради кои луѓето бараат насилни содржини.

*Првата причина е чиста радозналост, предизвикана пред се публицитетот кој го опколуваат насилните филмови, а другата причина е дека насилните медиуми претставуваат предизвик- вели Кристина Брајовиќ-психотерапеут, од советувалиштето за млади-Домот за млади во Белград.*[39] Ако насилството се исплатило кај хероите од екранот, расте и веројатноста, насилството да се избере како опција за решавање на проблемите од секојдневниот живот.

Штетни последици кои ги носат приказните, полесно е да се спречат, бидејќи децата се врзуваат само за една приказна. Освен тоа што се читаат, приказните, оставаат поголем простор за фантазија. За анимираниот филм, состојбата е нешто посложена. Брзо снемување на сликата, сметаат стручнаците, го смалува просторот за фантазија и се сведува само на имитација. Поради тоа не е многу зачудувачки кога детето, пробува да ја„ разбие“ главата на татко му, посакува да влета во шахта или

[39] WWW.RoditeljPortal.com

да легне на улица. Затоа потребно е правилно насочување на детското телевизиско гледање, од страна на родителот или наставникот и потребно е да се укаже на позитивните страни од филмот, но и да се нагласат негативните особини.

Малото дете слепо верува во она што го гледа и слуша, па е јасна силата која ја имаат магичните зборови од приказните и триковите од цртаните филмови. Интелектот на детето во неговата рана возраст е посиромашен, па тоа е убедено дека еден збор или реченица содржи во себе моќ или сила да ја промени вистината во оној правец во кој што тој сака. Учењето по модел е особено влијателен и силен метод, во обликувањето на однесувањето, од кој родителите често не се свесни. Утврдено е дека прикажаното насилство преку телевизијата, па и преку цртавите филмови, или пак видео игрите, е во голема мерка поврзана со истакнувањето на агресијата во подоцнешната возраст на децата. Претерувањето и подржувањето на моќта на магијата, може да има и голема опасност, па дури и кобни последици кај детето. Детето кое посакува да биде Петар Пан и да полета од прозорот, тоа може и навистина да го направи, во колку родителот јасно не му појасни дека луѓето не можат да летаат, се е во трпението и разговорите.

Родителот или наставникот, треба да препознае што детето сака и да се запраша, зошто токму тоа го гледа. После тоа мора да му пратат корективни пораки и со тоа да им ги разбијат опасните илузии. Потребно е децата овие програми да ги гледаат со родителите или наставниците, кои со своите коментари, „случувањата од екранот" , да го стават во реална димензија. Родителите, како со своите негативни и позитивни објаснувања за поединини акции, на децата треба да им дадат знаење, дека некои однесувања не се прифатливи за разлика од други, кои се прифатливи.

Стручнаците, предупредуваат дека треба да се има на ум дека сите овие технички помагала, се „добар слуга, но лош господар", во колку не се користат на правилен начин. Лекарите и психолозите советуваат дека на децата од предучилишна и училишна возраст, не би требало да им се забранува гледање на телевизија или играње видео- игри на компјутер, но

таа забава секако, мора да се ограничи на максимално два часа дневно. Меѓутоа тие велат дека видео игрите можат да имаат позитивно влијание на развојот на интелектуалните вештини. Игрите со ненасилна игра, помагаат децата да развијат вештини на стратешко и критичко мислење на решавање сложени задачи.

Познатиот оскаровец и аниматор Душан Вукотиќ, рекол дека смртта на цртаниот јунак не е кога ќе го убијат со пушка туку кога, ќе се избрише со гумичка. Значи се што се случува во анимираниот филм има симболичко значење и не е исто кога ќе се повреди глумец на филм и карактерот во цртаниот филм. Нивните повреди не се вистински и од тука цртаните филмови можат моментално да се опоравата. Тој понатаму објаснува дека ликовите од Дизниленд, се ликови кои се примерни за целото семејство, но кај новата генерација на јунаци од цртаните филмови, која се појавила во деведесетите години, тоа не е случај и ги истакнува како пример, јунаците од: Симсонови и популарниот Саут парк. Тоа е драстичен пример на андерграунд естетика, сатира против државата, малограѓански начин на живот и силно ослободување од сите предрасуди. Сепак и тие анимирани филмови ги гледаат децата. Факт е дека аниматорите денес бараат нови изрази. Постојат цртани филмови, во кои мачката и кучето се споени со телата и тоа е, без разлика на критиките, тоа е позитивен симбол, бидејќи на посебен начин, на децата им се советува дека е можно да се помират две завојувани страни. Тој истакнува дека повеќето луѓе симболите ги примаат на несвесно ниво и дека повеќе од 90% од луѓето, поминува низ животот не размислувајќи премногу за значењето на пораката во уметноста. Како што и децата тие пораки ги примаат несвесно, така и одговорноста на оние кои ги создаваат цртаните филмови за најмалите, е се поголема.

## 7. 5. Анимираниот филм во наставата

Телевизијата со своите анимирани содржини, се повеќе се искористува во основните училишта. Заедно со детскиот печат и литература, имаат големо влијание кај учениците од помалата возраст и

тоа во формирање на мислењето и начинот на учење. Интересот за анимираните серии е огромен кај детската популација, а ова сознание произлегува од фактот дека во практиката станува прифатен медиум без кој не би можел да се замисли животот на ученикот. Во телевизиските анимирани содржини, секој ученик го пронаоѓа она што го исполнува, во зависност од неговите желби, потреби. Визуелизацијата што телевизијата ја нуди преку анимираните содржини отвара можности, наставните содржини да станат поинтересни и поактуелни за секого. Ваквите визуелизирани информации се примаат брзо како една целина и полесно се доживуваат. Анимираните содржини полека, но сигурно, влегуваат во воспитно – образовниот процес не само поради ефективното стекнување на сознанија туку и поради комуникацијата меѓу субјектите во наставата. Како што вели доктор Владимир Мужиќ: „ *Новата образовна информациона технологија ќе биде во функција на оние развојни промени во училиштето кои придонесуваат не само за зголемување на ефикасноста, туку и за хуманизација на работата и односите во неа*[40].

Со ова се укажува на големата важност што ја дава новата информациона технологија, дотаму што таа создава такви односи меѓу субјектите во наставата, споредливи со односите во еден социјален контекст.

Телевизијата, со преносот на анимираните содржини, помага и придонесува, *децата во почетните одделенија да се ослободат од своите чуства кои ги имаат, било да се непријатни или пријатни“.*[41] Овој податок говори и апелира дека се јавува потреба од нејзина присутност во училницата, во која природно добро се вклопува и адаптира.

### 7.6. Улогата на наставникот во наставата и цртаниот филм

Наставникот е многу важен модел на однесувањето на секој ученик за кој, постојано треба и да биде свесен. Во својата секојдневна работа,

[40] В. Мужиќ: Нова информациона... сп. Иновације у настави, Крушевац, 1989, бр.3, стр.187
[41] www.RoditeljPortal.com

тој треба да ги користи вештините на ненасилно решавање на конфликтите и да поттикнува креативно решавање на проблемите; да применува кооперативни методи на работа; да ја потикнува иницијативата и личните достигнувања на секој ученик; да биде осетлив за потребите на учениците; да го поттикнива учеството на децата и родителите во планирањето на различните програми и донесување одлуки и да ги оспособува учениците за критичко мислење. Секогаш треба да се обраќа со умерен глас и да остварува визуелна комуникација со секој ученик во групата.

Многу е важно постојано да создава атмосфера на доверба, топлина, сигурност, заштитеност и прифатеност на секое дете. Преку секојдневните активности, а и преку оргинизираните воспитно-образовни активности, кои ги условува интегрираната настава, наставникот се труди кај учениците да развива позитивни ставови но и да научи како да ги одбегнуваат негативните последици од влијанинијата за половите-родови, стереотипи, доколку ги забележува кај децата.

Се ова што го кажавме, потребно е да се почитува од страна на наставникот, при својата наставна работа. Но исто така, наставникот мора да ја направи поинтересна наставната работа, применувајќи го цртаниот филм, но и други нови наставни средства. Тој тоа и го прави, па треба да се нагласи фактот дека денес, анимираниот филм, кој наставникот го користи, станува дел од наставниот процес и помага во реализација на наставните цели по сите наставни подрачја. Но, треба да се внимава, самите анимирани содржини да се соодветно избрани од страна на одделенскиот наставник и истите, добро да ги визуелизираат наставните содржини. Се разбира, треба да биде и поткрепено со многу труд, желба и надеж за постигнување на образовни и воспитни резултати, кои со сигурност ќе ги добие.

Наставата, без разлика дали се говори за онаа во која се употребува само таблата или се применуваат најсовремени тахнички средства, е незамислива без наставникот. Тој е кординатор на воспитно образовните активности. Без него наставата не би имала живост и `динамика. При примена на телевизорот во наставата, погрешно е да се смета дека тој

може да го замени наставникот. Образовната телевизија како што вели д-р Мирчета Даниловиќ, *на наставникот му пружа огромни можности за што поконкретно, поеластично и поразбирливо да го пренесе она што го сака.* Современите наставни средста овозможуваат да се ослободи наставникот од истата работа која ја прави со учениците и со тоа да стане креативен во она што го работи.

Секоја новина во образованието бара и интелектуален напор кај наставникот. Тој треба да се внесе во иновацијата и со тоа да поседува позитивен став и во самата имплементација. Неопходно е самиот наставник да поседува и соодветна технолошка писменост која подразбира ракување и користење на новата образовна технологија.

При подготовка на наставниот ден, во кој како наставно сретство ќе се употреби детската анимирана серија, потребно е наставникот да ги почитува дидактичките принципи кои ги применува и во секојдневната работа. Но исто така треба да создаде и основна медиумска култура кај своите ученици, кои пак ќе можат да разликуваат вистински позитивни вредности кај уметноста и културата на живеење.

# 8. Интегративна настава

## 8.1. Дефинирање на појавата, развој и примена

### *8.1.1. Дефинирање на поимот интегративна настава и причините за нејзината појава*

Ова истражување се одвива во настава која негува современ концепт во работењето, а таква настава овозможува интегративната, која со својата актуелност во примената, бара соодветна анализа.

*Под интегративна настава, се подразбира остварување на принципите, да сите елементи во наставниот процес (содржински, психолошки, научни, социолошки и организациски) да бидат поврзани функционално и да создаваат хармонична целина.*[42]

Добра теоретска подлога за интегративна настава, ја дала гешталт-теоријата. Во оваа теорија се тргнува од ставот дека психичките процеси не можат да се рачленуваат на ситни делови, затоа што организацијата и целовкупноста, се најважни одлуки на психичкиот процес, а тие се губат со атомизација. Настојувањата практично да се оствари идејата за интегрална настава е присутна во многу напредни педагошки движења и правци, во текот на 20 век. Идејата за интегративна настава можеме да ја најдеме во концептот на активни училишта, проект методот на Дју и во егземпларна настава.

Поголемиот број на автори говорат за три форми на интегративна настава -*потполна, делумна, и блоковска.*[43] Под *потполна форма* на интеграција се подразбира, спојување на различни наставни содржини во единствен курс. *Делумна форма* на интеграција е кога од наставниот материјал се избираат одредени подрачја, во кои има нешто заедничко, па

[42] Nataša Drobnjak. (2007). Obrazovna tehnologija, Učitelski fakultet Beograd стр.81

[43] Исто стр 82

така тие заеднички се обработуваат. Во *блоковскиот начин* на интеграција се изработуваат автономни блокови кои се самостојно програмирани или се изделуваат делови од заедничкиот програм за интегративна обработка.

Нивоата на интеграција се: *внатрешно предметна, меѓупредметна, меѓусистемска интеграција.*

Наставникот одлучува, кој програм ќе се употребува, откако ќе ја проучи програмата. Од него се очекува, при планирањето да оствари интегриран тематски пристап. Градивото треба да се планира по тематски целини кои ги обединуваат сродните содржини од различните предмети. Меѓупредметните граници не би требало да постојат во организацијата на наставниот процес. Тоа подразбира наставата да не биде од предавачки карактер, туку да биде интерактивен процес. Програмата, особено по Запознавање на околината, му овозможува на наставникот наставата да ја организира по логички целини било интердициплинарно, било во оквирот на еден предмет. Содржините се наведени во програмата, но задачите и целите му дозволуваат на наставникот и одредена дозвола во реализацијата, така да, тој може да се движи и надвор од кориците на учебникот. Наставникот е во поволна положба да го примени интегративниот пристап, зошто ја организира комлетната настава во своето одделение. Тој не мора строго да се држи по распорадот на часовите, туку може да ги спојува часовите, да прави блокови, два часа да спои за да заокружи предавање во една логичка целина и така подобро да ја искористи создадената атмосфера и заинтересираноста на учениците.

Има многу синоними за дефинирање на поимот интегрирана настава. Ја среќаваме под називите; *целокупна настава, концентрирана настава, корелација во наставата, збирна настава, коплексен систем.* Објаснувањето на овие поими, кои ги наоѓаме во лексиконите и литературата, не се секогаш потполно исти, ама суштинското јадро се наоѓа во сите. *Ќе се послужиме со Енциклопедискиот речник на Педагогијата за подобро да се објаснат.* [44]

[44] www.edu-soft.rs/cms/.../INTEGRATIVNA_NASTAVA_za_CD_.pdfстр1

*Концентрирана настава* како поим се појавува во половината на 19 век и означува тежнеење да се остранат лошите последици при поделбата на наставата на предмети. Приврзаниците на оваа настава, барале програмата да се сведе на она што е битно и содржините да се концентрирани на тежишна точка. Со текот на времето оваа настава во литературата се среќава како: персонална, објективна, субјективна и слично.

*Корелација во наставата* е поим кој означува поврзување на суштинските елементи на наставата, во складна целина за да можат учениците да формираат единствен поглед кон светот. Во наставната пракса, корелацијата всушност се подразбира како поврзување на слични содржини од различни предмети, а целта е наставата да се направи поефикасна, порационална и поекономична.

*Збирна настава* е термин со кој се означуваат разните реформски струи во Германија и Австрија, при крајот на 19 и почетокот на 20 век. Заедничко на сите тие струења била да се острани слабоста на предметно-поделената настава. Ото, кој го вовел овој термин, барал непосредна врска помеѓу училиштето и животот, ублажување на претераната предметност во наставата, воведување на актуелни прашања во наставата, поактивна улога на учениците при изборот на соржината и подобар однос меѓу наставникот и ученикот.

*Комлексен систем* е име за посебна организација на наставата во Советскиот сојуз, воведен после Октомвриската револуција. Главните одлики на таа настава се: укинување на предметната настава и обработка на целокупните животни проблеми, укинување на 45 минутниот наставен час и непосредно учество на учениците во производната работа.

Во сите наведени движења се тежнеело кон остранување на слабостите во предметно- поделената настава и целта на сите нив е со корелација да се поврзат сличните содржини од различни подрачја. Барањето за интегративната настава не е нова туку потекнува, како што видовме погоре, уште од половината на 19 век, а во најново време се поставува во најостра форма. За тоа постоја три основни причини

:природно- научниот развој, карактерот на процесот на учење и практичната примена на знаењето.

Основна карактеристика на *природно научниот развој* е постојано и секогаш повеќекратно зголемување на бројот на научни факти. Тоа предизвикало, основните науки да се поделат на се поголем број на научни дисциплини за да може подобро да бидат проучувани. Денес човекот за да биде успешен стручнак во некоја област потребно е да биде специјализиран за некоја насока затоа што не е возможно да ја арсорбира огромната количина на знаење, до која се развила само една основна наука. Со диференцирање на науката дошло до појава, да настанат се поголем број на наставни предмети во наставните планови во основните, средните и сите други училишта. Меѓутоа во науката, истовремено, е присутен и еден спротивен процес. Во праксата знаењата не се применуваат разделено по научни дисциплини, туку во единствена целина. На еден стручнак, му е неопходно, во работниот процес да примени знаења, на пример, од физика и хемија, што значи дека неговиот стручен профил мора да биде поширок. Освен тоа, изолираното набљудудување на поедини делови од целината, придонесува, кон осиромашување на реалната слика. Делот кој влегува во целината, веќе не е она што бил претходно, кога сме го проучувале посебно. Соединувањето на повеќе делови во една целина, дава квалитативно нова слика. Па така во развојот на науката се очигледни процесите на диференцијацијата и интеграцијата. Целовитиот пристап кон светот е исто така потребен колку што се потребни и поедини стручни знаења од посебни науки.

Во процесот на *формирање на поимот*, мислата на поединецот поминува низ следните фази: споредување, идентификација и разликување, анализа и синтеза, апстракција и генерализација. Ако ученикот треба да ја добие сликата на светот, тој мора да ги анализира поединечните појави, но после тоа, треба да ги синтетизира во целина. Предметниот систем во кој знаењата строго се поделени, не придонесува при формирањето на единствениот поим за светот. Човековиот организам и неговите системи, посебно мислата, делуваат на принцип на

интегрираноста на деловите на системот во една целина. Личноста е нормална, доколку е доволно интергрирана. Поради тоа, целосната личност тежи кон добивање на целосни знаења кои треба да ги нуди училиштето за да се придонесе кон развојот на различните потенцијали на ученикот-природно-научни, уметнички, социјални. Ученикот ја гледа реалноста во нејзината целовитост и не ги гледа одвоено, хемиските, биолошките и физичките одлики, на пример, на земјата или водата. Предметно-поделената настава, малку допринесува при создавањето на единствена слика на светот, па доколку и допринесе, тоа го чини нерационално, со зголемено трошење на време и енергија и на наставникот и на ученикот.

*Во пракса* знаењата кореспондираат, со реалните услови или со поставените стандарди. Знаењата имаат двострука финкција-прво, да служат за збогатување, односно за самоостварување на личноста и второ, да бидат во инструментална употреба при реализација на практичните цели. Човековата мисла е одредена и со структурата на дејноста со која поединецот се бави. Работите, кои во современите услови ги прави човекот, се се повеќе структурно посложени (оние поедноставните ги прават модерните машини) и бараат целосни и комплексни знаења. Поединецот, кој во стручните училишта добил знаења, учејќи разни предмети, мораат во праксата да најдат целосен пристап. Знаењата поделени по предмети во практичната дејност се тешко употребливи. Припремата за живот се темели на користењето на искуствата и на мисловниот и емоционалниот потенцијал на учениците.

## 8.2. Организација на просторот во интегрираната настава

### 8.2.1. *Карактеристики на училишниот простор*

Учениците од првото-деветгодишно образование, популација со специфичен пристап во работењето, денес, во едно современо училиште, учат во простор во кој интегративната настава одлично се вклопува, па се јавува потреба тој простор да се анализира, со што истиот ќе даде

податоци за одликите кои ги имаат сите училници, во кои се применува оваа настава. *Во училиштето, целите на наставата се реализираат во училницата, во други внатрешни простории, но и во надворешниот простор; дворот( за кои се грижат и го користат сите во училиштето), игралиштето, блискиот парк, па дури и сите оние места на кои учениците одат на прошетки, набљудувања и излети. Наставникот, зависно од поставените цели ги комбинира внатрешниот и надворешниот простор и обезбедува учениците наизменично да престојуваат, играат и учат во училницата и надвор од неа.*[45] Секој ученик има потреба и право да учи во стимулативна средина каде е потикнуван и поддржуван од возрасните (наставник, стручен соработник) и каде што ќе стекнува знаења поврзани со средината за учење.

Наставникот организира едноставен и функционален простор во кои има услови за пријатна и работна атмосфера, а децата се чувствуваат опуштено и удобно. Боите на ѕидовите, мебелот и предметите со кои учениците се опкружени треба да се светли, ведри и хармонично распределени. Учениците треба да имаат на располагање свеж воздух и природно светло, а внатрешното светло треба да биде дискретно и да го означува просторот за учење и за игра, за да им помогне на децата подобро да учат и да реализираат активности. Во училницата не треба да има бучава која вознемирува. Многу деца сакаат да престојуваат во средина која е тивка, а некои, пак имаат тешкотии да го фокусираат слушањето кога се јавуваат други звуци што го привлекуваат нивното внимание и затоа треба да седат блиску до оној кој зборува.

Мебелот и материјалите треба да одговараат на секој ученик вклучен во наставата, а посебно внимание се обрнува доколку во паралелката е вклучен ученик со посебни образовни потреби. Средината во која ќе учат учениците треба да биде стимулативна за тие да имаат слобода на движење и акција, да можат да се спознаат себеси и другите, како и предметите околу себе.

[45] Љиљана Самарџиска-Панова, Организација на просторот,Прирачник за наставници од одделенска настава, Скопје, 2007, стр.15

На почетокот на учебната година, наставникот заедно со учениците од паралелката, го уредува просторот и катчињата, при што учениците треба добро да се запознаат не само со катчињата, туку и со материјалите и средствата во нив, понекогаш и самите да носат, одбираат и поставаат детали, а со цел да бидат грижливи и одговорни, во своето однесување.

Материјалите и средствата кои се користат во прво одделение се разновидни богати и соодветни на развојните потреби на учениците. Квалитетот на материјалот се оценува според обезбеденоста на богати и разновидни можности за употреба, како и можности за постапно усложнување на операциите кои се вршат со нив или со нивна помош. Често употребени во игрите, различните материјали стануваат играчки и преставуваат предмет на набљудување и истражување. Поважни критериуми за квалитетот за материјалите и средствата се следниве: да се усогласени со потребите на учениците да бидат активни, да се изразуваат, да ја задоволат љубопитноста, да конструираат и реконструираат; со своите особини да ги наведуваат учениците на интелектуални операции, да можат да се користат за индивидуални и за групни активности; да биде елиминирана можноста учениците со нив да се повредат, а, од друга страна, лесно да се дезифенцираат и пдржуваат; да бидат привлечни, значи убаво обликувани и стилизирани, интересни и со вкус.

### *8.2.2. Дефинирање на поимот развој*

Во магистерскиот труд, како целна група во истражувањето, се првооделенците. Тие како популација се интересни за работа, но и специфични во нивниот раст и развој. Се јавува потреба истите да се анализираат, со одредување на карактеристиките во психофизичкиот развој. Но, потребно е претходно да дадеме, општи определби за поимот развој.

*Како "развој", разбираме сет од промени во особините, способностите и однесувањето на детето, поради кои тоа се менува и*

*тогаш постанува се повеќе поподготвен, поспособен, подруштвен и поприлагодвив.*[46]

На детето, некогаш се гледало како на човек во мало. Денес знаеме дека тоа не е така и дека човекот се развива и се менува од зачетокот до смртта. Така целта на развојната психологија е да го опише однесувањето на човекот во секоја точка од развојот и да ги открие причините и процесите кои водат до промени во однесувањето. Познавањето на детскиот развој (моторичкиот, спознајниот, социо-емоционалниот и друго), е темел на детската психологија. Истражувачите на детскиот развој не упатуваат нас, колку е важен редоследот на развојниот стадиум, но и дека секое дете дава индивидуален печат на одреден стадиум. Истражувањата во текот на 20 век, довеле до сознание дека развојот не е праволиниски. Секој развоен стадиум носи промени, во две насоки, напредокот во едно подрачје го прати застојот во некое друго подрачје. Како детето созрева, се изменуваат деловите на поедини стадиуми.

Знаеме дека врз детскиот развој влијаат наследни (биолошки, генетски) и околински влијанија, (учење, воспитување), дека влијаат во развојот на мозокот, дека развојот е динамичен процес и се случува во социјалниот контекст и дека е флексибилен. Денес на детето гледаме како на цело битие, а на неговиот развој како сложена појава која е повеќе, отколку збир на поедините аспекти од развојот. Таквиот пристап кој го викаме холистички пристап, ги поставува следниве принципи:[47]

- Развојот почнува пред да се роди детето;
- Развојот има повеќе меѓусебно поврзани димензии. Тоа вклучува телесен, спознаен, емоционален и социјален развој кои влијаат еден на друг и се развиваат напоредно. Тогаш секоја развојна интервенција влијае на сите подрачја од развојот;

[46] Branka Starc – Mira Čudina – Obradović – Ana Pleša, Osobine i psihološki uvjeti razvoja deteta predškolske dobi, Golden marketing – Zagreb str .13

[47] Branka Starc – Mira Čudina – Obradović – Ana Pleša, Osobine i psihološki uvjeti razvoja deteta predškolske dobi, Golden marketing – Zagreb str. 14

- Развојот се одвива со предвидени чекори и учењето се појавува во голем индивидуален варијалибитет;
- Развојот и учењето се појавува како резултат на детската интеракција со луѓето и предметите од околината;
- Детето е активен носител на сопствениот развој;

Ова беа исходите од кои се поаѓа во преставувањето на особините и психолошките причини во развојот на детето, кај оваа возраст. Сите кои што работат со деца мора да знаат и да разберат каде се наоѓа детето во одреден момент од својот развој и кои влијанија придонесуваат за тоа, особено психолошките и социјалните. Има повеќе причини поради кои треба да се познава детскиот развој:

- Детството е доба на брз и сложен развој;
- Влијанието од раното детство влијаат врз подоцниот развој;
- Познавањето на природата на процесот на раниот развој, помага подоцна во разбирањата на сложените однесувања;
- Со познавањето на детскиот развој, внесуваме промени во животот на детето и ги решаваме проблемите кои детството ги носи ( било на индивидуален план или на глобален-воспитување, образование).

Поедноставно кажано, најважната причина зошто мораме да ги познаваме карактеристиките на развојот, редоследот по фази и важноста на детето во секоја фаза, е деке тоа ни овозможува создавање на оптимални услови за развој на детето.

Кога зборуваме за оптимални услови за развој мислиме на следново:

- Материјални околности кои го опкружуваат детето (простор, предмети, играчки, можност за движење во просторот и манипулација со предметите, слика, звук, музика и говор на возрасен човек).
- Социјална околина, достапност и реакција на возрасен човек, телесен допир, емоционалните односи помеѓу возрасните во околината на детето, гласовна, вербална и говорна комуникација; друштво на врсници, игра со возрасните и врсниците; учење по искуства (именување на

предмети, појави, објаснувања, опишувања, раскажувања на приказни, развивање на говорот).

*8.2.3. Когнитивно – развојните карактеристики на шестгодишните деца?*

Кои се когнитивно–развојните карактеристики на шестгодишните деца; Како тие размислуваат; Каква логика користат; Како учат; Што можат, а што неможат (кои се нивните ограничувања)? Одделенскиот наставник/наставничка, мора постојано при реализацијата на наставната програма да си ги поставува овие прашања и да ги знае одговорите. Знаењето за светот и мислењето, кај шестгодичните деца се ограничени и незрели. Но, од друга страна, кај нив постои вродена природна потреба за создавање и отвореност за промени. Она што шестгодишните деца го знаат за светот не е точна репродукција на настаните, не е слика на она што го виделе или запис на она што го слушнале. *Детето ги добива информациите од околинината и ги обликува се додека не ги вклопи во постојните когнитивни сртуктури.*[48] Затоа се вели дека децата „оперираат“ со информациите. Дури и кога ќе ги акомодираат шемите според новите искуства, ретко кога акомодацијата е потполна и затоа од една иста приказна, басна, филм, театарска престава, децата изврдуваат различна порака. Секое дете оперира со информациите што ги прима на различен начин за да ги вклопи во своите структури. Значи, децата не примаат и не регистрираат информации за светот, туку тие го конструираат знаењето за светот. На оваа возраст играта е составен дел на детскиот живот. Дидактичите игри во кои детето игра различни улоги, се наоѓа во различни ситуации, делува на предметите, манипулира со нив и ги истражува, се основниот метод на учење. Низ игра детето само доаѓа до нови искуства од кои гради нови знаења за себе и за околината.

[48] Мирослава Николовска, Кои се карактеристиките на мислењето на најголем број шестгодишни деца, Прирачник за наставници од одделенска настава, 2007, стр. 5

Секое дете има свое индивидуално темпо на развој, па еден помал број на првачиња ќе бидат чекор напред во развојот, а еден мал чекор назад во споредба со најголемиот број првачиња. Преку индивидуализиран пристап, наставникот, на секое дете му овозможува учењето да му преставува задоволство и секое дете да постигне најмногу што може.

*Развојот на мислењето на најголемиот број шестгодишни деца ја достигнал интуитивната фаза на предоперационалното ниво на развој на мислењето.* [49] Децата на оваа возраст можат доживеаното искуство да го престават ментално, односно со симболички шеми и да ги користат тие ментални симболи (зборови и престави), за да ги престават предметите и настаните од околината, за да решат немој проблем, но им недостасуваат операционите шеми, потребни за логичко решавање на проблемите.

Детското мислење е центрирано. Ова значи при решавање на некој проблем, детето се фокусира само на еден аспект на проблемот. Некоја силна перцептилна карактеристика на проблемот, ја апсорбира и заведува детската мисла и детето не е во состојба да избере логичен заклучок.

Детското мислење, исто така, е иреверзибилно. Детето не е во состојба да замисли, односно ментално да изведе, спротивна акција со која предметот ќе се трансформира во обратна насока и ќе се врати во првобитната состојба. Поради ова најголем број на шестгодишни деца неможат да разберат дека квантитативните својства на предметот (количина, маса), не се менуваат кога неговиот изглед се трансформира. Заклучокот дека секогаш има повеќе вода во тенката и висока чаша се изведува затоа што детето е центрирано на една силна перцептилна карактеристика, тоа е релативната висина на чашата (повисока чаша=повеќе вода. Решавањето на проблемот го попречува и неспособноста на детето ментално да ја изведе операцијата на враќање на водата од повисоката во пониската чаша и да заклучи дака водата во високата тесна чаша останува иста како во ниската чаша.

[49] Исто стр.6

Поради центрираноста на мислењето и иреверзибилноста на мислата, најголемиот број деца на оваа возраст имаат проблем при класификацијата. Тешко размислуваат за односот цело – дел, односно делот не може да го разберат како помал од целото, односно дека подкласите не можат да бидат поголеми од класата. На детето ако му презентираме множество на пластични играчки во кое најголем број од нив се со црвена боја, а само мал број од играчките се со жолта боја, детето лесно ќе констатира дека сите играчки се пластични, па велиме дека тоа ја разбрало целата класа (пластични играчки). Тоа исто така лесно може да потврди дека има повеќе црвени играчки, од зелени што значи дека разбира дека има две различни подкласи, (црвени и зелени играчки). Но ако го прашаме дали има повеќе црвени или пластични играчки, тоа ќе одговори дека има повеќе црвени играчки со што се заклучува дека детето може да ја разбере целата класа, ги разбира подкласите, но му е тешко истовремено да направи релација помеѓу целата класа и дел од класата, бидејќи тоа не може да разбере дека подкласата е секогаш помала од класата. Детската логика не ги следи ниту закони на дедукција, ниту законите на индукција. Нивната логика е трансдуктивна или предкаузална, па заклучувањето се движи од посебно кон посебно, без да ги разгледа општите принципи.

Овие карактеристики мора да се знаат и почитуваат, од сите оние кои се инволвирани во наставата, со што ќе се почитува детскиот развој и ќе се усмери и насочи во правилен правец.

# II. Методологија на истражување

## 1. Предмет, цел и карактер на истражувањето

### 1.1. Предмет на истражување

Залагањата на сите стручни работници, се насочени кон изнаоѓање на најдобри можности и решенија за подобрување на воспитно образовната работа, особено во почетните одделенија, во основните училишта. Тие напори главно произлегуваат од секојдневното анализирање на праксата, но и од новите научни теории и сваќања за развојот и потребите на детето. Денес, детето е во центар на сите случувања, поврзани со наставните активности. Детето е важен субјект во многуте реформи што се имлементираат во воспитно образовен процес. Но, не секогаш, реформите правилно се имлементираат, па потребно е внимателност, анализа и истражувања на истите.

Денес во современата пракса, многу често се доаѓа до конфузна состојба во обидот да се внесат одредени промени, без разлика на нивната оправданост и успешност во спроведувањето. Новините, битно е да се внесат на вистински начин и да бидат дел од поставените цели на самото училиште.

Тендеција на ова истражување беше насочена кон идејата, најпрво добро да се анализира наставната практика, во која анимираниот филм, како наставно средство, како современа алатка, ја обликува и насочува методската организација на наставата, кај првоодделенците и во која како главна цел е постигнување на квалитетни резултати. Пред да дојдеме до заклучните согледувања, за истражуваната појава, потребна беше темелна анализа од страна на истражувачот. Се она што го добивме како истражувачки резултат, би требало да придонесе во изнаоѓање на подобри решенија во процесот на учење. Правилното користење на анимираниот

филм како новина, треба да резултира со нејзина правилна, методска поставеност во наставата.

Поради моето двегодишно работење во основното училиште „Петар Поп Арсов", Скопје, отвореноста за соработка беше голема, па самото истражување се реализираше во оваа воспитно образовна институција.

Резултатите од истражувањето, ги анализираат и актуелизираат аспектите на дидактичко-методичката организација во наставата, за прво одделение, -деветгодишното основно образование, во која, анимираните содржини, се повеќе се користат и заживуваат во самата настава.

Значи предмет на истражување е: *Анимираните телевизиски серии и нивната методска артикулација во наставата за прво одделение.* Тргнувајќи од вака дефинираниот предмет, истражувањето беше насочено кон неговите компоненти:

- методичките аспекти на наставата, (организацијата на активностите во текот на денот, методите, формите и содржините на наставната работа ), во која како наставно средство се употребува анимирана телевизиска серија;
- Годишниот-глобален план и програма за работа, во прво одделение, деветгодишно образование;
- Улогата и ставовите на наставниците во паралелката од прво одделение, како непосредни учесници, во примената на цртаниот филм;

## 1.2. Цел на истражувањето

*Теоретска цел:* Да се согледа потребата од осовременување на воспитно – образовниот процес и улогата и важноста на медиумите во таа цел;

*Практичка цел;* Да се добијат квалитативни сознанија за: методската поставеност на наставата во една училница, односно во реализацијата на планот и програмата; методите и формите за работа и микро и макро артикулација на активностите што се условени со примената на анимираните телевизиски серии, во начинот на комуникација меѓу самите

учесници, во значењето и улогата на наставникот, како и да се добие увид во холистички приод на работа со учениците, при интегративната настава.

## 1.3. Карактер на истражувањето

Според својот карактер ова истражување е емпириско, со дескриптивен карактер и квалитативно. По својата природа, истражувањето претставува студија на случај. Ова истражување произлегува од природата на предметот на проучување, бидејќи ваков приод заедно со своите соодветни техники на истражување, придонесува кон добивање на најсоодветни податоци кои овозможуваат нивно подетално анализирање.

## 2. Задачи на истражувањето

Задачи на истражувањето се:

1. Да се добијат квалитативни сознанија за условите во кои се одвива наставата со примена на електронските медиуми;

2. Да се добијат квалитативни сознанија за работата на двајца наставници, од прво одделение, односно, формите, методите и активностите што ги користат во наставата, при артикулација на анимирани содржини;

3. Да се добие увид во значењето кое го даваат наставниците при артикулација на ТВ анимирани содржини, во прво одделение, особено при интегрирано планирање на наставата;

4. Да се анализира годишниот план и програмата за првото-деветгодишно образование;

5. Да се анализираат целите и задачите за сите наставни подрачја, во прво одделение од аспект на;

- Годишното, месечното, неделното и дневното планирање на содржините и активностите во воспитно – образовниот процес со примена на телевизиски анимирани содржини;
- Формите на соработка (со родителите, учениците, локалната самоуправа, државните институции);

## 3. Истражувачки прашања

1. Дали правилно се применува образовната телевизија (анимираните телевизиските серии), во воведниот дел од часот ?
2. Која воспитно - образовна тема се реализира при артикулација на анимираните телевизиски емисии?
3. Која наставна содржина се реализира со овој современ модел на работа, во училницата?
4. Кои се поставените цели и задачи во текот на воспитно - образовната работа кога се планираат, воведување на образовни содржини?
5. Кои форми и методи се користат во наставата, при примена на цртаните серии?
6. Какви видови дидактички средства се применуваат при реализација на активностите ?
7. Каде просторно се реализира воспитно - образовната работа кога се користи образовната телевизија, како основен извор на информации?
8. Каква е улогата на наставникот во примена на образовната телевизија?
9. Каква е климата и атмосферата за време на реализација на активностите ?
10. Како се подготвени учениците во приемот на оваа новина?
11. На кој начин се реализира дидактичко - методската организација, при артикулација на анимираните содржини?
12. На кој начин се реализира просторно - временската организација?
13. Каква е вербалната комуникација меѓу субјектите?

## 4. Варијабли на истражувањето

### *Независни варијабли*

Во ова истражување како независна варијабла се јавува моделот на примена на анимирани телевизиски содржини во наставата.

### *Зависни варијабли*

Зависни варијабли во ова истражување се:

1. Дидактичко – методската организација на наставата во следниве категории:

- Микро и макро артикулација на активностите;
- Интегративно планирање на активностите;
- Примена на формите и методите за работа;
- Комуникацијата на субјектите;

2. Ставовот и мислењето на наставникот за ваквиот начин на работа.

# 5. Методолошки приод

## 5. Методи, техники и инструменти на истражување

### 5.1.Методи на истражување

Во ова истражување доминира аналитичко-дескриптивниот метод, бидејќи целта на истражувањето е да ги опише аспектите на примена на образовната телевизија во конкретно училиште.

### 5.2.Техники на истражувања

Во истражувањето се применети квалитативните техники на партиципативно набљудување, полуструктуирано интервју за наставникот и анализа на содржина на педагошка документација.

***Набљудување***

Партиципативното набљудувањето ни овозможи директен увид и добивање на дескриптивни информации за начинот и примената на анимираните телевизиски емисии и нивното влијание на: формите и методите на работа, на содржинската и временската микро артикулација на активностите, содржинската и временската макро артикулација на воспитно – образовната работа, на вербалната и невербалната комуникација, како и статусот и позицијата на наставникот во неа. Набљудувањето се вршеше во училница, каде се реализираат активностите.

***Полуструктуирано интервју***

Полуструктуираното интервју беше наменето за наставниците од одделенска настава во основното училиште Петар Поп Арсов, Скопје.

Интервјуто беше спроведено исклучиво од страна на истражувачот.

*Анализа на педагошка документација*

Преку техниката анализа на педагошка документација е анализиран годишниот план и програма за работа во одделенска настава за прво одделение. Преку анализата на планот и програмата се добија податоци за видовите планирања, содржината на работата во текот на целата година, микро и макро артикулацијата на содржините, методите и формите кои ќе се применат во текот на воспитно – образовниот процес.

### 5.3. Инструменти

Податоците од анализата на педагошката документација се запишаа во евиденциона листа.

За техниката на набљудување се примени инструментот протокол за следење, во кој наративно се бележеа предвидените дидактичко - методски податоци, како набљудувани активности по хронолошки ред на случувања, но тој понуди и можност за евидентирање и на некои непредвидени ситуации и податоци.

Техниката на полуструктуираното интервју се реализираше со помош на протокол за полуструктуирано интервју, каде однапред подготвените прашања преставуваа водич во реализацијата на интервјуто. Главните прашања во протоколот беа однапред планирани, но во текот на интервјуто беа и дополнувани.

Како помошно средство се користеше фотоапарат, диктафон, видео камера со чија помош изворно се бележеа активностите.

## 6. Популација и примерок

### *Примерок на субјекти*

Во истражувањето се избра единица на набљудување во која појавата се испитуваше длабински, во интезитет.

Популацијата во ова истражување ја сочинуваат ученици, од прво одделение, во основното училиште „Петар Поп Арсов“, во градот Скопје.

Примерокот на субјекти е пригоден и го сочинуваат:

-Една паралелка од прво одделение, на ученици од шестгодишна возраст;

-Две наставнички од прво одделение;

## 7. Анализа и интерпретација на податоците

Во согласност со карактерот на истражувањето, карактеристиките на истражувачките техники и иструменти, во истражувањето е применета квалитативна обработка.

После секоја сесија на *набљудување,* добиените податоци се анализираа и се пишуваше извештај со детална дескрипција на опсервираните податоци.

Податоците од *полуструктурираното интервју* исто така се обработуваа веднаш по завршувањето на истото.

Податоците од примената на *аудио-визуелните техники* се преслушуваа, транскибираа и забележуваа.

Комплетно добиените податоци се интерпретираа и презентираа на начин, карактеристичен за квалитативна обработка, во дескриптивна форма. Позначајните податоци се наведени во оригинал, а останатите во интерпретативна форма.

## 8. Организација и тек на истражувањето

Теренското истражување се реализираше во градот Скопје, поточно во основното училиште- „Петар Поп Арсов“ во прво-одделение, во време траење од две недели во месец декември 2009 година, во следниве фази:

- Барање согласност од Филозофскиот факултет -Институт за Педагогија, за спроведување на истражувањето.
- Информирање на училиштето за видот и текот на истражувањето и барање согласност за негово спроведување во месец декември.
- Техничка подготовка и печатење на истражувачките инструменти.
- Спроведување на теренското истражување.
- Обработка на добиените податоци.
- Анализа и интерпретација на резултатите.
- Заклучни сознанија.

# III. Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето

## 1. Анализа на Годишниот глобален план за прво одделение во деветгодишното основно образование во учебната 2009/2010 година- Скопје

Годишниот-глобален план за работа во прво одделение, во основното училиште „Петар Поп Арсов" -Скопје за педагошката година 2009/2010 година, е структуиран од наставните предмети:

- *Запознавање на околината;*
- *Македонски јазик;*
- *Математика;*
- *Ликовно образование;*
- *Музичко образование;*
- *Физичко и здраствено образование;*
- *Англиски јазик;*

Во овој дел, дадени се: седмичниот број на часови и годишниот број на часови, предвидени за секој наставен предмет.

Годишниот глобален план за прво одделение, е изработен од следниве одделенски нсставници: Билјана Каровска, Ангелина Трповска, Наташа Пејчиќ и Петранка Крстева, вработени во основното училиште „Петар Поп Арсов", со заснован работен однос на неоределено време, со полн фонд на часови.

I. Во делот *„наставен план"*, дадени се годишните глобални планови по сите наставни предмети за првото-деветгодишно образование. Дадени се податоци за изборот на наставните теми и бројот на часовите за обработка на нови наставни содржини.

а. Годишниот глобален план по предметот *„Запознавање на околината"* ги содржи следниве теми.

- *Јас и другите: 14*
- *Моето училиште: 8*
- *Мојот дом: 8*
- *Местото во кое живеам: 8*
- *Јас сум дел од природата: 24*
- *Сообраќај: 10*
- *Вкупно 72 часа годишно*

Врз основа на овие наставни теми се врши интегративно планирање на наставни цели, наставни активности и наставни содржини, по секој наставен предмет за прво одделение. На тој начин, наставата, применува холистички пристап во работењето.

б. Во рамките на годишниот план по наставниот предмет *„македонски јазик"* планирани се следниве теми:

- Слушање и говорење: 80
- Литература: 60
- Изразување и творење: 26
- Медиумска култура: 20
- Подготовка за почетно пишување: 30
- Вкупно се планирани 216 часа за реализација

в. Годишниот глобален план по наставниот предмет *„Математика",* планирани се следниве теми и часови за обработка:

- Математиката во непосредната околина и непосредниот живот: 25
- Логичко размислување и решавање на проблеми: 50
- Проценување и мерење: 25
- Природни броеви до 10: 10
- Вкупно годишно планирани часови 144

г. Во рамките на годишниот глобален план по наставниот предмет *„музичко образование,"* одделенскиот актив, ги планира следниве теми;

- Пеење: 20
- Музика и движење: 25

- Слушање на музика: 12
- Свирење на детски музички инструменти: 4
- Основи на музичка писменост: 3
- Основи на детското музичко изразување и творење: 8
- Вкупно часови за реализација 72 часа

д. Во глобалниот годишен план по наставниот предмет *„ликовно образование“*, планирани се следниве теми:

- Цртање: 30
- Сликање: 16
- Печатење: 8
- Моделирање и обликување: 10
- Ликовно истражувачки активности: 8
- Вкупно 72 часа

ѓ. Годишниот глобален план по наставниот предмет *„физичко и здраствено образование“,* се темели на наставните теми:

- Запознај се;
- Вежби за организирано поставување и движење;
- Вежби за оформување на телото и движењето;
- Основи на атлетиката;
- Основи на гимнастиката;
- Изборни активности;
- Вкупно 180 часа

Изборните активности се реализираат по договор со родителите и активностите, вклучуваат изучување на основните елементи, во пливање, скијање или во друга спортска активност.

II. Во вториот дел од овој документ, стои годишното глобално планирање, посебно, за секој наставен предмет, давајќи ги целите, кои преставуваат патокази и основни начела во интегративната настава. Целите и задачите кои се предвидени од ова планирање, се распределени во неколку аспекти од развојот на детето и тоа: *физички и психомоторен развој, социо-емоционален развој и развој на личноста, сознаен развој,*

*говор, комуникација, изразување и создавање.* Главната цел која се одредува со овој план, а од која треба да се појде во понатамошното планирање на воспитно- образовната работа, се однесува на уважување на различните индивидуални способности на секое дете, на нив да им се овозможат оптимални услови за поттикнување на развојот на целата личност, на физичкото тело, духот. Кога зборуваме за целите и задачите кои се предвидени да се анализираат во рамките на одделните аспекти на развојот, мислиме на:

*Физичкиот и психомоторниот развој*

Во контекст на овој аспект од развојот, предвидено е секојдневно делување во внатрешниот и надворешниот простор. Во внатрешниот простор треба да се потикнува лесната моторика преку различните облици на уметничките активности, (како што се моделирање, сецкање), додека преку надворешниот простор, кој се однесува на паркот или на друго место, се планира да се делува на крупната моторика, на развојот на движењето.

*Социо-емоционален развој и развој на личноста*

Од овој аспект на развојот се тргнува од фактот што првоодделенчињата, за првпат тргнуваат во училиште и се одвојуваат од домот. Оттука задача е поттикнување на социјалната интеракција, како меѓу учениците, така и во односот ученик-наставник. Треба да се напомене дека учењето на социјалното однесување кај овие деца се одвива постепено, па по одредено време на адаптација на децата со просторот и материјалите, потребно е наставникот, дискретно и ненасилно да ги упатува учениците, од една активност на друга. За потребите на емоционалниот развој се поставува задача за секојдневно создавање на атмосфера во која учениците ќе се чуствуваат сигурно, но при тоа наставникот потребно е да ги прати нивните потреби и да настојува истите да ги задоволува. Исто така се поставува задача за секојдневно делување на развојот, во однос на самостојноста и позитивната слика за себе и најчесто преку слободните игри, но и наставните активности.

*Когнитивниот развој*

Во однос на овој аспект од развојот, во природот кон одредување на задачите, се тргнува од учењето, ставовите и принципите на холистичкиот пристап во наставата. Мозокот и нервниот систем се развиваат преку многуслојни поттикнувања, па во таа насока во годишниот план предвидено е учењето да се спроведува преку целовитото вклучување на сетилата и движењето, како искуство. Сознајниот развој се развива преку:

- *Слободната игра;*
- *Сензитивно запознавање со светот;*
- *Во многу моторички игри, каде ученикот ги доживува природните правила;*
- *По пат на раскажување на приказни, кои на ученикот му даваат поттик за размислување*
- *Учество на детето на смислено одвивање на постапките на возрасните;*

Во однос на аспектот од развој на говорот, комуникацијата, изразувањето и творењето, во годишниот план за прво одделение, во ова основно училиште, се планираат; анимирани (цртани серии), игри, песни, бајки, басни, кои преставуваат помагала кои се користат за поттикнување на говорот, како и за целокупниот развој на детето. Покрај развојот на говорот, тие се планирани да бидат во функција на развојот на внатрешната слика во смисла на разликувањето на доброто и злото и во опуштањето кај детето.

Уметничките активности предвидени со планот, ставени се во функција на негување на креативните активности и способностите кај учениците, бидејќи ваквите активности ги смируваат, создаваат хармонија во детското битие и ги потикнуваат сетилата, внесуваат радост во креативната работа. *Уметничките активности се потикнуваат и преку слободната игра, во* работата со материјалите, но и во создавањето на музика, при свирењето на иструментите, при слушањето на бајките.

III.Тематското годишно планирање, предвидено е да се темели врз темите од наставниот предмет *„Запознавање на околината“*, кои се основа во планирањето на целите, содржините и активностите, за секој наставен предмет, односно со тоа се врши интегративно планирање во наставата. Сега ќе направиме анализа на ова планирање.

Во однос на темата: *Јас и другите,* планирано е да се реализираат следниве цели: Ученикот/ ученичката, да ги знае основните податоци за себе, да развива позитивна слика за себе, да умее да препознава различни чувства кај себе и кај другите.

За темата: *Моето училиште,* планирани се целите: Ученикот/ученичката да ги запознае своите права и обврски како ученик, да се доживува себеси како дел од паралелката, да ја запознае својата училишна средина и други цели кои се во насока на оспособување на ученикот за своите права во училиштето.

Темата: *Мојот дом,* ги содржи целите кои се однесуваат на домот-семејството на ученикот, да ги почитува членовите во семејството, да ги запознае правилата на однесување во семејството и улогите, да знае правилно да го користи слободното време во домот.

Темата: *Местото во кое живеам* е тема со која учениците се оспособуваат да го препознаваат своето место на живеење, но и пошироко од него; да го запознае местото на живеење, град, село, да се запознае со значајните објекти во кои живее, да познава стари градби, носии и други културни споменици.

Темата: *Јас сум дел од природата,* нејзини цели се ученикот/ученичката; да знае некои растенија и животни, да се запознае со некои разлики и сличности меѓу домашните и дивите животни, да се зголеми одговорноста кон домашните миленичиња и други цели насочени кон оспособување за правилно негување на природата.

Темата: *Сообраќај,* со оваа тема учениците се оспособуваат за основна сообраќајна култура, па целите се: да ги спознава правилата за безбедно одење по тротоар, по улица, да ги знае сообраќајните средства, да ја запознае улогата на семафорот.

Ова беше анализа на тематското годишното планирање на наставниот предмет *„Запознавање на околината“*, така што ќе се изостави анализата на останатите наставни предмети, бидејќи структурата на елементите од ова планирање, останува иста.

Особено значаен аспект во овој дел е *Соработката со родителите.* Активностите поврзани со оваа соработка се важен дел од годишното планирање на училиштето. Тргнувајќи од значењето на семејството како примарна средина на детето, по раѓањето од една страна и од основното училиште, во кое детето од петтата година учи и по шест часа дневно, од друга страна, во годишниот план се истакнува значајноста на квалитетната комуникација помеѓу семејството и училиштето. Од тука се планира уште при првата средба со родителот, (по можност со двата родитела), наставниците да се запознаат со структурата на семејството од аспект на ритамот и навиките кои владеат. Уште од самиот пријавен лист, при упис на децата во училиштето, од родителите се бараат податоци поврзани со здравствената состојба и специфичности поврзани со тоа, доколку постојат( исхрана, социјални односи и слично), бидејќи тендецијата на секое училиште е секоја година да се подобрува односот и комуникацијата со семејството. Во годишниот план за прво одделение, при основното училиште „Петар Поп Арсов“, планирани се следните активности:

- Редовно известување на родителите;
- Информирање на кое ќе настојуваат индивидуално да ги поканат родителите на секое дете;
- Работилници;
- Стручни педагошки предавања од гости предавачи;
- Родителски состаноци со педагошки теми, водени од наставничката;

Основното училиште „Петар Поп Арсов“, во својот годишен план покрај интезивната соработка со родителите, ја планира, *Соработката со пошироката општествена средина и со стручните институции* и тоа преку:

- Заеднички излети и посета на музеи;
- Посета на родител во домот и на работното место;
- Посета на изложби, библиотеки, театри;
- Посета на Универзална сала и Куклен театар;
- Соработка со единиците на локалната заедница;
- Соработка со Бирото за развој на Македонија;
- Педагошки факултет;

Во однос на глобалното-годишно планирање за наставата по предметот: *Животни вештини,* за прво одделение, истата се планира да се реализира 1-час неделно и интегрирано во наставата. Наставните теми по овој предмет се: *Јас личен развој, Јас и ти-интерперсонални односи, Јас и другите- општествени односи, Јас и здравјето-здраво живеење и Јас и околината- однос со општествената средина.*

IV. Дел

Во овој дел е прикажано тематското планирање, за секоја тема, од наставниот предмет *,Запознавање на природата, а* врз основа на неа се планираат; целите, содржините, интегрирано, по сите останати предмети. Еве ги следните елементи на ова планирање. Бидејќи истражувањето се спроведе за време на реализација на темата, *Јас сум дел од природата*, ќе извршиме анализа на оваа тематско планирање.

1. Во истото имаме планирано цели по;

- *Запознавање на природата:* ученикот/ученичката, (да знае некои животни од својата средина, да се запознае со основните карактеристики на живата и неживата природа, да го разбира редоследот на случувањата, да спознае сличности помеѓу човекот, животните и растенијата );
- Македонски јазик: (да се потикнува кон користење на говорот како средство за изразување на своите мисли, да се оспособи за опишување, раскажување, прераскажување, да се ослободи од чуството на страв);

- Математика: (да се оспособи да решава едноставни проблеми од секојдневниот живот, да се оспособи за подредување на објектите според степенот на некое својство, да ја воочува релативнастата на некој предмет-помало од, поголемо од);
- Ликовно образование: (да се потикнува креативно да се изразува со боја, да ја развива моториката, да ги организира предметите на подлогата);
- Музичко образование: (да развива осет за ритам, да се поттикнува да пее, да ја доживува слушната песна);
- Физичко образование: (да се потикнува на правилно држење на своето тело, да ја развива моториката и мускулатурата);

2. Во делот на *методи на работа,* од тематското планирање, на темата *Јас сум дел од природата*, предвидени се следните: (*метод на игра, метод на набљудување, метод на истражување, говорен метод, метод на работа со текст, метод на практична работа, аудио- визуелен метод*);

3. Во елементот: *Организациони форми на работа,* предвидени се: (заедничка, групна, индивидуална работа и работа во парови-тандеми)

4. *Содржини;* со тематското планирање, наставните содржини од темата, даваат можност за интегрирано содржинско поврзување со другите наставни предмети. Наставникот ги користи следниве наставни содржини: (*овошје*-препознавање, именување и разликување; корист од овошјето за здравјето на човекот; *зеленчук* -препознавање, именување, видови и корист во исхраната на човекот; некои растенија во мојата околина-*цвеќиња, трева, билки*; *домашни и диви животни; птици;* говорење-говорни игри, изразување, творење, раскажување-*Јас сум здрав*; гатанки за овошје; опишување на зеленчуков плод; класификација на предметите според едно заедничко својство; релативност на предметите и објектите-помало, поголемо; едноставни проблемски ситуации; цртање со основни средства за цртање, како хартија, молив, дрвени боици-на тема, *Јас сум дел од природата; Камен- мост*-коси линии со различна дебелина, *пајакова*

*мрежа*, вежби и игри за оформување на телото и движењето-(*берба ,собирање на зеленчукови плодови.*

5. Техники и методи за следење на постигнувањето на учениците: (*наблудување, белешки, искази на учениците, наставни ливчиња и листи за проверка*).

6. *Соработка со родителите,* се планира преку индивидуални средби со родителите на кои се разговара за тековната работа, успехот и поведението на учениците, се одржуваат родителски средби на кои родителите се информираат за предвидените цели по одделните предмети, постигнатите цели, поведението, изостаноците и други работи предвидени со овој план.

7. *Индивидуализацијата,* предвидува индивидуална работа со деца кои потешко се адаптираат во одделението и бавно напредуваат, работа со деца што покажуваат одредени негативности, работа со деца што покажуваат посебни интереси: музички, ликовни, говорни и др.

### 1.1. Заклучни согледувања

Врз основа на добиените податоци по пат на анализа на *Годишниот план и програмите* за воспитно-образовната работа во основното училиште „Петар Поп Арсов"-Скопје, може да се изнесат следниве заклучни согледувања.

Годишниот план и програм во целост ја отсликува современата настава која, „промовира нови педагошки вредности во образованието чие извориште се бара во личноста на ученикот, во неговите потенцијали, интереси, афинитети, вредности и севкупни залагања за успех". Врз основа на оваа дефиниција можеме да заклучиме дека се повеќе се потикнува развојот на ученикот, неговиот сензибилитет и неговите индивидуални способности. Теоретските определби за специфичностите на оваа настава, се преточени во насоки за практично делување. Идејата за холистички пристап во делувањето се проткајува во секое поглавје на планот и програмите. Но она што е значајно е фактот што програмите не нудат

готови решенија, комплетно структуирани содржини и активности кои наставникот мора да ги реализира во текот на целата година. Напротив, наставникот има можност сам да одбира содржини и активности, врз основа на дадените насоки, барања и начини на делување. Наставникот има отворена можност во изборот, тој не мора строго да се држи до распоредот на часовите, туку може и да ги спојува за да го заокружи градивото во една логичка целина. Содржините се наведени во програмите, но тие допуштаат одредена слобода кај наставникот и можност за делување во согласност со моменталните околности. Аспектите на развој преставуваат значајни директиви кои овозможуваат осмислување на соодветни активности кои би го овозможиле развојот на истите. Нивното набљудување, претставува појдовна информација за следење на развојот на секој ученик, поединечно.

Она што е значајно за нашето истражување е моментот на планирање и програмирање на методската организација на воспитно-образовниот процес во основното училиште „Петар Поп Арсов“. Во таа смисла во овој документ се зададени видовите на планирања на наставниот процес.

Најголема прецизност, можеби и структуираност се забележува во содржините во неделното и дневното планирање. Во делот за дневно планирање, зададена е всушност микроартикулацијата на активностите во рамките на еден ден, што претставува насока во секојдневната реализација на активностите и содржините. Целосна анализа на дневното планирање е спроведена во текот на реализираната истражувачка активност и истата ќе биде подлабоко третирана во анализата, со помош на техниката *партиципативно набљудување*. Програмите ја откриваат тенденцијата за почитување на сите аспекти на развојот кај детето, па оттука се заклучува за присутноста на холистичкиот развој на децата во раниот училишен период.

Во однос на методските препораки за примена на одредени методи или форми на работа, преку анализата, може да се издвојат: методите на усно излагање, (преку обликот на раскажување, опишување или прераскажување); метод на демонстрација, метод на практичка работа,

(преку работа во катчињата, со реализација на работни активности). Значењето на дидактичките средства и материјали, се на високо ниво со самиот пристап во определувањето. Се поставуваат барања за присуство на природни материјали и средства кои ќе бидат составени од ткаенина, волна, дрво и слично. Вака поставената методика дава само одредени принципи, по кои треба да се води наставникот во текот на наставата.

Можеме да заклучиме на крајот, дека ваквиот пристап во планирањето и програмирањето на наставниот процес во прво одделение, е значаен, бидејќи ја цени компетенцијата на наставникпт, неговото стручно образование и неговиот карактер.

## 2. Анализа на податоците добиени од опсервацијата на воспитно-образовниот процес во паралелката I-3, деветгодишно образовование, во основното училиште „Петар Поп Арсов“ –Скопје.

Опсервацијата на наставниот процес во паралелката I-3, деветгодишно образование, при основното училиште „Петар Поп Арсов“, Скопје, ни овозможи добивање на емпириски, изворни податоци за методската организација во интегрираната настава, во која, како наставно средство се применува, анимираниот-цртан филм. Истражувачките теренски активности, во паралелката 1-3, се реализираа во времетраење од месец дена, поточно од 24. 12. 2009, до 26. 01. 2010 година.

При самото пристигнување во основното училиште, наидов на топол прием, од страна на сите одделенски наставници, вработени во оваа институција, но и со добиена претходна согласност од директорот на училиштето, Тања Савеска. Особено, наидов на топол прием од одделенскиот наставник Петранка Крстева, која е одделенски раководител на паралелката во која се одвиваа истражувачките активности. Заедно ги потврдивме договорите за присуство и начинот на опсервација, но исто така добив и значајни воведни информации за целокупната организација на паралелката.

### Резултати од дескриптивното набљудување

- **ПРОСТОР**

Пред да се почне, со анализа на податоците, би сакала, накратко да изнесам некои основни информации, за основното училиште „Петар Поп Арсов“. ОУ е лоцирано на улица „Трифун Бузев“ бб во Општина Карпош 4, Скопје, Р. Македонија. Тоа за првпат започнува да работи од учебната 1972/1973 година, во зграда од цврст материјал, павиљонски тип, специјално градена за изведување на кабинетска настава. Зградата ги

задоволува сите услови за изведување на современа настава, која располага со централно парно греење. Зелените површини кои се во склоп на училишниот двор, самостојно се уредуваат со помош на Локалната самоуправа и разни донатори. Училиштето располага со 5230 метри квадратни училишна површина и 20580 метри квадрати, дворна површина, асфалтирани спортски терени кои се сместени пред главниот влез во училиштето. Во училиштето учат 768 ученици во 29 паралелки, во две смени, а воспитно и административно -техничката работа, ја извршуваат 54 лица. Наставата се одвива на македонски јазик и училиштето организира и продолжен престој за своите ученици. „Петар Поп Арсов“ е збратимено со ОУ. „Вожд Карађорђе“ од Ниш - Р. Србија.

Во педагошката 2009/2010 година, запишани се вкупно 94 првачиња, кои се поделени во три паралелки. Во првата, I-1 класична паралелка, се запишани 29 првооделенци, во втората I-2 исто така класична паралелка, од 31 првооделенци, а во I-3 целодневна настава, каде го вршев истражувањето, посетуваат вкупно 34 првооделенци-деветгодишно-образование. Воспитно-образовниот процес во оваа паралелка, се реализира во две смени, првата почнува од 7. 00 часот до 12. 00, по која продолжува втората смена, се до 17. 00 часот, кога и завршува престојот. Целодневната настава ја реализираат, Билјана Каровска и Петранка Крстева, кај кои наидов на големо разбирање и топол прием. Оваа целодневна настава, бара голема посветеност од самите наставници, бидејќи самата специфична организација и временскиот период на престој, налагаат одредени принципи на работа, кои треба одлично да се познаваат. Со оглед на фактот дека целокупното планирање и реализација на наставата се одвива интергрирано, водејќи се по стапките на активната настава, истата бара многу труд и работа кај наставниците, но со тоа и добивање на позитивни ефекти во работењето.

## ➢ ПРЕДМЕТИ:

Самата училница е со правоаголна, правилна форма. На прозорците висат завеси со интересен дизајн од шари, во жолта, зелена и розева боја.




До крајниот прозорец, се наоѓа импровизиран куклен простор со два прозорци, покриени со црвени завеси каде учениците драматизираат содржини од драмски текстови. Во близина е сместена зелена табла до која се наоѓа селското катче.



Спроти таблата се наоѓа правоаголна жолта маса со пет ниски столчиња направени за оваа детска возраст, почитувајќи го нивниот физички раст. Околу целата површина на училницата се распоредени и другите седум масички, правејќи го просторот, функционален за активната современа настава. На крајниот дел, до таблата, се наоѓа селското катче, исполнето со мала дрвена масичка и мали селски столчиња, а над нив, на ѕидот висат везени торбичиња и апликации од стари дрвени музички инструменти.

Следува простор во кој има наредено десет шкафчиња со различни бои, - сина, портокалова и розева боја. На три шкафчиња стојат неколку тикви кои само го доловуваат амбиентот на селското катче. Во шкафчињата, учениците ги сместуваа материјалите кои ги користеа. На ѕидот, над шкафчињата, се залепени три хамери сите со различна содржина. На првиот хамер е илустрирана наставната тема „Кој сум јас“, на вториот се залепени природни билки и чаеви, а на третиот е напишана стихотворбата „Чекор по чекор“. Потоа доаѓа татковинското катче во кое се наоѓаат постери од градот Скопје, химната на Р. Македонија, грбот на републиката . На влезната врата е залепен хамер ,




исполнет со сликички и пораки за правилно однесување во училницата, односно училиштето. До вратата се наоѓаат две шкафчиња на

кои се сместени материјалите за ликовно творење, а до нив има уште две шкафчиња на кои се наредени многу плишани играчки и предмети.




До нив има посебен шкаф на кој е сместен телевизорот и дивидито. Веднаш до нив има и пет бели шкафчиња со по пет фиоки, над кои висат две изложбени паноа кои се користат за прикажување на илустрации или за ликовните творби на учениците. Останатите хамери од наставните теми по Запознавање на околината, се распоредени насекаде на ѕидовите од училницата. До прозорците се наоѓа парното, над кое е ставена дрвена клупа, па таа често знае да служи за редење на ученичките ранци. На подот е послан зелен тепих, што бара учениците постојано да носат пантовки.

Училницата е одлично осветлена и пријатна за престој и работа.

- ***Субјекти***: Паралелката која беше предмет на набљудување се состои од 34 ученици и таа е хетерогена по пол. Од нив 16 се девојчиња на шестгодишна возраст и 18 момчиња. Сите ученици се по националност македонци.
- **Активности**: Средбите се одвиваа двапати неделно во текот на месец -декември, од 7 и 30 до 11 и 30 часот, со можност за продолжување, по потреба и барање од самите наставни активности.

Фокусот на набљудувањето беше подготвен и претходно испланиран и за таа цел применив протокол за набљудување. Податоците предвидени со протоколот, соодвестуваа со потребата на предметот на истражување и тие се однесуваа на:

- Воспитно-образовни подрачја; (ИНТЕГРАЦИЈА)
- Воспитно-образовна тема;
- Воспитно образовна содржина;
- Цел и задачи;
- Форми на работа;
- Методи;
- Дидактички средства и материјали;
- Место на воспитно-образовната работа;
- Опис и анализа на улогата и статусот на наставникот;
- Опис и анализа на улогата и статусот на детето, можностите за активност;
- Анализа на говорот кој се користи;
- Опис и анализа на вербалната комуникација меѓу субјектите;
- Опис и анализа на невербалната комуникација меѓу субјектите;
- Опис на климата за време на активностите;
- Технолошка подршка;
- Анализа на методската организација;
- Анализа на просторно-временската организација;
- Содржинска и временска микроартикулација на активностите;
- Содржинска и временска макроартикулација на наставната работа.

Во однос на горенаведените истражувачки прашања, во текот на опсервацијата, се добија значајни податоци. Во извештајот што следува, дел ќе бидат презентирани во интепретивна форма, а пак дел во оргинална форма за да се избегнат несоодветни начини на толкување.

Во насока на соодветна анализа на податоците добиени во рамките на содржинска и временска микроартикулација на активностите, како и

содржинска и временска артикулација на воспитно-образовната работа, ќе се послужиме со дескрипција на податоците добиени за време од месец дена, односно девет истражувачки посети, во паралелката I-3, при основното училиште „Петар Поп Арсов“.

## Резултати од фокусираното набљудување

### 24.11.2009 година (вторник)

Со моето доаѓање во училницата, во 7. 00 часот, пристигнаа неколку ученици, заедно со наставничката Петранка, која ги донесе од појадок. Се јавуваше радост кај повеќето од нив кога го здогледаа своето другарче во училницата, па започнуваа со некоја нова игра, се до почетокот на првиот час. Наставничката со многу топлина ги примаше децата, велејќи им дека денес ќе имаат прекрасен ден исполнет со многу игра, но и учење. Откако дојдоа сите деца, околу 8. 00 часот, започна часот и наставничката ме престави пред сите нив. Им кажа дека заедно со мене ќе учат нови работи и со помош на нивните омилени цртани филмови, тоа ќе биде многу полесно. Се запознавме, иако учениците ме познаваа како наставник од друго одделение, па немаше никаква вознемиреност или исплашеност во комуникацијата. Учениците ги сместивме покрај телевизорот, го вклучивме дивидиплеерот и го прикажавме цртаниот филм „Грашковград“. Натавничката, само ги насочи учениците во што да внимаваат кога го гледаат цртаниот и ги замоли да бидат будни и да размислуваат тоа што ќе видат. Анимираната серија почна да се емитува.



Додека се емитуваше цртаниот филм, „Грашковград“, истовремено се водеше разговор помеѓу учениците и наставникот.

Наставникот: Кого гледаме на полјаната?

Сите(ученици): Грашковците...

Н: Зошто сите се собрале, има некој настан или....

У1: Избираат најголем плод од зеленчук.

Н: Кој учествува во изборот?

У2: Сите Грашковци и тие имаат по еден зеленчук, кромид, пченка,

У3: компир, морков,

(Наставничката забележува дека добро внимаваат и им дава задача да воочат, дали сите Грашковците се со иста големина или не е така.) Учениците во еден глас изговараат. Нееее... има мали и големи Грашковци!

Н: А така деца има и помали и уште помали од нив, но има и поголеми од нив. Но да видиме кои се овие двајца?

У4: Тие се лоши Грашковци, тие носат голем домат на натпреварот.

Н: Можеби тие ќе победат, мислите исто како мене?

Ајде да видиме што ќе се случи!

Сите: Пукна патлиџанот, сите им се смејат.

Н: А, значи лошите Грашковци се фатени со лагата, тоа било само балон, фарбан во црвена боја, како бојата на доматот.

У6: Одбраа друг победник, дебелиот Грашковец, со пченката.

У7: Го сликаа, во весник, а лошите ги ставија во затвор.

По завршувањето на цртаниот филм, наставничката, веднаш ги распореди учениците во четирите наставни катчиња, отворени тој ден и во секое катче, им даде различни задачи и активности. Во литературното катче, присуствуваа шест деца и нивна задача беше да творат и да создадат неколку стихови за нивниот омилен зеленчуков плод, забележан во цртаниот, зошто целта на наставното подрачје: *Творење и Изразување* беше тие да се оспособат усно да творат. Еве неколку примери од создадени стихови.

У1*: Кромитче, кромитче, многу сакам здраво да се хранам.*

У2: *Морковче, морковче. јас сум сега здрава, секој ден те јадам со мама и баба.*

У3: *Доматче, доматче, јадам сама и со баба и дедо ќе го јадам цело.*

У4: *Тој расте под земјата, сите го сакаме и се прави за во пинџур, секое дете го сака.*

У5: *Морковче, морковче, сите го сакаат јасно е, јас си го мијам сама и со тоа морковчето ќе си го јадам сама.*

У6: *Домати, пиперки, сакам јас, моркови и компири, зелка и прас, ќе си купам сега во овој час, за да бидам здрав како лани пак.*

У7: *Кромидот, кромидот, сите го сакаат знај, секој треба да го јаде за да биде здрав.*

Овие стихови, наставникот, внимателно ги снимаше на диктафон за подобар запис и она што беше специфично при реализација на оваа активност е смиреноста која се шреше и се чувствуваше помеѓу сите. Децата не беа присилувани на ниту еден збор, напротив се забележуваше нивната добра волја и задоволство од создадената песна. Наставничката, по оваа активност се упати во истражувачкото катче во кое, седум ученици, се обидуваа да го осознаат процесот на садење, но и условите, потребни за ртење на гравчињата. На масата беа сместени неколку зрна гравчиња, саксија со ровка земја и чаша со вода. Најпрво се дадоа основните упатства за работа, по што следуваше планираната активност.

Н: Деца, сега ќе научите за процесот на садење на гравчето.

У1: Јас ја ископав земјата.

Н: Што треба да правите, потоа?

У1: Да ставиме неколку гравчиња, внатре во земјата.

У2: Јас ставив две, ќе помешам со стапчево.

У3: Сега треба да се покријат со земјата и да ги испрскаме со вода.

Н: Што друго му треба за да изрти гравчето:

Сите: Сонце, силно.




Во продолжение следуваше реализацијата на математичките активности, за кои наставничката внимателно набљудуваше и даваше препораки за корекција на истите. Во математичкото катче, десет ученици, работеа на содржини и задачи од наставната единица *„Помало, поголемо"* и целта беше да се оспособат во подредувањето на објектите, според степенот на својството *големина,* во низа што расте или опаѓа. Наставниот лист содржеше илустрации и содржини кои беа изделени од цртаниот филм „Грашковград" (види прилог 1).

Останатите деца беа во музичкото катче и ја слушаа песната *„Во зеленчуковата градина*, од детскиот фестивал Златно славејче. Така после неколку повторувања на истата, тие знаеја и да ја интерпретираат, по што следеше и пофалба од наставничката.

По завршувањето на соодветната активност од страна на ученикот, во некоја од катчињата, следеше ротација на активноста, така што секој ученик имаше можност да учествува во сите предвидени активности за тој училишен ден и со тоа успешно да ја разбере главната цел за тој наставен ден, а таа беше да се оспособат да ги препознаваат зеленчуковите плодови. Во 11:30 часот, според дневниот ритам кој го диктира самата целодневна настава, следуваше ручекот, па со тоа заврши и мојата истражувачка активност, планирана за тој ден.

**26.11.2009 (четврток)**

Тоа што наставничката немаше постојана комуникација со децата не значи дека тие се препуштени сами на себе, напротив го забележав нејзиното будно следење на секоја активност на секое дете и во голема мерка ги почитуваше детските потреби, желби, интереси. Откако заѕвони звончето за час, сите ученици како да очекуваа дека повторно ќе гледаат цртан филм, па постојано не прашуваа и мене и наставничката дали ќе гледаме цртан филм. Ние со насмевка ги поканивме да се наредат околу телевизорот за да направиме мало кино во кое сите ќе се чуствуваме убаво. Сите деца седнаа на столчињата, а наставничката го пушти полскиот цртан филм „Мечето Ушко на пазар“. Ги упати во начинот на следење на оваа анимирана серија и во продолжение следеше активноста, гледање на анимираната серија.




По завршувањето на истиот следеше разговор помеѓу наставникот, истражувачот и децата.

Н: Што ви остана во сеќавањето од тоа што следевте?

У1: Пазарот.

У2: Мечето Ушко.

Истражувачот: Ммм, значи главен лик е мечето Ушко, но кои се другите?

У1: Зајачето, ежињата, срната и други животни.

Н: А каде оди мечето?

Сите: На пазар....

И: А вие одите на пазар?

У2: Да одам со мама.

У3: А јас со баба.

Н: Добро, а мечето Ушко зошто оди на пазар?

Сите: Да прави зимница за во зима.

Н: А што имаше на пазарот?

У4: Многу зеленчук.

И: Само зеленчук или и нешто друго!

У4: Да, банани.

Н: Други овошни плодови, забележавте?

У5: Патлиџан!

Н: Тоа е овошен плод? (сите се смејат, Марко секогаш греши –велат учениците).

Н: Добро деца, не треба да му се смееме, сите грешиме, понекогаш.

Но да продолжиме, што купува Ушко на пазарот.

У6: Купува овошје за да направи сладок мармалад.

Н: Значи тоа е вредно, послушно, но вие деца вредни ли сте?

Сите: Помагаме на мама и тато.

Н: Добро, сега ќе се поделиме во наставните катчиња, бидејќи целта ни е да научиме нешто повеќе за поимот пазар и се што има на пазар.

По разговорот, јас и наставничката, одбравме седум ученици за во истражувачкото катче во кое децата имаа задача да ја играат играта "*На пазар*", за да научат повеќе за производите што се продаваат на пазар.



Додека ја играа играта „На пазар“, за цело време го имитираа мечето Ушко и неговите пријатели. Во исто време се отвори математичкото катче, во кое десет ученици имаа задача да решат задачи од наставен лист преку кои ќе научат нешто повеќе за математичките поими *широко-потесно* (види прилог 2). Сите математички проблеми во наставниот лист беа така формулирани што ја илустрираа содржината на денот *„На пазар“,* па интересот за работа е сосема очекуван. Тој ден го отворивме и ликовното катче кое очигледно побудуваше најголем интертес за работа. Во него, седум ученици имаа задача со помош на сликањето, како ликовна техника, да го искажат најубавиот момент од цртаниот филм и со помош на боите да се оспособат правилно да сликаат ,што беше и цел на ликовното подрачје *сликање* (види прилог 3).

На крајот од четвртиот час и по завршетокот на сите активности и ротирања околу наставните центри, следуваше, прикажување на учениковите резултати и истакнување на позитивните особини во работењето.

И овој, училишен ден  заврши, па следеше разделба помеѓу мене и децата и ветување на повторна средба за брзо време.

**01.12.2009. година (вторник)**

Триесетина минути пред доаѓањето на учениците, бев во училницата и се обидував истата да ја анализирам. Од забележаното дојдов до констатација дека таа навистина добро функционира и води сметка за повеќе принципи во работењето: холистички приод, сеопфатен развој на детето, интегрирање на цели, активности и содржини од различни наставни предмети и играта како главна компонента во учењето, сите принципи врз основа на која се гради интегрираната настава. Додека анализирав, децата полека, доаѓаа еден по еден, секој си заземаше место по желба, си разменуваа разговори, насмевки, коментари и споделуваа свои искуства од минатиот ден. Но наставничката, со звонењето на училишното ѕвонче, го означи почетокот на часот. Таа им соопшти дека денес јас ќе ги водам низ активностите, но таа ќе биде тука и нема да си оди. Ова го потврди, бидејќи учениците, најпрво реагираа, нивната наставничка да не си замине, но кога ги смири, тие ја прифатија мојата понуда во гледањето на цртаните серии „Јаболкото и Пинк Пантер“ и „ Забава со овошјето.“




Главната цел на овој наставен ден беше учениците, со помош на активноста- гледање на цртани серии, како наставни средства, истите да

помогнат таа цел да се реализира, односно да препознаваат, именуваат и разликуваат овошни плодови.

По завршувањето на процесот, гледање телевизија, започнав со прашањата упатени до учениците, со цел да ги мотивирам и наведам да се потсетат на впечатоците и позитивните чуства кои ги добија. На пример: *Какви чувства предизвика кај вас ликот на Пинк Пантер, Со неговите постапки дали го жалевте или му се смеевте , Какви чувства предизвика музиката во која играа овошните плодови , Кои ликови ви беа најубави , Би ги изеле ли по ваквото нивно танцување...* Се развива бурна дискусија, сите спонтано се вклучуваат, зборуваат за своите чувства кои беа позитивни.

Едукативниот блок го започнавме со одредување на наставните катчиња отворени за тој ден, бидејќи беше планирано интегративно спојување на целите, содржините и активностите по наставните предмети: македонски јазик, запознавање на околината и математика. Шест ученици, во истражувачкото катче, работеа на наставни ливчиња, потполнети со апликации од зеленчукови и од овошни плодови, а нивна активност беше истите апликации да ги исечат и да ги распоредат во две капачиња. Потребно беше да се внимава во распределбата на сликичките така што апликациите со овошни плодови потребно беше да се внесат во едното капаче, со цел истите да се именуваат, препознаваат и подредат.



За цело време, набљудував во активноста и неприметливо давав помош таму каде морав. Владееше работна атмосфера, потоа се насочив во математичкото катче, во кое единаесет ученици имаа задача да научат нешто повеќе за релативноста на предметите *–дебело, тенко*. Решавањето на проблемите од наставниот лист успешно се одвиваше, проблемите беа со содржина и илустрации од гледаните цртани филмови, па предизвикуваа атрактивност и мотивација за поуспешна работа, барем така се забележуваше (види прилог 4). Само четири деца беа во литературното катче и добија активност да го прераскажат омилениот цртан филм од двата понудени, се разбира по нивен избор. За оваа наставна активност, користев, диктафон, бидејќи нивната возраст налагаше да се снима усниот говор, во неможноста истиот писмено да го престават .

Со овој едукативен блок на активности, заврши наставниот ден, а учениците почнаа да чуствуваат глад, па наставничката ги презеде и однесе на ручек. Се поздравив со нив и си ветивме повторна средба за неколку дена.

**03. 12. 2009 година (четврток)**

Речиси е 8 часот. Просторијата за реализирање на интегрираната настава е подготвена на вообичаен начин, љубопитните ученици се гледаа меѓусебно, коментираа за сите цртани филмови што ги гледале и очекуваа нови анимирани серии. Овие коментари што ги даваат учениците се од голема важност, бидејќи значат дека сме поткренале одредени влијанија кај нив, при овој начин на работа. Неколку ученици не беа дојдени поради вирусот од новиот грип, но се започна со работа веднаш по звонењето на ѕвончето. Наставничката за овој наставен ден го одбра краткиот анимиран филм, „Нилскиот коњ и хризантемата," со содржина која беше репрезентативна за главната цел, препознавање на есенското цвеќе Хризантема.



Внимателно го гледаа цртаниот филм, побараа повторување на истиот, бидејќи предизвика интерес и смеа, за постапките на нилскиот коњ кој се обидуваше да ја спаси хризантемата и на крај успева во неговата намера. Со завршувањето на истиот, сите имаа потреба да зборуваат и се разви дискусија преку која се согледа интересот истата да потрае. Затоа наставникот поставуваше прашања и следуваа и одговорите.

Н: Се согласувате со мене дека кај вас предизвика интерес и симпатии, малото нилско конче?

У1: Даааааааааа;

У2: Тоа е толку смешно и смотано.

Н: Го забележавте, цвеќето, ви се допадна?

У3: Хризантема е тоа, наставничке, дома имаме во дворот.

Н: А какво е тоа цвеќе, пролетно или..

У4: Зимско.

Н: Деца ова цвеќе е есенско, го има насекаде по пазарите, цвеќарниците, ние го купуваме и го чуваме во вазна за да ни го разубави домот.

У5: Јас имам дома, баба го донесе.

Н: А добро што правеше нилскиот коњ со хризантемата?

У6: Внимаваше да не го уништат автомобилите.

Н: И, потоа што се случи, а ?

У7: Нилскиот коњ настрада, се повреди и сега е во количка.

Н: Но ја спаси хризантемата?

У8: Да, но тој е повреден.

Н: Нилскиот коњ се грижи за хризантемата, така и вие треба да се однесувате кон цвеќињата, да ги сакате.

Децата внимателно ја слушаа наставничката за нивните денешни обврски, се распоредија во отворените центри за работа и започнаа со активностите. Аналогно на претходната содржина, во истражувачкото катче, се поставуваа прашањата: *Какви бои на хризантеми познавате; какви се нивните ливчиња; дали се нежни при допир; имаат ли стебло овие есенски цвеќиња; дали се мазни при допир; или чувствувате ладно*? Ред вакви прашања се поставуваа, бидејќи на масата имаше неколку примероци од ова цвеќе, во различни бои. Разговорот се одвиваше возбудливо, учениците беа желни за разговор, а наставничката нивните одговори ги запишување на лист.

Се презентираше следната вежба, со барање до учениците да го решат наставниот лист по математика. На дванаесетина ученици им се објасни што да работат во математичкото катче и тие успешно ги следеа инструкциите од наставникот. Внимателно ги гледаа апликациите кои ја илустрираа содржината од анимираната серија, но тоа не беше главна цел по математика, целта беше да размислуваат логички во решавање на логички проблеми, односно правилно да подредуваат низи во нивното растење или опаѓање според одредено мерливо својство (види прилог 5). Успешно се заврши активноста и покрај одредени потешкотии кои се јавија кај едредени деца.



Активностите тука не завршуваат, истовремено се работеше и во литературното катче, во кое три ученици се обидуваа да играат, односно да го глумат нилскиот коњ, неговото однесување, неговите покрети. Наставничката од страна, забележуваше и водеше извешај за нивната активност. Тој ден се отвори и ликовното катче кое очигледно е најпосакувано место за работа, бидејќи веднаш се забележува голема подвижност и интерес за активност. Учениците со помош на мрсни боички, сликаа најубав момент од анимираната серија „Хризантемата и нилскиот коњ". Целта во ова наставно подрачје е тие да се оспособат правилно да сликаат со мрсните боички и истите редовно да ги користат во сликањето. Таа цел и се постигна, учениците добија прекрасни слики, ликовни творби кои внимателно и со љубов се работеа (види прилог 6).

Н: Оваа средба можеме да ја завршиме со заклучокот дека секое цвеќе е живо суштество, кое, се развива, умира, од вас деца зависи како тие ќе се развиваат, чувајте ги и сакајте ги сите цвеќиња, без разлика на нивниот изглед, мирис, боја.

По оваа обраќање од наставникот, јас им се заблагодарив на прекрасниот ден поминат со нив и им ветив повторна средба идната недела.

**15. 12. 2009 год. (вторник)**

Кога сите ученици пристигнаа, се создаде мала врева, тие слободно разговараа, но кога одредени ученици преминаа во некаква расправија околу играчка, тогаш наставничката интервенираше, но со нежен глас при што го нагласи името на тие деца, но доколку беше потребно, таа воспитно и ќе реагираше. Откако заврши времето за слободни активности, наставничката ги повика учениците, а пак ти се наредија околу телевизорот и беа подготвени за учење. Во оваа активност, помагав и јас и заедно го подготвивме изборот на две анимирани серии, „Мачорот Силвестер", и „Петелот и кучето". Овој избор е направен, бидејќи даваше визуелизација на содржините што требаше да се усвојат тој ден, но се внимаваше и во

почитувањето на принципот, -возраст на децата, па изборот беше добро направен.






По завршување на истите, следеше разговор.

Н: Ви се допаднаа, цртаните филмови или не е така?

Сите: Дааааааааааа.

Н: Во анимираната серија, „Мачорот Силвестер“, кои домашни животни ги запознавте?

У1: Мачето и пилето.

У2: Слонот.

Н: Дали слонот е домашно животно?

У3: Не, туку диво.

Н: А лавот што го видовте, домашно е?

У4: Лавот, наставничке е диво, Марко згреши, преска.

У5: Јас имам дома папагал.

Н:Тоа е домашно милениче-птица, нели?

У6: Јас многу го сакам мачорот Силвестер.

Н: А мачорот успева да го намудри пилето?

У7: Не, пилето е попаметно од мачорот.

Н: Добро деца, а во цртаниот филм, Петелот и кучето, кои животни ги забележавте.

У7: Петелот, кучето, кокошката, малото соколче.

Н: Соколот, домашно животно е ?

У5: Дива птица.

Н: А петелот, што го лаже соколот?

У9: Дека кучето е кокошка за да ја изеде.

Н: Поверува ли соколот на зборовите од итриот петел?

У10: Да, но после дозна дека го лаже.

Н: Добро деца, денес, преку овие цртани, се запознавме со домашните птици и домашните животни, но деца има ли и други животни кои се домашни или само овие што ги научивме?

У11: Кравата, прасето.

У12. Козата, јагнето, магарето.

Н: Домашните животни и птици ги викаме домашни, зошто човекот ги одледува дома и го користи нивното млеко, месо, волна, јајца.

Наставничката, заедно со мене, ги подели учениците во катчињата и започнавме со планираните активности. Во математичкото катче, се вклучив и дадов упатства во потполнувањето на наставниот лист. Во истиот се дадени апликации од содржини од двата анимирани филмови, но целта беше да решат математичките проблеми со доцртување, спојување и сл. (види прилог 7). Некои со потешкотии ги решаваа логичките проблеми, по што интервенирав, покажував насоки, патишта, до откривање на решението. Владееше работна атмосфера, па резултатите беа неминовни и очекувани.



Истовремено, наставничката, го отвори литературното катче, во кое пет ученици требаше да се оспособат усно да прераскажуваат и им се

отвори можност да изберат кој цртан ќе го прераскажат. За цело време беше вклучен диктафонот и тој го забележа следново:

У1: *Силвестер одеше во циркус со лавот и слонот. Таму беше и ѕивѕи, тоа се качи по скалите, Силвестер по него. Го бркаше, бркаше, но лавот му стави цигли и тој падна од нив.*

*У2: Еден ден мачорот оди во циркус и го најде пилето и сакаше да го лапне и после одеше мачорот, да го фати, но ѕивѕи му избега и отиде кај лавот, а тој го изгреба мачорот. Потоа кога се качи по скалите, кога лавот стави цигли, мачорот падна и така заврши.*

Во музичкото катче, наставничката го имаше пуштено цедето со звуци од домашни животни, се со цел учениците кои моментално беа во катчето да ги слушаат и да ги препознаваат нивните звуци. Активноста, се повторуваше повеќе пати, за подобро запознавање на звуците што се потврди кога наставничката ги проверуваше знаењата на учениците.

Во истражувачкото катче се реализира една вежба, во која се бараше од учениците, препознавање на домашните животни и правење разлика со дивите животни. Добиениот наставен лист исполнет со апликации од сите животни, побуди желба за работа, па учениците внимателно со ножици, ги сечеа апликациите и ги оделуваа само илустрациите од домашни животни.




Останатите слики, се фрлаа во корпа како доказ дека не ним требаат за денес, тие не ги учат сега и овде.

Откако сите ученици ротираа во наставните катчиња, заврши и четвртиот наставен час. Се договоривме следната средба да се случи побрзо, но ми ветија дека на таа средба, ќе научат нешто повеќе за птиците.

**16. 12. 2009 година (среда)**

Учениците беа подготвени за новиот училишен ден, кој секако им предизвикуваше интерес, зошто ќе учеа за птиците, а тие беа подготвени со одредени информации, добиени од нивните родители. Оваа наставна тема треба да им помогне на учениците, подобро да ги препознаваат птиците, нивниот изглед, исхрана, живот во природата. Часот го започнаа со прашањата на наставникот- *Кои се основните карактеристики на птиците, Зошто треба да ги чуваме и негуваме, Кој е одговорен за нивниот живот?* и ред други прашања, кои предизвикаа интерес за дискусија и желба за учество во истата, подеднакво иста, кај секој ученик од паралелката. Констатиравме дека оваа содржина е актуелна и интересна при реализација на наставните активности, планирани за тој ден. Следуваше сместување околу телевизорот, а наставникот, го припремаше пуштањето на анимираниот филм „Детето и птицата“.



Овој анимиран филм прикажува едно дете кое играјќи со својата пушка, ја погодува птицата и таа паѓа. Се шири тагата помеѓу птиците и се слуша нивната тажна песна. И детето е тажно, плаче и се чуствува виновно

за смрта на птицата. Но се случува чудо, врне дожд и птицата оживува. Сите се радуваат, се радува и детето.




Во вториот анимиран филм беа присутни елементи на хумор и истиот предизвика смеа и радост. Врапчињата се обидуваат да го избркаат големото врапче, од жицата на која беа наредени, но не успеваат, големото врапче, ги намудрува нив. За цело време, наставникот насочува, дава насоки каде да внимаваат, што да забележат . Се води и разговор за поминатото време со анимираните серии, па потоа продолжуваат во катчињата и секој оди онаму каде најмногу се пронаоѓа.

Литературното катче е место каде секој кој сака да се изразува усно, да прераскажува или раскажува, редовно го посетува и користи. Неколку ученици , се обидоа да ја прераскажат омилената серија од двата цртани филмови, а наставничката, прераскажувањето го снимаше на диктафон. Еве неколку примери.

У1:*Ластовичката беше погодена од детето и потоа дојдоа татко му и мајка му и плачеа. Но кога заврна дожд, птицата стана и сите се радуваа и станаа пријатели со детето.*

*У2: Еден ден биле многу ластовички и таму една незнаела да лета и дошло лошото дете. Тоа пукало на стаклото, и потоа пукало во ластовичката. И дошле ластовичките да плачат за ластовичката и заврнало дожд и престанало, а ластовичката оживеала. Детето ја скршило пушката и отишло да се спријатели со ластовичката.*

Математичкото катче беше интересно за работа, бидејќи учениците добија наставни листови на кои беа апликации на содржините од двата

детски филма (види прилог 8). Целта на ова наставно подрачје беше учениците да се оспособат правилно да ги редат настаните по редослед на случувањата. Како го правеа тоа? Учениците, внимателно со ножици ги сечеа сликите и на друг бел лист ги лепеа, но овој пат правилно ги редеа според редоследот на случувањата на настаните, прикажани во самите цртани. Имаше деца кои со потешкотии ја работеа оваа наставна активност, но затоа тука помагаше наставникот, преку своите интервенции и насоки. На крај, добиените математички резултати, покажаа колку наставникот се трудеше, па него тоа и го мотивираше за да продолжи понатаму во давањето помош, онаму каде навистина беше потребна.

Ликовното катче се отвори и во него десетина ученици се оспособуваа правилно да сликаат со водени боици. Мотивот за сликање беше изваден од анимираните содржини, па беше дадена слобода во изборот на оној дел од филмот кој најмногу им се допаднал (види прилог 9). Потребата за одмор и слободни активности се чуствуваше, владееше некаква развиженост, спремност за игра, за одмор. Оваа вознемиреност ја забележавме заедно, па се одлучивме активностите за тој ден да престанат и да продолжат следниот ден.

**18. 12. 2009 година (петок)**

Претпразничното новогодишно расположение кај сите, во паралелката, се забележуваше, па тоа придонесе за поопуштена атмосфера. Просторот во училницата беше украсен со новогодишна елка и други украси, направени од учениците и нивните вредни рачиња. Се разменуваа мислења за детските очекувања од посетата на Дедо Мраз и дојдовме до сознанија дека тие се различни и оргинални. До пристигнувањето на Дедо Мраз во училницата имаше уште време, но возбудата траеше и не се губеше. Наставничката ги покани учениците на разговор, а тие го прифатија.

Н: Деца, слушнав, некој ќе ни дојде на гости!

Сите: Дедо Мраз....

Н: Навистина, колку убаво, но треба да бидеме мирни и тивки, да слушнеме кога ќе затропа на вратата.

У1: Кога ќе дојде!

Н: Сите со нетрпение го очекуваме, но сега да седнеме покрај телевизорот и да го побараме Дедо Мраз во цртаните, може, ли?

Сите се согласија, наставничката го подготви за гледање анимираниот филм „Дедо Мраз и играчките" и часот почна да се реализира.



По неговиот крај, започнаа разговор околу анимираната серија.

Н: Дедо Мраз е многу добар човек.

У1: Неговите помошници правеа играчки.

Н: Каде ги правеа играчките?

У2: Во работилницата.

Н: А Дедо Мраз, што правеше додека се изработуваа играчките?

У3: Читаше долги писма.

Н: Долги желби испратени од сите деца, тој сака на сите да им ги исполни, а какви играчки ќе прати?

У4: Слончиња, магионичари,

У5: Авиони, куќи,

У6: Кукли што викаат мама, табли за шах,

Н: Многу играчки се правеа во работилницата и потоа ги пакуваа во што?

У7: Во торбата на Дедо мраз.

Н: Така, тој ги спакува играчките и замина на долг пат заедно со своите ирваси.

У8: Отиде кај децата.

У9: Отиде во куќата на едни деца, ама тие спијат.

Н: А како влезе внатре, вратата беше заклучена?

У9: Низ оџакот.

Н: Така, влезе во собата и веднаш се фати за работа, ја отвори торбата и што потоа?

У10: И излегоа разни играчки, и почнаа да ја редат елката.

Н: Но што се случи потоа?

У10: Децата се разбудија.

У11: Дедо Мраз се исплаши, ги остави играчките и замина.

Н: Каде замина?

У12: Кај другите деца.

Н: Децата го видоа Дедо Мраз од прозорецот и многу се радуваа. И ние како нив, го чекаме да дојде, да затропа на вратата, но пред тоа имаме уште да учиме, ајде сега да се распоредиме во катчињата.

Тој ден, наставничката, отвори три катчиња, планирани за реализација на главната цел,- запознавање со *Дедо Мраз.* Во литературното катче, децата требаше да се оспособат усно да прераскажуваат содржина од анимирана серија, во случајов тоа беше серијата што ја проследија на почетокот од часот. Еве неколку нивни усни прераскажувања.

У1: *Дедо Мраз отишол кај децата и им оставил подароци и после децата се разбудиле, а Дедо Мраз се скрил и скришно си отишол, а децата гледаа низ прозорецот и гледаа како си оди.*

*У2: Еден ден Дедо Мраз на кровот се качил и се симнал во куќата, па после донел елка ја накитил, па после тој оставил подароци, имаше и бебе играчка. Кога децата се разбудија одма Дедо Мраз си отишол и после тоа децата одеа, одеа и видоа како си отиде и после сите беа среќни и весели.*

*У3: Еден ден помошниците на Дедо Мраз направиле играчки и тој си ги собрал сите во вреќата, потоа ги делел на сите деца.*

*У4: Дедо Мраз одел и таму имало една куќа и влегол низ оџакот и таму ги оставил подароците и после одел полека и им ја наредил елката бидејќи децата спиеле .И после ги флил подароците околу елката и си заминал кога почнале да се будат децата.*

Додека наставничката ги снимаше со диктафонот, јас бев во математичкото катче, објаснував како полесно да ги совладаат математичките задачи. Десет деца, требаше да се оспособат да формираат множество од елементи според едно својство, боја или форма. Наставните листови повторно беа интересни бидејќи на нив имаше апликации од соджински елементи на анимираната серија. (види прилог 10). Со интерес се работеше, а јас помагав онаму каде самата ситуација бараше, но никако наметливо и со давање на готови решенија.

Музичкото катче беше исполнето со новогодишни звуци и истите предизвикуваа уште поголема предновогодишна еуфорија. Целта на ова беше учениците да се оспособат да ги препознаваат убавите новогодишни ноти.

Додека траеја наставните активности, некој затропа на вратата. Сите беа возбудени, па и ние со наставничката и со нетрпение чекавме да се отвори вратата. Дедо Мраз навистина дојде, сите го бакнуваа, а тој им делеше подароци на сите деца и им порача да бидат добри преку цела година за повторно да дојде другата година, натоварен со многу подароци.

**21. 12. 2009 година (понеделник)**

Заедно со моето пристигнување во училницата, во 7. 30 часот, родителите веќе започнаа грижливо да ги носат своите деца. Полека пристигниваа децата, до 8.30 часот. Оние кои порано пристигнаа се адаптираа и започнуваа одредени активности во слободна форма. Особен интерес преставуваше чинот на разделување на децата со родителите.

Оние поадаптирани за игра, брзо се здружуваа со своето другарче кога ќе го видат, но кај срамежливите се јавуваше одредена одбивност за игра. Таа изолираност, по неколку минути се губеше и доаѓаше период на нивна адаптација во групата и со другите деца. Наставничката, со голема топлина ги примаше учениците со ветување дека и денес ќе поминат прекрасен ден. Играта како активност за релаксирање и опуштање, пред почетокот на учењето, беше прекината со повикот на наставничката за понуда на активноста, гледање телевизија. Таа го припреми цртаниот филм „Кокошката и верверичката“ и го пушти за следење.




Откако заврши неговото емитување, започна со разговорот. Секое дете се обиде да се приклучи во разговорот на својата наставничка, па следуваа интересни одговори.

Н: Значи во цртаниот филм „Кокошката и верверичката“, кои птици ги запознавте?

У1: Петелот, кокошката, пилето..

Н: Во кој род е зборот петел?

У2: Во машки.

Н: А знаете во кој род е зборот пиле, малечко пиле?

Сите: Среден род.

Н: Добро, деца, но што мислите, пилето, кокошката и петелот се диви птици?

У3: Домашни птици се.

Н: Браво, но зошто домашни, што мислите?

У4: Дека ги чуваме дома.

Н: Само поради тоа, тогаш ќе ги викаме домашни миленичиња?

У5: Имаме корист од нив, добиваме месо, јајца..

Н: Така, луѓето имаат корист од домашните птици и поради тоа ги чуваат. Кои домашни птици ги знаете?

У: Кокошка, петел, пиле,..

Н: Други, кои, дали патчето, гуската, мисирката, се домашни птици?

Сите: Даааа.

У6: Домашна птица е ластовичката?

Н: Не, деца таа е преселна птица, која заминува на југ, кога тука е ладно и на сите ни студи.

Н: Во овој цртан филм што прави петелот?

У7: Го клоца јајцето, не сака да го топли.

У: Зошто така прави со јајцето, не ли му е жал?

У8: Затоа што внатре има верверичка, а не пиле.

Во тој момент заѕвони звончето за голем одмор, и се прекина разговорот. Се договорија да продолжат со работа во наставните катчиња, веднаш по завршетокот на истиот. Така и направија. Учениците беа желни за активности, оти им се допадна цртаниот филм, па сакаа да учат. Тој ден по распоред, имаа македонски јазик и ликовно образование, а останатите часови беа наменети за англиски јазик со предметен наставник. Ваквата ситуација налагаше да се отворат литературното катче и ликовното катче кои беа доволни за успешна реализација на целите, планирани тој наставен ден. Во литератирното катче, наставничката им даде задача да смислат десет именки од машки, среден, и женски род, именки кои именуваат предмети или суштества, забележани во самиот цртан филм. Мотивираноста за работа беше голема, па набргу ги кажуваа именките (двор, куќа, небо, метла, гнездо, кокошка, пиле, верверичка, дрво).

Во ликовното катче, се сместија сите останати ученици и започнаа со сликање на готовите необоени фигури, поделени од наставничката. Овие наставни ливчиња содржеа апликации од домашни птици, но беа само оформени контурите и задача беше, но и целта, да се оспособат да бојат

празни површини со помош на фломастери (види прилог 11). Активноста убаво се одвиваше, а учениците беа задоволни. Заѕвони третиот час, со тоа и нашата средба заврши. Повторно им ветив дека набргу ќе се видиме со нови цртани филмови. Се разделивме, а учениците продолжија со активностите по англиски јазик, за кој покажуваа голем интерес и желба за работа.

**23. 12. 2009 година (среда)**

Празничното расположение повторно се забележуваше, за кое придонесе и снегот кој непрекинато паѓаше. Уениците, откако се поздравија со мене, ги кажуваа нивните желби за Нова Година. Иако различни кај секого, сепак, сите желби беа Дедо Мраз да им донесе играчка. Со нетрпение го чекаа зимскиот распуст за да имаат време за игра, но имаше ученици кои сакаа да одат во училиште зошто тука се другарчињата, тука играат и учат. Моето присуство во нивната училница веќе постана вообичаено за нив, па тие се чуствуваа слободни и блиски. Нашето дружење, го прекина милиот глас на наставничката која ги повика, а секое дете се обиде да си најде свое место во кругот кој полека го формираа. Во тој момент, всушност, им се соопшти денешната тема за работа и се подготвија за активноста, гледање на анимирани серии. Овој пат беа избрани две анимирани серии „Мечето Ушко-на санкање“ и „Зима“.






Со внимание беа проследени и двата филма и потоа следеше распределба на учениците во трите наставни катчиња. Во литературното катче, шест ученици имаа задача да одберат кој цртан филм ќе и го прераскажат на наставничката, бидејќи целта беше да се оспособат правилно усно да прераскажуваат содржини што претходно ги проследија. Еве неколку примери од нивната активност.

У1*: Одело, одело Мечето Ушко и видело стапки на снегот и потоа ја сретнало мачката. Таа му рекла: не сакам да се санкам за да не паднам. Мечето продолжило по патот и ги стретнало прасето и зајачињата. Мечето се качило на санката, прасето ја влечело, но се скинало јажето и паднало. Кога дошол дома, мечето го болело главата, но рекло дека ќе внимава кога ќе се санка.*

*У2: Другарчињата ги виде и одеше по нив. Другарчињата го прашале Мечето Ушко како не најде, а тоа рече по трагите. Отиде да се санка, но се скина јажето, падна и се повреди на главата. Вечерта си легна и си вети дека друг пат ќе внимава кога ќе игра со снегот.*

*У3: Си било едно мече се викало Ушко. Кога дошло ден, погледнало од прозорецот и видело како паѓа снег и ги видело другарчињата. Се облекло, излегло и отишло кај зајачињата. Тие го прашале каде одиш, тоа рекло по вашите траги. Одело, одело и ја сретнал мачката, таа рекла дека не се санка со прасето и дека се плаши. Но мечето не се плашело и се качило на санката. Прасето го влечело мечето ушко по угорницата, но се скина јажето и падна на снегот.*

За цело време, додека учениците прераскажуваа, наставничката снимаше и правеше корекции во усмениот говор.

Се приклучив во активностите на математичкото катче, со поделба на наставните ливчиња. Во нив имаше за задача да го насликаат необоениот простор со бои кои ќе прикажат временска разлика помеѓу ден и ноќ. Самите листови, содржеа необоени апликации од емитуваните анимирани содржини , но истите требаше да се обојат со фломастери и да покажуваат временски определби (види прилог 12). Се работеше со интерес, така што

мојата интервенција не беше потребна. Потврдував онаму каде е правилно насликано и давав корекции каде беше потребно.

Ликовното катче беше најмногубројно, таму учениците имаа задача да го илустрираат цртаниот филм кој најмногу им се допадна. Подеднакво се појави интерес за сликање и за двата филма и набргу сликите беа готови.(прилог 13). Следеше и мала изложа на истите, се закачија на паното и се наградија со пофалби. Сите ученици, ротираа во трите отворени наставни центри за работа. Дојде и време за ручек. Се подготвуваа со миење на рачињата, редење во колона и спремни се упатија во кујната. Се поздравивме до следната средба, но не им соопштив дека оваа средба ни беше последна средба. Средбите со нив и понатаму продолжуваат, во неформални средби што ќе ги имаме, бидејќи заедно во исто училиште, го поминуваме времето.

**Во однос на поставените истражувачки прашања кои се однесуваа на методската поставеност на анимираните серии во наставата за прво одделение, ги добивме следниве податоци.**

### 1. Интеграција на воспитно- образовните подрачја

Во секојдневната целокупна реализација на воспитно-образовната работа во наставата за прво одделение, во која се користи анимираната серија, како наставно средство, постои пермаметна интеграција на воспитно-образовните подрачја. При планирањето се поаѓа од усвоените наставни програми, можностите и интересите на учениците. Интегрирањето на целите, активностите и содржините од различни наставни предмети и програмски подрачја се услов за планирање и реализација на цел работен ден. За време на партиципативното набљудување, односно опсервацијата во самата училница, постоеше целосна интеграција на наставните подрачја, особено по наставните предмети Македонски јазик, Математика, Ликовно образование и Запознавање на околината. Оттука може да заклучиме дека интегративниот и холистичкиот пристап секојдневно се

применува во наставната работа, во првото деветгодишно образование, при ОУ: „Петар Поп Арсов“.

**2. Воспитно- образовна тема која се реализира во периодот на опсервација**

Целокупната опсервација на истражувањето се реализираше во периодот кога се обработуваше наставната тема *„Јас сум дел од природата“*. Оттука и целокупната организација и реализација на воспитно-образовниот процес беше насочена кон оваа тема.

**3. Воспитно- образовна содржина која се реализира во периодот на опсервација**

Воспитно- образовните содржини беа поделени и диференцирани за време на истражувачките посети. Планираните наставни содржини беа услов при изборот на содржините од анимираните серии, зошто тие серии ги презентираа нив. Беа реализирани следниве воспитно- образовни содржини: Зима, Домашни животни, Домашни птици, На пазар, Зеленчук, Овошје, Есенско цвеќе, Птици, Дедо Мраз.

**4. Цели и задачи за реализација на предвидените содржини**

Целта и задачите се извлечени од програмата, но не се така строго дефинирани. Во секојдневното планирање на наставата, наставникот тргнува од дефинирање на конкретната цел и со определување на оперативните цели кои заеднички се однесуваат на неколку интегрирани наставни предмети. Конкретната цел и оперативните цели како тенденција се провлекуваат во целокупната наставна работа и тие пред се се однесуваат на развојот на целата личност на детето, во однос на психофизичкоиот развој, емоционалниот, социјалниот и интелектуалниот развој.

### 5. Форми на работа кои се применуваат во училницата

Врз основа на месечната опсервација на интегрираната настава, се обидовме да ги пронајдеме најчесто применувани форми за работа. Во планирањето и реализирањето на воспитно-образовниот процес, може да се каже дека најчесто природно и спонтано се применуваа **индивидуалната и заедничката форма на работа.**

### 6. Методи кои се употребуваат во работата со децата од првото деветгодишно образование

Ниеден метод нема да биде доволно ефективен во реализацијата на содржините, доколку не се комбинира со другите методи, особено со вербалните. Со оглед на развојните специфики на децата од прво одделение, како и начинот на учење кај нив, акцентот беше ставен на методот на игра, истражувачкиот метод, метод на ликовна илустрација, методот на практична работа и метод на разговор.

### 7. Видови на дидактички средства и материјали кои се применуваат при реализација на активностите

Во целиот простор на училницата, постојано им беа на дофат следниве материјали и средства: дрвени и плишани играчки, дрвени коцки, камчиња, шишарки, конци во различни бои, ножици, боици, фломастери, бели листови, весници, сликовници, лупа и многу други дидактички средства и материјали чија нивна карактеристика е природноста.

### 8. Место каде се реализира воспитно-образовната работа

Воспитно-образовната работа се реализираше главно во училницата кај учеництити од прво-3, во ОУ: „ Петар Поп Арсов“.

### 9. Улогата и статусот на наставникот

Во текот на опсервацијата добивме голем број на податоци по однос на ова прашање кои можат да бидат сублимирани во следниов заклучок. Наставникот во целост применува демократски пристап на водење со

голема мера на почитување на детските потреби, желби и иницијативи. Преку секојдневните активности, тој се труди кај учениците да развива позитивни ставови, а да ги одбегнува негативните последици од разните влијанија. Секогаш им се обраќа со умерен глас и остварува визуелна комуникација со секој ученик од паралелката.

**10. Улогата и статусот на ученикот**

При анализа на улогата и статусот на учениците, ги добивме следниве податоци. Секое ученик има статус на активен субјект кој е потикнуван да ги следи своите потреби и интереси. Тој прашува, набљудува појави, процеси и учи преку решавање на проблеми. Се труди во своето учење и бара постојано подршка за своите активности, но се труди и да ги поправи своите грешки и е свесен за својата одговорност. Ученикот во паралелката е динамичен, активен и жеден за нови сознанија и искуства.

**11. Јазикот и говорот кој се користи во воспитно- образовната работа во паралелката**

Јазикот кој се говори во наставата за прво-одделение е јасен, прецизен, разбирлив, говор кој е карактеристичен за возрасните луѓе.

**12. Вербалната комуникација меѓу субјектите**

Вербалната комуникација е присутна, како меѓу самите ученици, така и меѓу наставничката и учениците. Наставничката Петранка не информираше дека таа комуникација е јасна, целосна, непрекината и постојана, поради фактот дека во оваа возраст кај децата се потикнува интелектот, па се јавува потреба од повеќе зборување и говор.

**13. Невербална комуникација меѓу субјектите**

Невербалната комуникација е видлива во односот меѓу сите субјекти. Таа изобилува со следење на погледот, нежни погледи и со давање на знаци дека наставничката ги набљудува. Овој вид на комуникација можеби влева кај децата поголема сигурност и прифатеност од страна на

наставникот. Понекогаш, таа им се обраќа на учениците, со поглед или допир, кога се вознемирени или пак исплашени, но кога нивното однесување станува неподносливо, применува зборови со повисок тон во изговорот.

**14. Климата и атмосферата за време на активноста .**

Во училницата, за време на нашата опсервација, кога се реализираа активностите, преовладуваше пријатна атмосфера со постојана детска раздвиженост и детска игра, но во периодите на некаква напнатост и вознемиреност, наставничката се обидуваше да ги смири на мирен начин. За цело време владееше клима на соработка, пријателство и грижа.

**15. Технолошка подршка во текот на наставата**

Во однос на технолошката подршка, во текот на наставата, се применуваше телевизорот, заедно со дивидиплеерот кои беа главните извори на нови знаења и искуства, како и основа од која се тргнуваше при реализација на наставата.

**16. Начин на реализација на методската реализација**

Методската реализација на наставата, започнуваше со емитување на анимираните содржини, кои ги насочуваа понатамошните дневни планирани наставни активности. Тие успешно беа спроведувани, почитувајќи го неделното планирање на наставните активности.

**17. Начин на реализација на просторно- временската организација**

Просторната организација се однесува на постојаните активности во секое наставно катче, отворено за тој наставен ден. Временската рамка на организацијата беше секојдневно, доследно временски спроведувана.

## 2.1. Заклучни согледувања

Анализата на податоците од опсервацијата на воспитно- образовната работа во паралелката I-3 при основното училиште „Петар Поп Арсов“, упатуваат на заклучок дека анимираните серии наоѓаат значајно место во методската организација на наставата, особено при интегративното планирање на истата.

Може да се истакне дека навистина станува збор за една новина или за нов пристап во реализацијата на наставата за првото деветгодишно образование, во која анимираната серија помага за осовременување на истата, но помага и во стекнување квалитативни и функционални знаења на учениците. Таа помага во развојот на концептот, курикулум фокусиран на детето, куликулум чија што основа е хуманизирање на средината за учење и развој на сензилибетот во приодите кон ученикот. Анимираната серија, како стратегија во работењето, помага интегративната настава да ја направи побогата, поквалитетна во нејзиното опстојување на просторот. Анимираната серија влијае во примената на интерактивниот стил во наставата, стил кој се базира на неколку носечки принципи, произлезени од универзалните димензии на образованието: различните приоди кон секој ученик, неговите индивидуални способности, развојот и напредокот на секој ученик, споделена одговорност на наставникот и ученикот, успехот во напредувањето, еднакви шанси за сите ученици. Овие ставови ги заговара новиот концепт на деветгодишното основно образование, концепт кој промовира нови педагошки вредности во образованието, кои со помош на цртаните филмови, успеваат да се одржат во наставата.

Меѓутоа мора да се напомене за големата специфичност и својственост во изнаоѓањето на патиштата, стратегиите во педагошкото влијание, кои ги спроведуваат одделенски наставници. Од нив се бара ентузијазам и мотивираност за работа во примената на дидактичкото средство.-филмот. Таа посветеност на наставникот, во процесот на опсервацијата, беше присутна и се јавуваше како природна последица од таквиот начин на работа.

Начинот во кој денес, животот, се појавува во образованието, но и обратно, можноста воспитанието и образованието да се живеат, го овозможува ваквиот приод во работењето на наставникот. Нашиот став е дека оваа стратегија е квалитативна и прифатлива, но не велиме дека е најдобра, напротив нашата тенденција е да се понудат докази добиени од реализацијата на ова истражување. Фактите говорат многу и тие се добиени од наставната практика, па упатуват импулси до сите стручни работници да се запрашаат за оправданоста и примената на цртаниот филм во наставата за прво одделение, да согледаат можност дека цртанот може и треба да стане дел од реализацијата на образовните цели. Се надеваме дека дадовме мал придонес во развојот на наставата, за кој придонесе, паралелката, која беше дел од истражувањето. Се определивме токму за таа паралелка, оти имавме сознанија дека анимираната серија е дел од нивните училишни активности.

## 3. Анализа и интерпретација на податоците добиени од полуструктурираното интервју

Полуструктуираното интервју беше реализирано со двете наставнички, Петранка Крстева и Билјана Каревска-одделенски наставници кои заедно ја водат целодневната настава во прво одделение, при основното училиште „Петар Поп Арсов", во Скопје. За оваа педагошка година, во прво одделение се ангажирани четири наставници, но поради спецификата во примената на самата „студија на случај", се одлучивме за двајца наставници, кои беа дел од истражувањето. Ова интервју беше спроведено посебно со секој наставник. Прашањата кои беа поставувани, главно произлегуваа од претходно составениот протокол за полуструктуираното интервју, но заради природата на ова квалитативно интервју, произлегуваа и други значајни прашања и одговори.

**3.1.1. По однос на првото прашање колку долго работите како одделенски наставник** го добивме следниот одговор:

- Петранка Крстева работи пет години, а пак Билјана Каревска веќе десет години како одделенски наставник во ОУ„ Петар Поп Арсов".

### 3.1.2. Карактеристики во методската поставеност на анимираните серии во наставата.

Наставничката Петранка Крстева како значајни карактеристики и специфики кои се препишуваат , ги издвои следниве:

- *Можност за интегрирана настава* во која, анимираната серија помага и ја насочува нејзината реализација. Содржините кои ги дава телевизијата се помагала и насока за реализација на целите од работниот ден, целите на секое програмско подрачје, текот и чекорите на активностите на наставникот и учениците, како и на сите организациони компоненти кои постојат во наставата.

- *Уредување на просторот-* секој дел од училницата е соодветно смислен и во функција на сето она што ќе се реализира како содржина и активност во одредениот период, со примената на цртаниот филм. Просторот е уреден за реализација на оперативните цели по предвидените наставни подрачја за работа за кои наставникот, организира и наставни катчиња .Просторот дава можност и за пријатно катче во кое е сместен телевизорот и дивидиплеерот, па можноста за примена на образовната телевизија, во потполност е задоволена, вели Петранка.

- *Однесувањето на наставникот во примената на цртаниот филм, како фактор за учење преку мотивираност-* Педагошкиот дел на пренесување на некое знаење останува во рацете на наставникот, но сега тој со помош на цртаниот филм, сака да ги мотивира учениците до нови знаења кои можат да се стекнат преку оваа наставно средство. Наставникот постојано ги води учениците во правилниот начин на нивното конзумирање, укажува како да ја разберат содржината, што да забележат, запомнат за да можат подоцна да продолжат со наставните активности, планирани за тој ден. Според зборовите на наставничката, учениците многу сакаат да гледаат цртани филмови и внимателно го следат однесувањето на наставникот во давањето на инструкции и сугестии.

- *Активности кои се потикнуваат со гледањето на цртаниот филм.* Самиот спакуван пакет од бои, слики, звуци, наречен цртан филм, придонесува, во поттикнување на понатамошни активности за работа . Самиот цртан, доколку е соодветно избран, дава соодветни знаења од различни области, како од математичките знаења, па се до ликовните принципи.

- *Децата го живеат животот во училницата.* Методичката организација на наставата со помош на цртаниот филм, е така смислена што на учениците им нуди живеење кое е блиско до нив и ги соочува со реални ситуации. Процесот на гледањето цртан филм како што вели Петранка, прави да се чуствуваат слободни, опуштени и релаксирани, па на тој начин, стекнуваат знаења.

- *Почитување на тематското и дневното планирање,* како што надополни Билјана, со примената на цртанот во училницата, не се менува концептот на дневното планирање кое произлегува од тематското и преставува негова понатамошна конкретизација на целите и начините на работа. Наставникот прави план за интегрираната настава, по предмети и активности и тој план си е својствен во секојдневната работа со првооделенците. Сега содржините од цртаните филмови, помагаат само во поквалитетна реализација на целите, поквалитетна настава и добивање на поквалитетни знаења, а самата организација на наставата останува иста.

### 3.1.3. Неопходни претпоставки за користење на анимираните содржини во наставата, се:

Наставничките се сложија дека позитивни ефекти од примената на анимираните содржини се добиваат со задоволување на некои претпоставки,

- *Постоење на материјални и технички услови во училиштето за користење на цртаниот филм.*
- *Подготовка на учениците за следење на часот.*
- *Постоење на јасно дефинирани цели и задачи кои ќе се постигнат со примена на цртаниот филм во наставата.*
- *Познавање на педагошките можности и особености на цртаниот филм.*
- *Наставната содржина да биде доволно податлива за визуелизација.*

### 3.1.4. Четвртото прашање се однесува на меѓусебната соработка помеѓу наставниците во процесот на планирање и реализација на наставата

Во контекст на ова прашање особено значајни се ставовите на Петранка Крстева, а со кои се согласува и наставничката Билјана Каровска. Одговорот се однесува на тоа дека соработката е секогаш потребна и присутна и дека она што е карактеристично за интергрирана настава се односите во кои не се препознава хиреархија во класична смисла. Сите наставници од одделенскиот актив, соработуваат и практично одлучуваат за се заедно. Средбите кои се реализираат секој петок, служат за соработка во заедничкото интеграрирано планирање на наставата, со правење план за интегративна настава, по наставните предмети и активности.

### 3.1.5. Методската поставеност на наставата во која се применува анимираниот филм во однос на макро и микро артикулацијата.

Добивме детални податоци за годишното планирање како макроартикулација и дневното планирање како дидактичка микроартикулација. Во таа насока Билјана истакна дека при годишното планирање се тргнува со планирање на наставните теми по предметот, *Запознавање на природата* и од нив се доаѓа до тематско планирање. Тоа понатаму се рачленува на целите по сите наставни предмети, методите и формите за работа, интегрираните содржини, техниките, методите за следење на постигањата на учениците и соработката со родителите. Во однос на микроартикулацијата, таа вели дека тоа се однесува на дневното планирање, при што наставникот се води според тематското планирање и тоа преставува натамошна конкретизација на целите и начинот на работа. Наставничката истакна дека се настојува, со користењето на цртаниот филм, да се осмислуваат работните активности, како би се развила внатрешната логика по пат на конкретна работа во наставата.

Во текот на реализацијата на полуструктуираното интервју се иницираа уште неколку значајни прашања на оваа тематика.

Во однос на прашањето за **изворот од каде се црпат содржините** , ги добивме следниве податоци. Наставничката истакна дека основен извор од каде се црпат содржините за потребите на наставата е цртаниот филм, но можат да се користат и се користат и други извори на знаења. Но таа исто така истакна дека при изборот на анимираните содржини, потребно е да се почитуваат следниве критериуми: да се внимава на возрасната структура на учениците во паралелката во која се емитуваат содржините, содржината да нуди конкретна активност и таа да им е блиска до нив, но и да ги мотивира во корисна активност и на крај во анимираната содржина да биде застапен интегративниот пристап во примената на различните програмски области.

**Водење на евиденција за развојот на детето**

Во таа насока добивме информација дека наставничките интензивно ги набљудуваат учениците во текот на истражувачкиот период и на тој начин формираат слика за секој ученик. Таа слика опфаќа податоци за развојот на детето од почетокот на училишната година. Со сликата се опфатени сите развојни психофизички карактеристики на ученикот, како и во физичките, социјалните, интелектуалните аспекти.

### 3.2. Заклучни согледувања

Податоците добиени преку спроведеното полуструктуирано интервју во основа ја изразуваат посветеноста на наставниците во методската поставеност на анимираните содржини во наставата и се искажува нивната желба за посовремена и поквалитетна реализација на целите, преку овој приод во работењето.

Во голема мера добиените податоци се компатибилни со податоците изнесени со анализата на годишниот план и програм на наставата за првото одделение, кои во основа ја чинат организацијата и реализацијата на наставната работа. Тие податоци се однесуваат на годишното, тематското и

дневното планирање, кои се и најзначајните карактеристики во методската организација, кај оваа паралелка. Значајни карактеристики на наставата која применува анимирани филмови се: понатамошни конкретни активности, тенденцијата за целосно вклучување на сите аспекти од развојот, просторното уредување на училницата и почитување на принципите во планирањето и подготвувањето во самата интегрирана настава. Целокупното теоретско планирање, одделенските наставници се обидуваа да го пренесат во секојдневните практични активности.

Одговорите на наставниците, поврзани со изворите за одредување на содржините во секојдневната работа, постоење на неопходните услови за примена на анимираните содржини, како и пристапот во евиденција на развојот на учениците ја надополнуваат сликата за педагошката стварност, креирана од анимираните содржини, но и од наставниците.

# IV. Користена литература


1. Адамческа, С. (1996), *Активна настава*, Скопје: Легис.
2. Адамческа, С. (1983), *Образовната телевизија и нејзината ефикасност во наставата по запознавање на природата во основното училиште*, Скопје:
3. Alex, N. K. (1988), *Using film, video and TV in the classroom*, ERIC Digest No 11 Bloomington IN: ERIC Clearinghouse on Reading and Communication Skills.
4. Ангелоска-Галевска, Н. (1998), *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието*, Битола: Киро Дандаро.
5. Богнар, Л., Матијевиќ, М. (2002), *Дидактика,* Загреб: Школска книга.
6. Бранковиħ, Н., Шимоњи – Чернак, Р. (2004), *Школа без слабих ученика*, Сомбор: Учитељски факултет.
7. British Film Institute, (2000), *Movie images in the classroom,* London: British Film Institute.
8. Вилотијевиќ, М. (2000), *Дидактика II*, Белград: Научна книга.
9. Gabelica, M. *Značenje videodružine i u medijskom obrazovanju učenika mlađih razreda osnovne škole*, Zagreb: Učiteljski fakultet.
10. Gardner, H. (1993), *Multiple intelligence: The theory in practice,* New York: Basic books.
11. Gardner, H. (1999), *Intellegence reframed: Multiple intellegences for the 21st century,* New York: Basic books.
12. Даниловиќ, М. (1996), *Савремена образовна технологија*, Белград: Институт за педагошка истраживања.
13. Drobnjak, N. (2007), *Obrazovna tehnologija*, Beograd: Učitelski fakultet.
14. Ѓорѓевиќ, Ј. (1988), *Утицај - научно - техничке револуције на промене у школи и на улога наставника*, Нови Сад: Педагошка стварност.
15. Zgaga, P. *Profesionalizacija obrazovanja nastavnika – akademski poziv*, Ljubljana: Univerzitet.

16. Zgrabljič Rotar, N. *Medijska pismenost i civilno društvo*, Sarajevo: MediaCentar.
17. Mikić, K. (2001), *Film u nastavi medijske kulture,* Zagreb: Educa
18. Министерство за образование и наука, (2007), *Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование*, Скопје: Биро за развој на образованието.
19. Никодиновска – Банчотовска, С. (1999), *Телевизијата како медиум за едукација*, Битола: Биангл.
20. Родек, С. (1988), *Дидактика медиума, неке проблеми и детерминанти*, Загреб: Педагошки рад.
21. Starc, B., Čudina – Obradović, M., Pleša, A. *Osobine i psihološki uvjeti razvoja deteta predškolske dobi*, Zagreb: Golden marketing.
22. Suzić, H. (1999), *Aktivna nastava, Interaktivno učenje*, Banjaluka: Ministarstvo prosvjete i UNICEF.
23. Hobbs, R. (1998), *The seven great debates in the media literacy movement,* Journal of communication.
24. Hoič – Božič, N. (2002-2004), *Radni materijali za kolegij multimediski sustavi namijenenjeni za internu upotrebu studenata.*
25. www.education.stateuniversity.com/pages/2212/Media-Influence-on-Children.html
26. www.euridice.org
27. www.ccgb.org.uk/Pages/history_of_the_cartoon.html
28. www.childrennow.org
29. www.lib.umd.edu
30. www.NPRO.edu.mk
31. www.mediahistory.umn.edu
32. www.RoditeljPortal.com
33. www.school.newsweek.com/pages/extra_media_literacy.html
34. www.hr.wikipedia.org/wiki/Film
35. www.hr.wikipedia.org/wiki/Masovni_mediji

# ПРИЛОЗИ

Протокол за полуструктуирано интервју
(полуструктуираното интервју ќе биде наменето за наставници)

Дата и ден

---

Соговорник

---

**Прашања:**

1. Колку долго работите како одделенски наставник ?

2. Што според Вас е карактеристично за метоската поставеност на анимираните серии во наставата?

3. Кои се неопходните претпоставки за користење на анимираните содржини во наставата?

4. Дали постои соработка помеѓу наставниците во процесот планирање и реализирање на воспитно - образовниот процес ?

5. Објаснете ја реализацијата на воспитно - образовниот процес при интегративното планирање, со помош на анимираните телевизиски содржини.

Протокол за набљудување

Дата и ден

______________________________________________

Реализатор

______________________________________________

Паралелка

______________________________________________

| | |
|---|---|
| Воспитно - образовни подрачја (интеграција) | |
| Воспитно - образовна тема | |
| Воспитно - образовна содржина | |
| Цел | |
| Задачи | |
| Форми на работа | |
| Методи | |

| | |
|---|---|
| Место на воспитно - образовната работа | |
| Опис и анализа на особините, улогата и статусот на наставникот | |
| Опис и анализа на улогата и статусот на детето | |
| Опис и анализа на вербалната комуникација меѓу субјектите | |
| Опис и анализа на невербалната комуникација меѓу субјектите | |
| Анализа на дидактичко - методска организација | |
| Анализа на просторно - временска организација | |

Прилог 1






Прилог 2


ОЛИВЕР
Наставно ливче по Математика
тесно-широко
Miodi
Doggy Dream Homes
обои!
3. Нацртај повеќе зеленчук!
4. Поврзи!
mr Bea
the animated s

Прилог 3



Прилог 4



Прилог 5



Прилог 6









Прилог 7



Прилог 8



Прилог 9






Прилог 10

## Наставно ливче по Математика

1. Направи множества на играчки според иста форма!



Прилог 11





Прилог 12


Наставно ливче по Математика
Ден
Ориентација на време
ноќ
на патчето, направи да биде ден.
3. Дополни за да биде ноќ!
4. Доцртај за да биде ноќ!

Прилог 13

